број 96/97 ISSN - 0351 - 9600

театарскигласник

#ДРАМСКИ ЗА Кочески

театарскигласник

главен и одговорен уредник
Ристе Стефановски

број 96/97
ISSN - 0351 - 9600

НУ ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ
www.dramskiteatar.com.mk

ул. „Шекспирова“ бр. 15, 1000, Скопје,
Република Македонија
телефон: +389 2 3063 388
e-mail: info@dramskiteatar.com.mk
web: dramskiteatar.com.mk

Скопје,
ноември 2021 година

Содржина

#Драмски за Конески	5
Порака по повод Светскиот ден на театарот	9
Македонската порака по повод Светскиот ден на театарот	11
ИСТОРИЈА	**14**
Театарските игри (1987 - 1993) - Ристе Стефановски	15
ЛИЧНОСТИ	**48**
Злото се победува со театар - Ана Иљоска	49
ИНТЕРВЈУ	**56**
Ја впив сета „прашина“ на Глембаеви - Каролина Мицевска	57
КНИГИ	**60**
Кон монографијата „Горан во драмски“ - Александра Бошковска	61
Кон „Театарски рабови“ од Тодор кузманов - Матко Сршен и Јовица Поповиќ	63
Без крајности и безгрешни богови - Блаже Миневски	67
РЕЦЕНЗИИ НА ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛИ	**74**
Добра продукција во пандемиски услови - Каролина Мицевска	75
Доделени наградите на ИФАД „Стоби“ - Сашо Димоски	79
Театарот е лудило што се пренесува - Гоце Ристовски	81
Во време на пандемија квалитетна драмска програма на 61-то Охридско лето - Сузана Вренцовска	95
РЕЦЕНЗИИ НА ПРЕТСТАВИ	**104**
Театарски претстави 2020/2021 - Тодор Кузманов	105
IN MEMORIAM	**110**
Љупчо Петрушевски (1945 - 2020)	111
Кирил Псалтиров (1945 - 2020)	113
Благој Стефановски – Баге (1953 – 2020)	114
Елена Бранко Јосимовска (1947-2021)	117

ПРОГРАМА НА ТЕАТАРСКАТА СЕЗОНА 2020/2021 **118**
Македонски народен театар 119
Драмски театар Скопје 120
Албански театар скопје 121
Театар Комедија 122
Турски театар 122
Театар за деца и младинци 124
НУЦК ЈХК Цинот - Велес 126
НУЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово 128
НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип 130
Народен театар Битола 132
НУЦК„Марко Цепенков“ Прилеп - Театар „Војдан Чернодрински“ 134
НУЦК „Антон Панов“ - Струмица 135
Народен Театар Охрид 1361

#ДРАМСКИ ЗА КОНЕСКИ

До седмата година сум живеел на село, во Небрегово, а од седмата во Прилеп.

Имам доста впечатоци, сеќавања. До седмата година воопшто не паметам некоја случка да ме заболела. Можеме да кажеме дека тоа е еден совршено среќен период во моето детство. Ова важи за првите години, после беше поинаку, по преселувањето во Прилеп.

Се сеќавам за Коледе или Василица. Татко ми ме носи сред село. Уште не е разденето. Зима. Уште е ноќ. Распален силен оган. Татко ми ме држи за рацете. Тоа се сеќавам. А, се сеќавам, да речеме, и за тоа – како мојата стрина Вета за која јас заправо бев најмногу приврзан, повеќе од колку за мајка ми, таа всушност ме одгледа, ме носи, исто зиме, на рекчето да го поиме коњот. Јас сум качен на коњот. Се сеќавам како таа го крши мразот, коњот пие вода. Се сеќавам за кучињата. Мурџо и Шаро. И сега можам да ги замислам какви беа... За нашиот овчар Трајко, за овците, козите, воловите. За тоа, како се враќаа прасињата навечер од пасење и трчаа на коритцето да јадат помија.

***

На шест години јас сум тргнал на училиште и ги паметам учителката, буквarот, годишните завршни испити, кога доаѓаше школскиот надзорник. А инаку, од оваа претшколска возраст имам едно интересно сеќавање малку проткаено со хумор. Имаше свадба во селото. Малку подалеку од нашата куќа. Во нашето село куќите се на два ката, приземје и кат и имаат оние, нели, примитивни балкони. Ние „балкани“ ги викавме. Јас таму на балконот качен гледам и ми се чини дека сватовите влегуваат низ баца. И самиот си се смеам – како тоа сега, како тоа може да станува... А после тоа си го објаснив, по цел ред години понатаму, како последица од мојата кратковидост. Јас сум изразито кратковид и веројатно тоа била некоја моја комбинација...

***

Ќе ви кажам за првиот сон. Јас спиев со баба ми Дунавка и стрина ми Вета. И, тие, жени, си расправаа често пати сништа. И еден ден, кога се разбудивме, јас им објавив дека и јас сум видел сон. И,тие ме прашаат – Каков. Јас велам: црн! Црн сон. – А всушност, се сеќавам дека кога заспивав ги стискав очите, и пред очите се мрежи тогаш, некакви нејасни, темни слики се јавуваат и јас сметав е тоа сон.

***

Роден сум на Св. Никола. Тоа не го велам случајно, тоа е наш сведен. Гостите биле в црква, кога се вратиле јас сум бил роден. И тогаш настанала веселба. – Нашата куќа беше отворена и многу идеа гости. Нашата фамилија е доста позната во тој крај. Јас секогаш сум имал, така да кажам, свој репертоар пред гостите. Самиот не се сеќавам за тој свој репертоар, но после ми кажувале дека една точка била да ги канам гостите кај Курачка на свадба. Ке дојдат гостите, тогаш јас ги канам. Имаше некој си Курачка во селото – да повелите, да дојдете кај Курачка на свадба. Тоа беше мојата точка. Инаку, и ние одевме на гости. Татко ми имаше чеза и беше направил на чезата сандаче од зади.. Три деца бевме. Јас и две сестри, а две деца умреле. Едно братче и една сестра помлади од мене. Татко ми и мајка ми напред на чезата, а ние назад во сандачето и одевме од Небрегово во Мажучишта особено. Тоа е селото на мајка ми. Инаку, се сеќавам и за свадби селски. Меѓу другото, кога прв пат сум почувствувал и дејство на алкохол. На една таква свадба ми дале да пијам и јас потоа таа необична состојба, ја доживеав во некоја мера.

***

Ние паметиме, наназад ако броиме, до пет генерации. Првиот, што се доселил во Небрегово, од Дебарско – Ристе. Ристе имал син Ѓоргија. Ѓоргија имал тројца синови: Соколе, Коне и Јонче. Коне е мојот дедо. Коне имал син Крсте. Тој е загинатиот. И Ордан. Тоа е мојот татко. И не знам колку ќерки. Можеби десетина.

Јас секаде во Прилепско имав тетки. Многу женски деца се раѓале. При тоа помислете, и на баба ми Дунавка и на дедо ми Конета втор брак им бил. И таа донесла деца од првиот брак и затекла кај него, и уште се природиле. Инаку, нашата фамилија е позната под името Љамевци. И многу е интересно... Јас сега, кога требаше да вадиме нова лична карта, пред три-четири години кога требаше да се види како сум јас заведен во Парохијанската книга, добив уверение дека јас сум таму заведен како Благоја Љамески. Точно во македонска форма. Благоја Љамески.

***

Мојот интерес за литература се побуди од баба ми Дунавка, всушност таа и даваше сок на мојата фантазија. Таа беше многу интересна жена, паметна, работлива, пожртвувана со тежок опит. Имаше дарба за раскажување и интерпретирање на песните. Таа не пееше, како постара жена. И толку жалости видела. Меѓутоа, ги кажуваше песните со народен речитатив. Јас македонските народни песни и легенди од неа ги имам чуено прв пат и тоа таа раскажуваше на еден впечатлив начин. На пример, легендите за Марко Крале, јас ги знам од неа. После и сум читал... Од неа ја знам и нашата фамилијарна хроника.

***

Јас сум имал однос различен спрема мајката и спрема таткото. Мајка ми била, сепак, како мајка, построга и често пати поставувала барања што можеле и да не ни се свиѓаат нам, на децата. Тоа е нејзина улога. Не можела поинаку да постапува. Извонредно пожртвувана жена, многу работлива, со многу човечки квалитети. И колку што минело време се повеќе сум ја ценел, а сега најмногу ја ценам. А татко ми просто сум го сакал неверојатно, на силен начин. Тој беше благ човек, убав. Убав и физички. И тих. Воопшто кај него не се знаеше лутина. Во нашата куќа немало случај на тепање деца. Татко ми беше еден човек, мислам со етички квалитети од висок ранг. На пример, тој не даваше да се знае колку му е нему тешко. Тој сепак имал тешки моменти кога требало да се грижи за фамилијата. Останувал и без работа. Никогаш тој своите маки, тегоби, не ги пренесувал. На тој начин не давал децата да ги почувствуваат. Јас такво нешто не паметам. И, еве ќе ви кажам еден неверојатен случај од крајот на неговиот живот. Ние не знаевме дека е тој болен од рак. Јас требаше да одам за Америка. Тој мене ме испрати на тоа патување. Се поздравивме. Јас не знаев колку е тој болен. И по петнаесет дена јас се наоѓав во Норвешка, дојде веста дека тој починал на операција. Ние не знаевме какви болки трпел за тоа време.

***

Јас сум убеден дека секој литературен текст е порака. Јас многу радо го употребувам зборот порака, кога е во прашање литературен текст. Мслам дека ние и пишуваме за порака да пренесеме. И една песна, лирска, и така натака за нас мора да претстаува еден важен внатрешен проблем, или, ако сакате, доживување што има некакво значење за да биде соопштено. Ние не соопштуваме се. Ако е нешто за нас багателно, ако не може да се сфати како порака извесна, ние избегнуваме тоа да го соопштуваме, затоа што тогаш останuваме само брбливи луѓе, што ќе им падне на памет кажуваат. А кога соопштуваме нешто, за кое сметаме дека е важно, ние заправо правиме една порака. Тоа е. Така што тука не би поставил граница. Може на пример, во поентата на еден трелст да се почувствува по нешто што е основната замисла или порака на текстот. Може тиа да се оичувствува и во насловот дури. Може првите реченици. Тоа е прашање веќе на композицијата, на околностите и тука нема некое тврдо правило како треба да се постапува. Но, текстот треба да соопшти нешто важно. Ова што ние сега како порака го именуваме, во поетиката на Лав Толстој, што јас стопроцентно ја примам, тоа вака се дефинира: Текстот треба да кажува нешто важно.

Извадок од книгата „Разговори со Конески“ од авторот Цане Андреевски

#Драмски за Конески - 10.6.2020 година

Драматизација: Катарина Коцевска Хаџи Василева

Учествуваат: Анастас Тановски, Лилјана Вељанова, Дејан Лилиќ, Игор Ангелов, Зоран Љутков, Маја Вељковиќ Пановска, Драган Спасов Дац, Јелена Жугиќ, Дамјан Цветановски

ПОРАКА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ТЕАТАРОТ

Светскиот ден на театарот (2021) на Хелен Мирен

„Ова време е многу тешко за изведувачките уметности; тешко е за многуте уметници, техничари и занаетчии; за жените што се борат за своето место во оваа професија, која бездруго е обележена со несигурност.

Можеби оваа постојано присутна несигурност ги направи театарциите поспособни да ја преживеат оваа пандемија со мудрост и храброст.

Нивната имагинација како самата да се преведува и да се пренесува, во овие нови околности, во овие инвентивни, забавни и трогателни начини на комуникација, благодарение на насоките кои интернетот претежно ни ги наметнува.

Луѓето меѓусебно си раскажувале приказни откако постојат на планетава. Убавата култура на театарот ќе живее додека ние опстојуваме на неа.

Креативниот нагон на писателите, дизајнерите, танчарите, актерите, музичарите, режисерите, никогаш нема да биде потиснат, а во блиската иднина тој повторно ќе процвета, со една нова енергија и нови разбирања на светов, кој сите ние го делиме.

Едвај чекам!“

Хелен Мирен (актерка), Велика Британија

Хелен Мирен (актерка),
Велика Британија



Превод на македонски јазик: д-р Иванка Апостолова-Баскар (Скопје, 2021)

МАКЕДОНСКА ПОРАКА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ТЕАТАРОТ

Сузан Акбелге – актерка,
НУ Турска драма, Скопје



Дали животот е сон?

Дали сонот е живот?

Зарем битисувањето на сцена не е сонување со очи широм отворени?

Меѓу просторот што магично се протега помеѓу актерот и публиката, сега и тука, пореално дури и од самите себеси, е она што ја исполнува суштината на театарот. Зарем не звучи како љубовта која е интимна, бескрајна, безвремена... Дадена само и само по своја волја... слободна.

Само љубовта може да ја смени неговата душа и само вистинската љубов може да го смени светот, да го оттргне волчиот замав од патот на алчноста и кукавичлукот кон оној на честа, охрабрен.

Бертолд Брехт прашува: „Во мрачните времиња ќе има ли пеење?“ и одговара: „Да, ќе има пеење за мрачните времиња.“

Во далечната 1606 година, кога во Лондон за време на големата чума театрите биле повеќе затворени отколку отворени, Вилијам Шекспир во самоизолација ги создал двете култни драми *Кралот Лир* и *Магбет*... Актерите ги напуштиле големите градови додека претставите се изведувале на отворено во помалите места.

Деновиве додека чувствуваме дека отсекаде нè демне невидливиот тиранин, водени од палката на неговиот ритам, тој кој нè присили да се прибереме не само во своите домови туку пред сè во себеси... за првпат по долго време какафонија... (пауза)... монолог.

Толку тивок, а толку гласен, толку слободен, а заробен.

Кризите секогаш се шанса за преобразба. Какви суштински промени ќе донесат последиците од пандемијата сè уште не знаеме, но она што со сигурност го знаеме е дека светот во којшто човечката жед за консумирање го достигна врвот, наспроти битисувањето и креирањето, човечката рамнодушност кон сè околу него, општествената матрица која на сила втурнува политички чиновници што уништуваат институции и цели генерации луѓе... актери, е неодржлив и дека промените се неминовни и нужни како на општествено, така и на социјално, економско, човечко и културолошко ниво.

Кога сите дефиниции за театарот паѓаат во вода за време на криза, предизвик и културна обврска на секој поединец уметник е да повикува на повисок степен на одговорност,

иновативност, креативности, истражување на нови модели и форми на театарско битисување сега и во иднина.

Денеска на Светскиот ден на театарот, во време на голема криза кога во изобилие го имаме само времето... Ве поканувам да сонуваме со очи ширум отворени, да ја разбудиме креативноста преку која постоиме.

На крајот, ве поздравувам со зборовите на бардот на македонската драма, Горан Стефановски:

„Ќе зборуваме или ќе работиме?“

Сузан Акбелге – актерка, НУ Турска драма, Скопје

ИСТОРИЈА

Ристе Стефановски

ТЕАТАРСКИТЕ ИГРИ (1987 - 1993)

Оваа 2021 година се одржаа 55. игри на МТФ „Војдан Чернодрински“ во Прилеп од 1 до 8 октомври. Со оглед на фактот што во 1990 година Иван Ивановски ја објави книгата „25 години театарски игри Војдан Чернодрински“ (првата претстава на овој фестивал е одржана на 4 јуни во далечната 1965 година) која ги опфаќа текстовите за првите години на оваа манифестација – а пред десетина години пропадна идејата за објавување на исцрпна монографија за овој фестивал за чија подготовка иницијатори беа, меѓу другите, Исмаил Ѓунер и Благоја Ристески-Платнар, чиј ракопис го „проголта“ Институтот за театрологија – јас како главен и одговорен уредник и иницијатор за покренувањето на „Театарски гласник“, а и како претседател на неговиот Совет во 1995/96 година, во својот ДНЕВНИК Мојот театар, моите вистини, записи, сведоштва и сеќавања грижливо водев евиденција за настаните што се случуваа на него. Со цел нашите читатели да не бидат „оштетени“ од беспарицата што нè следи годиниве, а и поради фактот што веќе изумреа најголемиот број од протагонистите, во списаниево ги објавуваме 1987–1993 година, идните генерации да ги имаат на увид и овие податоци.

XXII Театарски игри (5-14 мај 1987 година)

И во 1987 година, како и една година пред тоа, Театарските игри „Војдан Чернодрински“ во Прилеп се одржаа пред почетокот на Стериното позорје ’87 во Нови Сад со непроменет состав на Советот од 21 член (Афродита Кирјакова, Атанас Тасески, Борис Чоревски, Бошко Димитров, Димитрие Османли, Емил Рубен, Живко Пешевски, Илија Милчин, Коле Гарбески, Киро Пешоски, Лазар Атанасов, Љубиша Никодиновски, Ненад Милосављевиќ, Петре Бакевски, Ристо Јачев, Сефедин Нуредини, Тачко Локвенец, Томе Момировски, Трајче Иваноски, Трајче Попоски и Џемаил Максут. Единствената измена се состоеше во тоа што Владо Денчев, претставник на Народниот театар од Куманово беше заменет со Живко Пешевски, артист од истиот театар). На чело на овој совет и натаму се задржа познатиот македонски драмски уметник и педагог Илија Милчин, завршувајќи го на тој начин својот максимален четиригодишен претседателски мандат, со тоа што остана истиот секретар (Тачко Локвенец), а беше воведена и една нова функција во секретаријатот – технички секретар (Коле Гарбески).

Исто така, како и минатата и оваа година, Игрите ги отвори Народниот театар од Битола, што не беше ни најмалку случајно, ни инцидентно, туку резултат на сè поевидентниот подем и афирмација на спомнатиов театарски колектив во поширок југословенски размери. Потврда за ова беше и неговата сценска реализација – пиесата „Калуѓерички тишини“ од истакнатиот хрватски и југословенски драмски писател Слободан Шнајдер, во режија на Владимир Милчин. Оваа прва фестивалска претстава во конкуренцијата за награди беше прв, но за жал и еден од поретките и најголем блесок на Игрите ’87, поради што имаше целосна оправданост укажувањето на некои од учесниците на Тркалезната маса на критиката (разговорите ги водеше Ристо Јачев) дека со изведби од форматот на битолскиот сценски проект „фестивалот во Прилеп нема за што да стравува“. Што се однесува до претставата „Калуѓерички тишини“ која во секој поглед беше супериорна и која практично немаше некоја поголема и посериозна конкуренција во другите претстави, таа доби извонредно високи

оценки а не изостана ни одушевувањето на публиката. Тешко е точно да се одреди за што најмногу се говореше во суперлативи – дали за драмскиот текст на Шнајдер, во кој на еден мошне сугестивен начин авторот го открива вечниот проблем на човештвото – слободата; дали за постановката на Вл. Милчин, која во негово мошне инвентивно, интелигентно и продуховено толкување „Калуѓеричките тишини“ прозвучија драмски возбудливо (тој ја доби наградата за режија); дали за колективната игра на целиот изведувачки состав и посебно за мошне впечатливите креации на доајенот на македонската глума Илија Милчин к.г., кој оваа година ја доби наградата за актерски опус, и младата артистка Сузана Киранциска, која го повтори минатогодишниот успех на својата колешка Соња Михајлова, освојувајќи две награди – една од официјалното жири за најдобро актерско остварување и една од жирито на ревијата „Екран“ за најдобар млад актер. Извонредниот успех на оваа битолска претстава беше крунисан и со најзначајното признание – наградата за најдобра претстава во целина, добивајќи ја истовремено и „Златната плакета“ на весникот „Нова Македонија“. Ако кон сиве овие признанија се додадат уште и: наградата што ја освои Крсте Цидров за сценографија на „Калуѓеричките тишини“ и првпат востановената награда за најдобар театарски плакат, што ја доби Илија Бојациев за истата претстава, тогаш сам по себе се наметнува впечатокот за вистинскиот триумф што го доживеа овој најнов сценски проект на битолскиот Народен театар на фестивалот во Прилеп во 1987 г. Жирито во состав: Ферид Мухиќ, претседател, Атанас Вангелов, Томислав Османли, Љубиша Никодимовски и Јосиф Јосифовски имаше за што да биде толку „дарежливо“ за битолскиот ансамбл. И добро направи што не ги делеше наградите според познатиот принцип – секому по малку, туку раководејќи се исклучиво од естетските критериуми ги концентрира признанијата таму каде што тие заслужуваа да се најдат, односно каде што им е вистинското место.

Таков мошне успешен, охрабрувачки и ветувачки беше почетокот, но не и продолжението на овој фестивал. Зашто веќе втората по ред фестивалска претстава – комедијата „Родољупци“ од Јован Стерија Поповиќ, со која се претстави Народниот театар од Штип, целосно разочара. Едно од позанимливите мислења пренесени од разговорите на Тркалезната маса на критиката тоа најубаво го илустрира: „Претставата штипските артисти ја одиграа млитаво, неорганизирано, без жар“. Така едно весело позорје се претвори во невесело – и за публиката и за хроничарите на театарските игри во Прилеп. Ништо подобро не беше кажано ни за режијата на Душан Наумовски, ни за играта макар на некои од артистите на ова остварување.

Наредната фестивалска претстава – „Страшно е надвор“ од сараевскиот театролог, есеист, драматичар и раскажувач Џевад Карахасан (режисер: Наум Пановски), во продукција на Народниот театар од Куманово само делумно го поправи впечатокот од претходната фестивалска вечер. Овој сценски проект на разговорите на Тркалезната маса на критиката подеднакво се критикуваше и се фалеше, со тоа што пожестоки беа критичките разгледувања, а нешто малку порезервирани пофалбите. Една од дилемите што како провокација се наметна, може да се синтетизира во прашањето на писателот и театарски критичар Бранко Варошлија за тоа „дали идејата може да се глуми“? Не само поради ова туку и поради фактот што во кумановската фестивалска претстава „комуникацијата со публиката не беше доволно изразена“, оваа изведба не наиде на некое поголемо прифаќање. Извесни позитивни оценки можеа да се слушнат единствено за режија на Наум Пановски и за играта на Горан Илиќ и Владо Денчев, кои ги креираа улогите на Миле и Иле.

Веројатно една од посодржајните и најбогати дискусии се одржа по повод настапот на Драмскиот театар од Скопје со пиесата на Горан Стефановски – „Тетовирани души“ на режисерот Паоло Мацели к.г. Разговорите на Тркалезната маса на критиката беа збогатени со учество на: Коле Чашуле, Богомил Ѓузел, Кирил Темков, Томислав Османли, Љупчо Петрушевски и др. кои понудија мали есеистички разгледувања колку за достоинствата на текстот („Тетовирани души“ не се знак за препознавање на телото, туку лузна на душата за сите наши болки“ – Атанас Вангелов), толку, ако не и повеќе за

сценската презентација на спомнатиот текст. Една од темите што ја наметна К. Темков беше врската меѓу Чашулевата пиеса „Вејка на ветрот“ и „Тетовирани души“, а не беше мал бројот на оние што се определија за компарации на постановките на Мацели и Слободан Унковски. Високовреднуваниот текст на Горан Стефановски најде одраз во решенијата на жири-комисијата – ја доби наградата за најдобро драмско дело. Жирито не можеше да ги заобиколи ни извонредните креации на Мето Јовановски во улогата на Цибра и на Стево Спасовски, кој ја толкуваше малата, но ефектна улога на Стрезо, првиот добивајќи една од петте рамноправни награди за најдобро актерско остварување, а вториот освојувајќи ја наградата за најдобра епизодна ролја „Димче Трајковски“.

Освен „Родољупци“ на штипскиот Народен театар, и уште една друга фестивалска претстава („Шофери“ на Ласло Вегел, во изведба на народниот театар „Војдан Чернодрински“ од Прилеп „не доби преодна оценка“, како што известувачот на „Нова Македонија“ Тачко Локвенец знаеше да ги коментира претставите со доста неотпорности. Најмногу критички забележувања беа упатени на адреса на текстот на Л. Вегел, познат повеќе како театарски критичар и театролог, отколку како драмски автор. За неговиот драмски првенец „Шофери“ можеше да се чуе мислење дека е „лош“, дека „тој скита во комплицираните драмски коридори, место да се впушта во сценска симплификација, која има што да ѝ порача на публиката и што да понесе“. Ништо подобро не помина ни постановката на Владо Цветановски, која според еднодушно мислење на учесниците на разговорите на Тркалезната маса на критиката беше слаба, бескрвна, без поголеми автентични белези. Во тоа сивило се втопи и актерската екипа во овој прилепски сценски проект, кој претставуваше едно од најслабите изданија на театарот од градот под Маркови кули, а нема многу да се згреши ако се рече – и комплетно разочарување и промашување.

Меѓутоа, за среќа, веќе наредните три фестивалски претстави, посебно претставите на народниот театар „Антон Панов“ од Струмица и на Албанската драма на Театарот на народностите од Скопје ја продолжија нагорната линија што ја означија на почетокот на фестивалот наведените сценски реализации пред сè на Народниот театар од Битола, а исто така и на скопскиот Драмски театар.

Вистинското враќање во животот на Игрите, ако така може да се каже, што струмичкиот театарски колектив го започна со минатогодишната впечатлива изведба на пиесата „Бледица“ од Васе Манчев, оваа година го продолжи со изведбата на драмата „Големиот смок“ од македонскиот романсиер и раскажувач Митко Мацунков, во режија на Бранко Ставрев. Беше тоа едно од поубавите уметнички доживувања на фестивалот, за што голема заслуга за тоа имаа подеднакво и спомнатиот режисер кој го „разигрува овој читлив текст и од него гради фреска“, и комплетната артистичка екипа, во која, сепак со своите вдахновени интерпретации отскокнуваа Мите Грозданов к.г. и Зора Георгиева, која стана лауреат на една од петте награди за најдобро актерско остварување, и текстот на Мацунков работен според мотивите на два негови расказа во кои нејзиниот автор едно општествено зло – отуѓувањето на општествениот имот, односно кражбата го сместува во митското верување за големиот смок, како метафора на злото воопшто, презентирајќи ни драмско дејствие во многу чисти и јасни линии. Иако ова дело беше прикажано како оригинален драмски текст, иако никаде не стоеше (ни во каталог, ни во билтените) дека е во прашање сценска адаптација и сл., жирито најде за сходно на Мацунков да му додели награда за драматизација.

„Протекција“ од Бранислав Нушиќ во толкување на Турската драма при Театарот на народностите од Скопје и во режисерското видување на Бранко Ставрев беше „допадлива и занимлива за публиката“ пред сè поради обидот за едно ново и посовремено презентирање на Нушиќевата комедиографија, иако во случајов не стануваше збор за некое од позначајните комедиографски остварувања на големиот српски и југословенски мајстор на комедиографијата. Редуцираниот хумор во оваа фестивалска претстава, односно скратената верзија на текстот, меѓутоа, режиски збогатена со многу убави детали, наидоа на одобрување, како што на симпатии и убав прием наиде и играта на целиот ансамбл, посебно креацијата

на Љутви Сејфула, кој стана еден од петте лауреати за најдобро актерско остварување.

На уште пошироко и поегзалтирано прифаќање наиде претставата на Албанската драма при Театарот на народностите од Скопје – „Сауна“ од словенечкиот драмски писател Руди Шелиго, што ја режираше Рахим Бурхан. Најмногу комплименти на разговорите на Тркалезната маса на критиката доби гостинскиот режисер, кој со посебно пројавеното чувство за симболи и ритуал „извлече силен драмски набој“ и кој на претставата ѝ „вдахна античко-космополитска ширина што ја подигна на ниво на симплифицирана игра“. Целиот изведувачки апарат беше на нивото на поставената задача, а ако сакаме да ги издвоиме најубавите артистички „бисери“ во оваа сценска реализација, тогаш нив треба да ги бараме најмногу во одличните креации на Бајруш Мјаку, Сефедин Нуредини и Силвана Бајчиновци. Меѓу високите квалитети на оваа фестивалска претстава да ја спомнеме уште и музиката на Љупчо Константинов, кој стана добитник на наградата за најдобро музичко остварување.

Последните две фестивалски претстави во натпреварувачкиот дел на XXII театарски игри „Војдан Чернодрински“ во Прилеп, кои беа прикажани во една иста вечер – првата во својот вообичаен термин од 19:30 часот, а втората од 22:00 часот, ни донесоа средби со комедиографски дела. Така, Драмата на Македонскиот народен театар ја прикажа комедијата „Ништо без Трифолио“ од македонскиот драмски писател Русомир Богдановски (режисер: Слободан Унковски), додека титоввелешкиот Народен театар „Јордан Хациконстантинов–Џинот“ се претстави со едно од најкапиталните дела на светската драмска класика – со прочуеното Молиерово комедиографско дело „Дон Жуан“, во режија на Коле Ангеловски. Додека скопскиот ансамбл ѝ овозможи на фестивалската публика едно мошне пријатно уметничко доживување, еден спектакл на бои и звуци (костимограф на оваа свежа и полетна претстава Ѓорѓи Здравев доби награда за нејзино костимографско оформување), една раздвижена и неконвенционална игра во која една посебна свежина ѝ даваа новите актерски сили – Синоличка Трпкова и Ѓорѓи Јолевски, добитници на наградата за најдобар млад актер, како и Анче Џамбазова (таа за улогата на Лавандула освои награда за најдобро актерско остварување), проектот на Народниот театар од Титов Велес се покажа за премногу амбициозен, иако во него имаше места кои беа убаво изрежирани и актерски остварени.

Завесата на XXII театарски игри „Војдан Чернодрински“ во Прилеп беше спуштена со претставата на пиесата „Чорбаџи Теодос“ од Васил Иљоски, во режија на Петре Прличко и Тодор Николовски, што беше прикажана во чест на наградените и со која гостуваше Драмата на МНТ.

Придружните манифестации, како мошне значајна составка на целокупната програма на овој фестивал беа и помалубројни и по квалитет нешто послаби од оние во 1986 г. Иако Игрите ’87 се одвиваа под знакот на прославата – 50 години од доаѓањето на Тито на чело на КПЈ, односно СКЈ, овој значаен јубилеј скоро и да не беше одбележан. Во редот на поинтересните и квалитетно поиздржани придружни манифестации треба да се вбројат дуодрамите на скопскиот Драмски театар – „Добра ноќ мајко“ од Марша Норман, во режија на Мето Јовановски, а со мошне успешен настап на Нада Гешоска и Сабина Тозија, и „Сара Бернард“ од Џон Марел на режисерот Димитар Станковски и во артистичка изведба на Лилјана Велјанова и Гоце Тодоровски, и претставата на Македонскиот народен театар „Малограѓанска свадба“ од Бертолт Брехт во режија на Владо Цветановски. Триесет и петгодишната уметничка дејност на првенецот на Турската драма при Театарот на народностите, сега артист во пензија – Љутви Сејфула беше убав повод да се организира вечер посветена на неговото актерско творештво, па монолозите и настапите со дел од своите постари и помлади колеги беа една фина ракатка од содржини што значеа убаво освежување на и онака поскромните придружни манифестации, од една, и од друга страна – убаво одолжување на фестивалот во Прилеп кон творештвото на еден од најистакнатите артисти не само во Театарот на народностите, туку и во Македонија – Љутви Сејфула. Со своевидно интересирање и љубопитство беше проследена и изведбата на пиесата „Четворка“ од познатиот полски драмски писател Славомир Мрожек на студентите од III година

на Факултетот за драмски уметности во Скопје, од касата на професорот Вукан Диневски. Овде да ја спомнеме уште и единствената монодрама, прикажана на Игрите – „Трајан – аталот од Бучин“ од Жига Ислам, во сценска адаптација и интерпретација на Душко Ѓорѓиоски. И тоа практично беше сè од сценските реализации презентирани во рамките на придружните манифестации, кои беа докомплетирани уште и со две промоции на книги – првата промоција за книгата портрети на македонски актери – „Против заборавот на времето“ од Иван Ивановски, што ја промовираа Благоја Иванов и Владимир Милчин, и втората промоција за три драмски текстови во издание на Издавачката работна организација „Стремеж“ од Прилеп. Тоа се текстовите на Богомил Ѓузел – „Апокалипса“, на Благоја Ристески – „Спиро Црне“ и на Младен Србиновски – „Снежана и седумте џуџиња“, за кои говореа: Ферид Мухиќ, Атанас Вангелов и Јадранка Владова.

Дваесет и вторите театарски игри „Војдан Чернодрински“ во Прилеп беа искористени и за одржување основачко собрание на Заедницата на професионалните театри од СР Македонија, кое дојде како еден вид замена на симпозиумите и советувањата за состојбите во нашиот театар, зашто на него можеа да се слушнат повеќе занимливи, конструктивни и продуктивни мислења. Така, Ристо Стефановски говореше за непостоењето на најнеопходните стандарди во работата на театрите во нашата република без кои не е можно да се обезбедува една поконтинуирана и поквалитетна дејност. Владимир Милчин, пак, своето внимание го имаше насочено кон императивната потреба од истражување и експериментирање, што кај нас се минимални за да се оствари една поголема клима и атмосфера во создавањето нови и позначајни вредности во нашата театарска култура, за да се следат современите текови итн. Значајни беа размислувањата и сугестиите и на другите претставници на професионалните театри од СРМ, посебно оние на Благоја Чоревски, Љупчо Петрушевски и Благоја Стефановски, кои ја сочинуваа работната група, што во соработка со сличните заедници во земјата, а посебно со Заедницата на професионалните театри на Босна и Херцеговина од Сараево, требаше да обликува свој концепт, да подготви статут и сл. за работа на македонската асоцијација. Меѓутоа, оваа иницијатива остана на хартија. И големо прашање е дали воопшто ќе се реализира.

На крајот да истакнеме дека сите награди жирито ги донесе едногласно. Тоа, сметајќи за своја обврска и привилегија да даде оценка, во одлуката ќе констатира дека „театарската уметност во СР Македонија е во изразит и творечки значаен подем во сите сфери на театарскиот израз“ и дека театарските игри „Војдан Чернодрински“ ’87 „покажаа голема отвореност и кон театарските текстови од други републики, така што се дефинираа како изразито југословенски по својот карактер“. Последниот пасус на оваа одлука се однесуваше на категоричното становиште на жири-комисијата „Игрите да останат во градот-домаќин“, кој и во оваа прилика ја потврди не само својата организациона поставеност, туку го докажа и извонредно високиот дострел на творечките, научно-теоретските и општествените резултати“.

XXIII Театарски игри (6-16 мај 1988 година)

Репертоарско шаренило, непостоење континуитет во работата, неуедначеност на вредностите – овие и некои други карактеристики беа посебно искажани на Дваесет и третите театарски игри „Војдан Чернодрински“ во Прилеп. Ако од една страна на програмата на Игрите можеа да се сретнат сценски реализации на едно завидно уметничко ниво, од друга – на лице беа претставени без еден поизразит професионализам. Застојот и разликите во квалитетот на изведбите беше особено забележлив кај изведувачките состави од внатрешноста на Републиката, со исклучок на струмичкиот и посебно на битолскиот Народен театар, кој несомнено е во подем и кој во репертоарски, кадровски и друг поглед малку или воопшто не изостанува од другите театри во земјата. Токму ваквата констелација на работите го актуализира којзнае по кој пат прашањето за воведување на селекција, односно на селектор, што бездруго би гарантирал многу поголем квалитет на едногодишната продукција, еден пресек на најрелевантното и сл.

Овде да го истакнеме радосниот факт за сè поголемиот пробив на домашниот, пред сè

македонски современ драмски текст. Не се без значење ни придружните манифестации, кои сѐ повеќе се наложуваат со својот проверен квалитет и кои станаа нераскинлива составка на фестивалот. Меѓутоа, сериозно загрижува слабата, скоро никаква циркулација на нови, млади и свежи сили во низа домени на театарското творештво – режијата, драматургијата, сценографијата, костимографијата и др. Не паметиме макар едно ново костимографско или сценографско име на овие игри во изминатите десетина години. Младоста е таа што ја носи најубавата свежина. Без неа нема ни нови пробиви, ни нови вредности. А токму тој бран на млади и полетни творци му недостасуваше на прилепскиот фестивал, а тоа ќе рече и на македонскиот театар во целина.

Театарските игри „Војдан Чернодрински“ ’88 донесоа од сѐ по нешто – и комедии, и завиден број драмски текстови од македонски автори, и дела од современата светска драматургија, кои кај нас по некое непишано правило доаѓаат со значително задоцнување. Недостасуваше единствено светска и домашна драмска класика која веќе од поодамна како да е иселена од репертоарите на нашите театри, или е вистинска реткост во нив, што е донекаде појава и во другите театри во светот.

Но да тргнеме по ред.

Игрите во Прилеп во 1988 г. беа отворени со претставата на скопскиот Драмски театар „Клаустрофобична комедија“ од Душан Ковачевиќ, во режија на Димитар Станковски, која остави мошне добар впечаток, посебно играта на ансамблот на чело со Стево Спасовски, кој доби награда за најдобро актерско остварување. Беше повеќе од евидентно дека интенциите на сите актери се слеваат во режисерската замисла за компонирање на една едноставна, топла и непосредна изведба и дека во неа доста добро се разбираа авторот и режијата, која ѝ даде максимален простор на актерската игра. Оваа шанса ја искористија сите актери (Димче Мешковски, Гоце Тодоровски, Јовица Михајловски и Ленче Делова), на кои им се придружи и членката на Балетот на МНТ – Ирена Катарџиева, која освен играчките партии одлично ги имаше совладано и говорните делници што ги интерпретираше на полски јазик. Да го одбележиме придонесот и на другите творци, ангажирани во овој проект (Крсто Џидров, автор на сценографијата, Соња Куновска, која костимографски ја оформи претставата, Татјана Петковска и Андреј Белјан, чија кореографија и музика ѝ обезбедија на претставата една мошне пријатна визуелно-звучна рамка).

Дијаметрално различен беше пристапот на комедијата „Клаустрофобична комедија“, со која на Игрите се претстави и Народниот театар „Војдан Чернодрински“ од Прилеп, во режија на Стојан Стојановски, премиерно изведена само неколку дена пред настапот на спомнатиот фестивал. Се покажа дека една сценска реализација нема некои поголеми шанси за успех доколку доаѓа без претходна верификација од критиката. Тоа се потврди и со изведбите на народните театри од Куманово и од Штип („К’не“ од Васе Манчев и „Лет во место“ од Горан Стефановски), кои на театарските игри во Прилеп дојдоа, исто така, веднаш по нивните премиерни изведби. За разлика од Димитар Станковски, Стојан Стојановски, режисер на прилепската верзија на „Клаустрофобична комедија“ го бараше во текстот она што практично во него и не постои. Определувајќи се за еден таканаречен „челичен концепт“, за едно „тврдо“ читање на текстот, што подразбира елиминирање на комичноста и благата фарсичност, на мелодрамските и поетските пасажи и што бараа од артистите една пренапната и исфорсирана игра, претворајќи ја оваа комедија во трагедија, Стојановски како да му ги одзеде на драмскиот текст неговите најубави сокови и својства, како да ја наруши ритмичката партитура на целокупната претстава, лишувајќи ја на тој начин неа од својата природност, мекост и суптилност. Во оваа прилепска претстава единствено беа издвоени интерпретациите на Благоја Спиркоски во улогата на Вуле милиционерот и на Најдо Тодески (Тејо), кој стана еден од двајцата добитници на наградата за млад актер, што од 1988 г. го носи името на рано починатиот истакнат македонски артист Трајко Чоревски. Во другите улоги со различен успех настапија Виолета Лазарева, Благоја Ивчески, Трајче Иваноски и Лидија Иваноска. „Претставата на прилепскиот Народен театар сѐ уште

врие, ферментира и нејзиното дефинитивно изградување треба допрва да се очекува“ – ова беше заклучниот збор на водителот на разговорите на Тркалезната маса на критиката – Благоја Иванов.

Како извесна компонизација за недостигот на пиеси од светската и од домашната драмска класика дојде првата средба на Игрите во Прилеп со дело од познатиот писател Бертолт Брехт. Станува збор за еден од првите, помалку изведувани драмски текстови на спомнатиот автор – пиесата „Баал“, во продукција на Драмата на Македонскиот народен театар од Скопје и во постановка на Владимир Милчин. Оваа изведба беше еден од врвовите и еден од најголемите блесоци на фестивалот во Прилеп и таа наиде на одушевен прием и кај публиката и на разговорите на Тркалезната маса на критиката, на кои беа презентирани комплименти од видот „се случи прекрасна претстава“, „висок професионализам и крајно осмислена режија на Владимир Милчин“ итн. Се покажа дека со времето оваа изведба значително созреала, што не е случај со низа други претстави, па сега таа дејствуваше многу покомпактно, позаокружено, повибрантно отколку на премиерната изведба. Како и на премиерата, така и на театарските игри „Војдан Чернодрински“ брилјираше Владимир Светиев во насловната улога, за која доби награда на Игрите. Но, овојпат и неговите партнери – Емил Рубен, Јасмина Поповска, Јусуф Гулевски и др., беа во својот вистински елемент.

Со мошне квалитетни сценски реализации се претставија и ансамблите на Албанската и Турската драма при Театарот на народностите од Скопје, кои настапија со драмите „Гробишта на автомобили“ од Арабел (еден од веќе заборавените текстови на авангардата) и „Приказна за едно патување“ од Ван Итали, современ автор од Америка. Ансамблот на Албанската драма при Театарот на народностите, кој во последен миг ја замени најавената претстава на Шекспировиот „Хамлет“ на режисерот Ахмет Јакупи со спомнатата претстава на текст од Арабал, по традиција, оствари едно завидно уметничко ниво. Малуброjната публика остана импресионирана посебно од играта на артистите (таа како најизразит квалитет беше апострофирана и на разговорите на Тркалезната маса на критиката), при што секако посебно треба да се издвојат креациите на Бајруш Мјаку, Лиман Нијази и Теута Ајдини, една од наградените артистки на овој фестивал. Пиесата „Гробишта на автомобили“, во постановка на Богдан Поп Ѓорчев беше играна во костимографија и костими на Панче Минов, а освен него беа ангажирани уште и Андреј Белјан (музика) и Татјана Петковска, како кореограф. Доаѓајќи во Прилеп непосредно по успешното гостување во Турција, Турската драма при Театарот на народностите имаше извесен пех со задоцнувањето на декорот, поради што изведбата мораше да започне со значително задоцнување – во скоро претполноќните часови. Сепак, сè среќно и убаво се заврши, проследувајќи една превосходно поетична изведба, полна со продуховени режисерски и актерски решенија (режисер: Наум Пановски), со фини лирски преливи, со актерски реализации што заслужуваат целосен респект (Јилдиз Рифат, Перихан Туна, Мукарем Билал, Атила Клинче, Ердоан Максут, Ријад Тахир и др.). За убавиот успех што го постигна претставата на Турската драма при театарот на народностите – „Приказна што зборува за патувањето“ од Жан Клод-Итали, секако заслуга има и постојаниот соработник на режисерот Н. Пановски, Газанфер Бајрам, кој ја обликува сцената и ги даде решенијата за костимите. Единствената награда оваа претстава ја доби за музичко оформување, колективно дело на Зекирија Хаџалар, Шенол Исмаил и Наум Пановски и на актерите на претставата. И покрај обезбеденоста на симултан превод и на еден висок и проверен сценски квалитет, овие две претстави на скопскиот Театар на народностите не предизвика поголемо интересирање кај публиката – беа проследени од недозволено мал број гледачи. Штета. И до кога? Зашто порано слабата посета на изведбите на јазиците на народностите се правдаше со недостиг на симултан превод.

Во кругот на највпечатливите и мошне занимливи претстави на овој фестивал влегуваат и сценските реализации на театрите од Битола и од Струмица. Претставата на Народниот театар од Битола „Црна дупка“ од Горан Стефановски, во режија на Бранко Брезовац, со силниот авторски печат беше доживеана

жирито сите награди ги донесе едногласно, освен за текст итн.

XXIV Театарски игри (6 – 16 мај 1989 година)

Еден факт е неоспорен, а имено дека театарските игри „Војдан Чернодрински“ ’89 недвосмислено покажа дека и во ова кризно време на беспарица театрите во нашата Република чекорат по својата нагорна линија, дека постепено, но сигурно оваа традиционална смотра на професионалните театри од СРМ се здобива со сè поодредена физиономија, дека овој фестивал е на пат да прерасне во еден вид македонско позорје, односно во репрезент на домашното македонско и југословенско драмско творештво. Вистина, во 1989 година на програмата скоро и да немаше изведби од вонсериско значење, но, исто така, немаше и некои поголеми репертоарски лутања, ни падови. Значи, наспроти сè – театарот е неуништлив!

Една од најзначајните ориентации на 24-тите театарски игри беше забележливо присуство на дела од домашната драматургија. Од вкупно 10-те претстави, колку што беа вклучени во натпреварувачкиот дел, 8 беа работени врз дела напишани на македонски јазик или на еден од јазиците на народите и на народностите во Југославија. Така, Горан Стефановски беше застапен со два драмски текста („Црна дупка“ и „Диво месо“), а со по едно драмско дело беа претставени: Бранко Варошлија („На сечило“), Митко Мацунков („Пуста земја“) и Благоја Ристески („Спиро Црне“). Во официјалната програма се најде и една драматизација работена врз Чашулевите прозни текстови. Станува збор за драматизација на прозното Чашулево дело „Канадски фрагменти“ на Јелена Лужина и Коле Чашуле под наслов „Роднокрајци“, која ги имаше белезите на едно самостојно драмско остварување. Овде да ги спомнам уште и: пиесата „Фани доаѓа сама“ од Ресул Шабани, истакнат писател од албанската народност во Македонија, и комедијата од нешто постар датум „Собирен центар“ од Душан Ковачевиќ. Оваа бројка на домашни дела ќе беше збогатена со уште една сценска реализација („Рави“ од Синиша Ковачевиќ) доколку од објективни причини (неможност за настап на еден од толкувачите на главната улога) не дојдеше до принудена замена на спомнатава пиеса, и тоа само неколку дена пред почетокот на Игрите, со Шекспировата комедија „Забуни“. Значи, единствено Драмата на МНТ и Турската драма при Театарот на народностите од Скопје презентираа дела од странски автори, односно од светската драмска класика – освен спомнатите Шекспирови „Забуни“ уште и прочуената Брехтова драма „Кавкаскиот круг со креда“. Вака структуриран, фестивалот во Прилеп покажа две различни лица – првото кое е своевиден доказ за подемот на домашното драмско творештво, и второто, кое укажува на сè поголемата осека на дела од класиката, без кои овој фестивал и воопшто театрите не можат да опстанат. Во колкав обем драмската класика треба да биде застапена, макар и во придружните манифестации, останува да се размисли.

Друг мошне значаен момент на театарските игри во Прилеп е сè поголемото смалување на јазот, односно на разликите во создавањето на сценските вредности на театрите во внатрешноста и оние во Скопје, макар што осцилациите во квалитетот на изведбите беа доста видливи. На фестивалот немаше сценски проекти кои беа до таа мера инфериорни за да не го заслужуваат вниманието и интересирањето, како што беше случајот во 1988 година, на пример, особено со претставите на титоввелешкиот и донекаде и на штипскиот театар. Токму овие два изведувачки состава, докомплетирани со нови и млади креативни сили, тукушто излезени од Факултетот за драмски уметности од Скопје, односно со гости, инаку истакнати македонски артисти, не само што не беа на маргините на настаните, туку посведочија и убави резултати.

Веќе првата фестивалска претстава – пиесата „Спиро Црне“ од Благоја Ристески (режисер: Владимир Милчин) ја најави ренесансата на Народниот театар „Војдан Чернодрински“ од Прилеп, кој по повеќегодишната летаргија се најде во средиштето на интересирањето. Тој, реализирајќи праизведба што заслужува целосен респект, ангажирајќи како гости повеќемина истакнати творци, меѓу кои и четворица актери (Илија Милчин, Кирил Ристевски, Сузана Кранџиска и Ванчо Гошевски), докажа дека

кога ќе се вложи сериозен креативен ангажман, кога театарот ќе се отвори за вистинските вредности, тогаш успехот не може да изостане. Ова се потврди и со бројот на освоените признанија – вкупно пет, добиени за режија, за текст, за најдобро актерско остварување (К. Ристевски за толкување на насловниот лик), за сценографија (Крсте Џидров) и за музичко остварување (оваа награда ја освоија Златко Ориѓански и Мирослав Спасов). Меѓутоа, кога во една изведба се наградуваат безмалку сите нејзини најзначајни компоненти, нелогично беше таа да не биде прогласена и за најдобра претстава во целина, или да не добие макар специјално признание како комплетен театарски чин, што беше причина за доста остри реакции, гласни негодувања, одбивање на наградите итн.

Во годината (1989) кога Народниот татар „Антон Панов“ од Струмица прослави четири децении од своето постоење, малку требаше тој да го откаже учеството на Игрите ’89, зашто до последниот момент немаше обезбедено средства поради недостиг на средствата од Републичката заедница за култура и непартиципацијата на СИЗ на култура на Струмица. Сепак, струмичкиот ансамбл смогна сили да ја прикаже пиесата „Пуста земја“ од Митко Мацунков (режисер: Бранко Ставрев), што претставуваше трето по ред претставување на фестивалот во Прилеп на овој авторско-режисерски тандем. Во струмичката претстава како гостин настапи реномираната македонска артистка Мери Бошкова, на која ѝ припадна наградата за актерски опус. Во споредба со поранешните два текста на Мацунков и во споредба со претходните две постановки на Ставрев, оваа нивна најнова презентација на Игрите беше нешто послаба, помалку забележлива, што влијаеше најверојатно изведбата, односно нејзините творци, да не добијат ниту едно признание!

Со претставата на Драмата на Македонскиот народен театар од Скопје – „Забуни“ од Шекспир, во режија на Димитри Османли, проблемите беа од друг вид. Имено, постоеше идеја оваа сценска реализација да биде прикажана под отворено небо – во амбиентот на Старата чаршија, но до нејзина реализација не дојде поради лошите временски услови, па претставата беше играна на сцената во Домот на културата „Марко Цепенков“. Таа наиде на доста убав прием кај публиката, но не остави некој посилен уметнички ефект. Со признанија единствено се вратија гостинот во овој скопски сценски проект – Игор Џамбазов, кој за креација на главната улога – близнаците Антифол од Ефес и Антифол од Саракуза – ја доби наградата за млад артист што го носи името на Трајко Чоревски, и Елена Дончева за особено убавото обликување на костимите за овој скопски проект.

Мала збрка настана и со учеството на Албанската драма при Театарот на народностите од Скопје, кој на самиот ден, непосредно пред почетокот на Игрите ’89, место најавената изведба на „Таинствените седенки“ ја предложи претставата на пиесата „Фани доаѓа сам“ од Ресул Шабани, а во режија на Димитар Станковски, кој беше член на жири-комисијата (другите членови на жирито беа: Благоја Иванов, претседател, Васе Манчев, Кирил Темков и Љупчо Печијарски). Во слична ситуација прилепскиот фестивал беше доведен и пред неколку години кога режисерот Љубиша Георгиевски се наоѓаше во жирито, но тогаш неговата постановка во продукција на Турската драма беше играна вон конкуренција! Ова прашање беше покренато и на разговорите на Тркалезната маса на критиката, на кои несправедливо беа заобиколени, односно недоволно вреднувани уметничките достоинства и на текстот, и на режијата, и на глумата.

Вториот ансамбл на Театарот на народностите – Турската драма, претставувајќи се со мошне амбициозниот и квалитетен проект „Кавкаски круг со креда“ од Б. Брехт (режисер: Јуџел Ертен и к.г.) ги надмина очекувањата. Членовите на овој изведувачки состав, предводени од гостинскиот режисер од Турција, оствари едно ретко убаво уметничко доживување, потврдувајќи го тоа и со многубројните освоени признанија. Така, од вкупно шесте награди за најдобро артистичко остварување (едно повеќе од другите години), три признанија им припаднаа на артистите од спомнатава претстава – Бедија Бејоглу (Груша), Селаетин Билал (Аздак) и Мушареф Лозана (Капларот). Освен тоа, за најдобра претстава во целина беше прогласена „Кавкаскиот круг со

одлагаат решенијата за отворање детски театар, зашто последиците од тоа одлагање „ќе бидат катастрофални“. Овој собир заврши со предлог Игрите да бидат иницијатор за формирање Иницијативен одбор, од кој би произлегла работна група што би подготвила елаборат.

Покрај, многуте значајни новини, корисни потфати и сл., театарските игри „Војдан Чернодрински“ ’89 имаа и неколку таканаречени „црни точки“. За пропуст треба да се смета повеќегодишното отсуство на критичката мисла, а исто така и на прилепската културна јавност и публика на разговорите на Тркалезната маса на критиката. Исто така не смееше да се дозволи да не се одржи чествувањето – портрет на најстариот артист во СР Македонија. Димче Трајковски, со што беше прекината една убава традиција установена минатата година, кога првпат се одржа чествување за Трајко Чоревски. За една тотална негрижа и невнимание кон оние што учествувале во втемелувањето на професионалното театарско дело во Македонија говори и податокот што не се најде за сходно макар и со еден збор да се спомнат имињата на оние театарски творци кои починале меѓу двата фестивала, да не говориме за пригодното одбележување на заборавените јубилеи на народните театри од Титов Велес, Струмица, Куманово. Честите промен на Статутот за награди, правени само еден ден пред нивното објавување, упатуваат на заклучок дека многу нешта остануваат допрва да се прецизираат. Можеби затоа првпат од постоењето на Игрите на седницата на Советот на Игрите и жири-комисијата при конечното усвојување на одлуката на жирито јавно се реагираше на некои одлуки, што беше повод за сето ова да пишуваат и известувачите на „Нова Македонија“ од овој фестивал – Лилјана Мазова и Тачко Локвенец. Својот извештај за доделувањето на признанијата тие ќе го завршат со следнава констатација: „На седницата на Советот стана збор и за односот на годинашнава оценувачка комисија, која еве, денес, понуди трета измена на Правилникот на театарските игри. На пример, вчера бараше да биде воведена специјална награда за режија, а денес наместо предвидените пет, да додели шест артистички награди“.

XXV Театарски игри (5-13 мај 1990 година)

Дваесет и петтите Театарски игри „Војдан Чернодрински“ во 1990 година се одржаа од 5 до 13 мај. На денот на отворањето на Фестивалот во фоајето на Центарот за култура беше отворена изложба на скици и костими на Крсте Цидров. Вечерта актерот на Турската драма, Салаетин Билал ја изведе поемата на Рампо Левков „Бабуна“, по што Игрите беа свечено отворени.

Претстави во официјална конкуренција:

1. „Посета на старата дама“ од Фридрих Диренмат во режија на Бранко Ставрев, во изведба на Драмата на МНТ. На два-три дена пред почетокот на Фестивалот, Драмата на МНТ, поради болест на артистка, побара замена на предвидената драма „Мизантроп“ од Молиер во режија на Владимир Милчин. И оваа промена не беше сигурна поради проблемите околу приспособувањето на декорот. Предлогот беше усвоен и замената беше извршена;

2. „Големиот брилјантен валцер“ од Драго Јанчар во режија на Стојан Стојанов, во изведба на Народниот театар од Прилеп;

3. „Обична претстава“ од Благоја Самоников во режија на Симеон Гаврилов, во изведба на Народниот театар од Штип;

4. „Таинствени седенки“ од Никола Шоп во режија на Бранко Брезовац, а во изведба на Театарот на народности – Албанска драма;

5. „Живко живее и не живее“ од Азис Несин во режија на Кенан Ишик, во изведба на Театарот на народности – Турска драма;

6. „Црна“ од Богомил Ѓузел и Љубиша Георгиевски во режија на Љубиша Георгиевски, во изведба на Народниот театар од Куманово;

7. „Пречистување“ од Сашко Насев, во режија на Златко Славенски, во изведба на Народниот театар од Велес;

8. „Хамлет“ од Вилијам Шекспир во режија на Љубиша Георгиевски, во изведба на Народниот театар од Битола;

9. „Чудовиштата во нашиот град“ од Русомир Богдановски, во режија на Коле Ангеловски, во изведба на Театарот за деца и младинци;

10. „Кула Вавилонска“ од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје.

Придружни манифестации:

1. „На третата вечер“ од Мајо Стефановиќ во режија на Љупчо Ѓоргиевски, во изведба на Народниот театар од Битола;

2. „Вејка“ од Коле Чашуле во режија на Мето Јовановски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје;

3. „Љубоф“ од Мјуриел Шизгал во режија на Ѓорѓи Трајанов, во изведба на Народниот театар од Штип;

4. „И Цоле прај компо“ (освојувачот Цоле) од Благоја Нешковски, во режија на Благоја Нешковски, во изведба на Македонскиот драмски театар од Илавара (Австралија), кој првпат гостува во Македонија.

5. „Шуаби ап“ од Жанина Мирчевска во режија на Димитар Станкоски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје;

6. „Емигранти“ од Славомир Мрожек, во режија на Владо Цветановски, самостоен проект – Скопје.

7. „Ало будење“ од Зафир Хаџиманов во режија на Коле Ангеловски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје, а изведена во чест на наградените.

На Фестивалот беше изведена и монодрамата „Мајка“ од Душан Ристески, во изведба на Олга Николова од Македонскиот драмски театар „Благоја Нешковски“ од Илавара (Австралија).

За изведените претстави на Дваесет и петтите театарски игри „Војдан Чернодрински“ беа одржани 10 разговори на организираната тркалезна маса.

Пред тркалезната маса, на 6 јуни беше отворена изложба на фотографии од театарски претстави на Роберт Јаки. Истиот ден Љубиша Никодиновски ја промовира монографијата „Театарски игри Војдан Чернодрински“ од театарскиот критичар Иван Ивановски, а беше промовирана и театарската музика „Икона“ на Златко Ориѓански.

На 7 мај, пред почетокот на разговорите, беше организирано чествување – портрет на првиот македонски актер, Димче Трајковски со воведен збор на Ристо Стефановски. Беше отворена и изложбата „Театарски плакат“ од Мустафа Асим.

На 8 мај беше промовирана книгата „Театарот во Македонија“ од Ристо Стефановски. Книгата ја претставија Иван Ивановски и Љубиша Георгиевски, кој нагласи дека таа се одликува со неверојатни научни откритија, дека станува збор за апсолутен документ итн.

На 10 мај Љубиша Георгиевски ја промовира книгата „Театарот во потрага по своето време“ од Р. Кориган – која, според зборовите на промоторот, е „задолжителен багаж за секој интелектуалец во светот“ – а потоа се одржа чествување – портрет на Благоја Нешковски и на Македонскиот театар од дијаспората со воведен збор на Илија Милчин. Истиот ден беше одржана вечер на поезијата на Блаже Конески и на Кочо Рацин, при што публиката ги слушна „Кафез“ од Конески и „Два брега-две стрмнини“ (радиофонска снимка).

На 11 и 12 мај се одржува симпозиум „Прилози кон ненапишаната историја на македонската драма и театар“.

Прилепската публика понела впечаток дека МНТ и Бранко Ставрев успеале денешната стварност да ја извишат до високи уметнички рамништа и од сцената да прозборат за неприкосновената сила на власта, моќта и парите. Впечатокот на публиката нашол одглас и на разговорите на Тркалезната маса на критиката. „Посета на старата дама“ претставува вивисекција на животот и карактерот на луѓето денес и спаѓа во редот на најкрупните проекти на МНТ.

Во разговорите за „Брилјантниот валцер“ беше речено дека режисерот не дал заокружен сценски резултат, но и покрај тоа оваа претстава заедно со „Спиро Црне“ изведена на минатогодишните игри претставува голем чекор на прилепскиот театар.

На разговорите на тркалезната маса беше поздравен настапот на Штипскиот театар со претставата „Обична претстава“ од Благој Самоников, затоа што се појавил со комплетен авторски ангажман. Меѓутоа, како што е вообичаено, имаше и сосема спротивни мислења, од пофалби за текстот и режијата до констатации дека текстот е напишан прерано, претставата е разводнета, така што актерите не можат многу да покажат. Дискутантите не беа наклонети и на позајмените сцени од драмските

дела на Горан Стефановски „Диво месо“ и „Лет во место“, и онака како што се нагласени во сценскиот ракопис повеќе и сметаат отколку што и користат на претставата. Беа искажани забелешки и за говорната фактура на актерите кои не можеле да се ослободат од локалниот акцент. Единствена беше дискусијата за квалитетната музика во претставата.

Иако во молчалива атмосфера, на тркалезната маса сепак беа изговорени пофални зборови за претставата „Таинствени седенки“. Малубројните соговорници се една од причините што се направи мачна атмосфера на Тркалезната маса на критиката. Беше спомнато дека тоа е претстава што отвора нова страница во македонското сценско проследување, дека во неа Бранко Брезовац го промовирал сопствениот препознатлив ракопис и дека Албанската драма претставува компактен артистички колектив кој сè повеќе се определува за поставување сложени сценски проекти. Оваа претстава на Албанската драма при Театарот на народности не беше многу посетена, но на тркалезната маса беше оценета како експресивна и полетна. Претставата носи режисерска поетика која се прифаќа или се одбива. Таа е блиска до модерниот сензибилитет, иако станува збор за структура на која тешко ѝ се одредува жанрот. Како посебна придобивка на претставата била издвоена сценографијата како и кореографијата на Јасмина Јурковиќ.

За претставата „Живко живее, не живее“ од Азис Несин околу стотина гледачи не можеа да најдат билети и останаа надвор. Претставата и публиката биле на сцената и имало само 100 седишта. На тркалезната маса се укажа на тоа дека Турската драма со неколку претстави го потврдила својот интерес и умее во градењето на брехтијанскиот концепт на театар што особено дошло до израз во оваа претстава. Таа е правена како критика на фолклорниот начин на живеење во исклучително внимание кое се посветува на деталите и мизансцената и говори за високата сценска култура на режисерот. За претставата „Живко живее, не живее“ беа изречени ласкави зборови. Иако станува збор за колективна игра на ансамблот, сепак беа истакнати улогите на Атила Клинче, Салаетин Билал и Мустафа Јашар.

Љубиша Георгиевски и порано во истиот театар го правеше „Хамлет“. Но, сега тој понуди своја послободна адаптација и внесе фрагменти од култната претстава на Народниот театар Битола „Свадбата на Мара“ од Владимир Костов, заедно со судската пресуда за нејзината забрана. Љубиша Георгиевски прикажа претстава со многу ирониј и модерен дух, модерна во својата експресија, а изведбата беше збогатена со визуелно впечатливи сцени. Зрелоста и сериозноста ѝ ја даваа на претставата потребната димензија, така што ова е една од значајните режии на Георгиевски, а пак неговите идеи интелектуално и театарски забележливи. Претставата ја красеше смислата за организација, усогласеност на деловите како и одлично функционирање на техничките детали.

Претстава „Кула Вавилонска“ се очекуваше како културен настан на фестивалот од прв ред поради авторот и поради високото реноме од дотогашната соработка што ја имаше тандемот Стефановски-Унковски. Претставата претходно ја обработуваа театарските критичари со инвентивни наслови на критиките како „Моја кула, твоја кула“, „Сенишни слики“, „Во казанот на имитацијата на животот“, „Кула на животот и смртта“, „Вавилонски времиња“, „Кула Вавилонска...“, што уште повеќе ја заинтригира публиката која аплаудираше и на отворена сцена и на крајот со долготраен аплауз ги награди авторите и изведувачите. Горан во својот текст говори за нас и нашите преокупации, за политиката и нејзиниот систем, на прв поглед недоречено, а во суштина му овозможува на гледачот да го препознае она што се случува во него и е еден вид асоцијација за она што следи потоа. Горан Стефановски со своите ликови во драмите го следи животот на неколку поколенија, преку растежот и потклекнувањата, тој расправа за изминатите и сегашните состојби на нивното битие. За тоа говори и во оваа драма за една фамилија која не може да ги досознае причините поради кои не може да е единствена.

За придружната претстава „Вејка“ од Коле Чашуле беше речено дека е сублимирана и динамична и го носи белегот на денешното време. Особено се издвои играта на Лилјана Богоевиќ-Јовановски која со својата префинета интелектуална игра и со чистиот сценски говор, му донесе нова актерска поетика на ликот.

За претставата „Љубоф“ од Шизгал изнесени беа жестоки оцени, дека тој не е актуелен „и до кога тој со години ќе ѝ се поттура на прилепската публика“. И оваа претстава била слабо посетена, па заради тоа беа упатени сериозни критики до организаторите и доколку вака се продолжи „лесно може да се случи Прилеп да ги изгуби Игрите“.

Редакцијата на „Екран“ од оваа година престана да ја доделува наградата за најдобар млад актер. Советот на фестивалот за понатаму ќе ја доделува таа награда. Наградата на „Екран“ до овој период ја понесоа Емилија Андреева (МНТ), Душица Стојанова (НТ Куманово), Соња Михајлова (НТ Битола), Сузана Киранциска (НТ Битола), Јасмина Поповска (МНТ) и Миланчо Георгиев-Роне (НТ Штип).

Според некои на 25. Театарски игри „Војдан Чернодрински“ кулминирала кризата на Фестивалот со опасност „од самоуништување“. Речиси сите денови на Фестивалот поминале во подеднакво фалење на сите претстави и разговори, па можел да се понесе впечаток или за нарушени естетски критериуми или за обично лицемерство кое не се манифестирало прв пат, па и не само тука. Постојано се говори за криза на Фестивалот, а фестивалот го прават прикажаните претстави на сите театри во Републиката. Претставата наградена на овој фестивал ќе биде прикажана како најдобра претстава на Југословенскиот фестивал Стериино позорје. Некои од прикажаните претстави ќе се прикажат низ светските метрополи и ќе добијат одлични критики, а некои ќе останат како антологиски претстави на македонското глумиште. Ваквите состојби го следеле фестивалот од самиот почеток и мислам дека сето ова е врлина, доблест што го мотивирале да опстане и да продолжи со својата мисија на достоен презентер на творечките можности, успеси и падови на македонското глумиште.

Доделени награди:

Општата констатација за претставите на Фестивалот беше мошне позитивна бидејќи ги карактеризираше изразито висок. Жирито, во состав Крум Стојанов, претседател, Нада Гешоска, Ристо Стефановски, Иван Ивановски и Благоја Ристески, надвор од пропозициите, додели Специјално признание (покрај главното) за претставата „Хамлет“ од Шекспир во адаптација и режија на Љубиша Георгиевски, во изведба на Народниот театар од Битола и на претставата „Живко живее и не живее“ од Азис Несин, во режија на Кенан Ишик, во изведба на Турската драма при Театарот на народностите. Првпат оваа година, поради квалитетот на играта на Албанската драма при Театарот на народностите, жирито додели специјално признание за претставата „Таинствени седенки“ од Никола Шоп, а во режија на Бранко Брезовац.

Наградата за актерски опус ја доби Илија Џувалековски, бардот кој означи цела епоха во македонскиот и југословенскиот театар и филм.

Наградата за уметничко остварување на претстава во целина ѝ беше доделена на претставата „Кула Вавилонска“ од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски, а во изведба на Драмскиот театар од Скопје.

Наградата за текст на современа драма од македонски автор и автори од Македонија кои пишуваат на јазиците на народите и народностите од нашата Република и кој прв пат е прикажан на Игрите, му се доделува на Горан Стефановски за текстот „Кула Вавилонска“ во изведба на Драмскиот театар од Скопје.

Врз основа на член 7 од Правилникот за награди што се однесува на пет рамноправни артистички улоги наградени се:

- Лилјана Богоевиќ-Јовановски за улогата на Рина во претставата „Кула Вавилонска“;

- Владимир Талевски за улогата на Хамлет во истоимената претстава;

- Петар Темелковски за улогата Мустаќот во претставата „Црна“;

- Игор Џамбазов е награден за улогата на Капетан Тоза во претставата „Црна“; и

- Младен Крстевски за улогата на Склавин во претставата „Пречистување“

Наградата за современа сценска адаптација и наградата за режија му е доделена на Љубиша Георгиевски за претставата „Хамлет“ од Вилијам Шекспир, а во изведба на Народниот театар од Битола.

Наградата за епизодна улога која го носи името на Димче Трајковски му беше доделена на Владимир Светиев за улогата на Професорот во претставата „Посета на старата дама“.

Наградата за млад актер ја доби Виолета Лазареска, за улога во „Големиот брилјантен валцер“.

Наградата за сценографија ја доби Тихомир Миловац, за „Таинствени седенки“.

Наградата за костимографија ја доби Мери Георгиевска за претставата „Хамлет“.

И, како што тоа вообичаено се случува, незадоволни од одлуката за доделување на специјалните признанија за претстава во целина (Битолскиот театар за „Хамлет“ и Турската драма за „Живо живее, не живее“), директорите на овие две театарски куќи одбија да ги примат наградите, а на свеченото доделување на наградите не се појавија неколкумина од наградените. Реакцијата на Благоја Стефановски, директор на НТ Битола, била дека жирито компромисно ги доделило наградите „добро се знае дека првонаградената претстава мора да има награда за режија, актерски остварувања, костимографија и сценографија. Директорот на Турската драма, Ѓунер Исмаил, рекол дека културата на овие простори живее и опстојува во атмосфера која ја „красат“ стихијност, случајност, неукост. Одбива да прифати мислење дека театарот е растеглив како чорап и со него некој да се поигрува. Се радува поради ова што се случи бидејќи со тоа се отвора нова страница во борбата против калкулации.

Реакцијата за наградите иако жолчна, не посочи дека некој неоправдано бил награден. Напротив. Критика беше упатена дека е неможно да се награди претстава во целина, а да не се награди режисерот. Во тој случај беше направен компромис кој, пак, ако не се направеше ќе предизвикаше уште поголем револт.

Оваа година од лични причини не учествуваше НТ од Струмица. Тие биле подготвени и организирани, а не дошле поради недоследностите и понижувачкиот однос на Фестивалот кон некои театри. „Не учествуваме на Игрите поради (не)вниманието што им се посветува на артистичките ансамбли за сметка на одредени повластени категории гости. Сепак имаме и порака да се согледа и да згасне веќе од поодамна запаленото црвено светло за иднината на една ваква, несомнено, значајна културна манифестација. Барем додека сè уште има време, и веруваме сили“.

Темпото што беше наметнато од годинешната програма, што со најдобри желби ја замислиле организаторите беше максимално згусната: Меѓутоа, во официјалниот дел од десетте прикажани претстави имаше такви со многу висок квалитет, но беа прикажани и претстави кои се под нивото на ваква театарска манифестација. Поради тоа повторно се покрена прашањето за селектор.

Осцилациите во квалитетот на претставите, како и релативно високите цени на влезните билети придонесоа посетеноста на претставите да е помала. Недостатоци имаше и на тркалезната маса која остануваше без дискутанти, ги немаше театарските критичари како и гости од другите Републики. Неуспешен беше и симпозиумот на кој од 40 поканети дојдоа 13 и тоа главно оние кои и без тоа ги следат Игрите. За ваквите и други пропусти се говорело и досега, но со уверување дека идната година ќе биде подобро. Вината што немаме подобар Фестивал секако е и во парите со кои тој располага, 40.000 динари, а кои што ги издвојува Републиката и кои се апсолутно недоволни.

XXVI Театарски игри (10-19 мај 1991 година)

И покрај сериозните финансиски потешкотии и потрагата по нов идентитет, 26-тото издание на Театарските игри „Војдан Чернодрински“ мина во знакот на стандардната физиономија. Фестивалот почна на 10 мај, со поемата „Бабуна“ од Рампо Левков, во изведба на актерот Игор Џамбазов и поздравната реч на артистката Мери Бошкова, а завесата се спушти на 19 мај, со доделувањето на наградите. Инаку, отворањето на Игрите претставуваше вистински почеток, како што ѝ доликува на театарската уметност.

Претстави во официјална конкуренција:

1. „Подземна република“ од Јордан Плевнеш, во режија на Владо Цветановски, во изведба на НТ Битола;

2. „Ништо без Трифолио“ од Русомир Богдановски, во режија на Коле Ангеловски, во изведба на НТ Куманово;

3. „Бомбите во салонот Шу-шу“ од Томислав Османли, во режија на Стојан Стојановски, во изведба на НТ Струмица;

4. „Ричард III“ од Вилијам Шекспир, во режија на Рахим Бурхан, во изведба на Драмата на МНТ;

5. „Картонска кутија“ од Ирфан Бељур, во режија на Бранко Брезовац, во изведба на Турската драма при Театарот на народностите;

6. „Крчма на патот за Јевропа“ по драматуршки скици на Жанина Мирчевска, во изведба на НТ Титов Велес;

7. „Прометеј“ од Есхили Лукијани, во режија на Џеват Лимани, во изведба на Албанската драма при Театарот на народностите;

8. „Силјан штркот шанца“, од Дејан Дуковски, во режија на Драгослав Тодоровиќ, во изведба на Театарот за деца и младинци од Скопје.

Придружна програма:

1. „Кожа“ од Василе Димески, во режија на Блаже Алексоски, во изведба на НТ Прилеп.

2. „Чија си“ од Сашко Насев, во режија на Димитар Станкоски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје;

3. „Растрел“ претстава правена врз основа на поезија и преписка на Вапцаров, во изведба на „Скрб и утеха“;

4. „Остров“ од Апол Фугарт, во режија на Јуџел Ертел, во изведба на Турската драма при Театарот на народностите;

5. „Крвави свадби“ од Федерико Гарсија Лорка, во режија на Рахим Бурхан, во изведба на театарот „Пралипе“.

6. „Животот на човекот“ од Леонид Андреев, во режија на Боре Ангеловски, во изведба на театарот „Чекори“ од Скопје;

7. „Иванов“ од Антон Чехов, во изведба на студенти од ФДУ;

8. „Црвенкапа“ од Александар Поповиќ, во режија на Димитар Христов, во изведба на Театарот за деца и младинци;

9. „Лонг плеј“ од Горан Стефановски, во режија на Владимир Милчин, во изведба на Народниот театар Битола.

Тричасовниот разговор на тркалезната маса најави дека Фестивалот уште на почетокот го потврди своето значење. Претставата „Подземна република“ од Јордан Плевнеш, во режија на Владо Цветановски, во изведба на НТ Битола, прилепската публика ја награди со долготраен аплауз, а во дискусијата на тркалезната маса беа изречени пофалби за ваквата драмска проекција упатени до актерите, режисерот, авторот на текстот, сценографот и за изборот на музиката. Претставата беше означена како висок естетски чин и „ставајќи се во улога на археологија што копа по душите на Македонците се обиде да открие кај сме и што сме“!

„Ништо без Трифолио“ од Русомир Богдановски, во режија на Коле Ангеловски, во изведба на НТ Куманово кај публиката остави одличен впечаток. Всушност, овој колектив по вторпат се врати во редовите на театрите на достоинствен начин, со творечки капацитет, и покажа дека немилите настани со затворањето на Театарот беа голема грешка. Претставата позитивно ја оцени на разговорите Тркалезната маса на критиката каде што се разговараше за успесите и за артистичките остварувања, при што беше акцентиран придонесот на младите актери.

За претставата „Кожа“ од Василе Димески во режија на Блаже Алексоски на НТ Прилеп се кажа дека „ако се најдат решенија за наталожените технички и материјални проблеми, Прилепскиот театар може сосем рамноправно и натаму да учествува во театарскиот живот во Републиката...“

Последните информации ја потврдија одлуката на Драмскиот театар да ја повлече од фестивалот претставата „Чија си“ од Сашко Насев, а во режија на Димитар Станкоски и таа да биде прикажана надвор од конкуренција. Во писмото што Уметничкиот совет го испрати во Прилеп се вели: „... поради изборот на новото жири на нерегуларен и изнуден начин, Драмскиот театар одлучи на Игрите да учествува надвор од конкуренција, со што се оградува од застарениот начин на организирање на Театарските игри зад кои, пак, може да се местат

разни други игри при поделба на наградите...“ Театарот не сакал да се стави во состојба како претходната година, кога жирито сакаше да подели награди на сите по малку. Жирито за 36. Игри беше во состав: Кирил Ристески, Крум Стојанов, Владимир Георгиев, Братислав Димитров и Лидија Ивановска. Како што изјави претседателот на Советот, Благоја Брсаковски, во првичната варијанта за жири-комисија биле ставени 17 имиња од театарските работници. Меѓу првите биле Горан Стефановски, Ненад Стојановски, Кирил Ристески, Матеја Матески и Владимир Милчин, но сите тие откажале. Според правилата на Игрите, на ред дошле следните петмина од списокот што по редослед имале најголем број гласови, но и тие се заблагодариле на поканата. На организаторите не им останало ништо друго освен набрзина, пред почетокот на Игрите, да свикаат нов состанок и да оформат ново жири – актуелното што ги следеше Игрите. Според претставникот на Драмскиот театар, Благоја Чоревски, жирито би требало да биде конституирано веднаш по завршувањето на Игрите, за да може цела година да ги следи претставите и театарските настани и на тој начин работите би се поставиле на своето место.

Претставата „Бомбите во салонот Шу-шу“ од Томислав Османли, во режија на Стојан Стојановски, во изведба на НТ Струмица, беше убаво примена од публиката, но на тркалезната маса мислењата беа поделени – од мошне пофални, па до оние кои имаа забелешки за артистичките остварувања, за режиската постапка и текстот. Претставата побуди расправа за употребата на дијалектот на сцените во театрите, за обработката на националните теми во театарот, за присуството на вулгаризми и друго. На тркалезната маса се разговараше и за претставата „Растрел“ на театарот „Скрб и утеха“ од Скопје, правена според поезијата и преписката на Вапцаров што беше прикажана во циклусот на придружните манифестации. Интелигенциите на овој театар зборот да добие вистинско значење во театарот беа означени како придонес во театарското живеење и кај повеќето учесници во дискусијата добија поддршка.

Пред исполнетиот салон до последното место и исполнети премини, беше прикажана претставата „Ричард III“ од Вилијам Шекспир во режија на Рахим Бурхан, а во изведба на ансамблот на Драмата при МНТ. Беше проследен извонреден, оригинален театарски чин во кој актерите играа со творечки занес и со кој оставија силен впечаток кај гледачите. Ова, пред сè, се однесува на актерите Владимир Светиев (Ричард), Петар Темелковски, Јоана Поповска, Снежана Конеска-Руси, Александар Џуровски, како и на режиската постава на Рахим Бурхан. По претставата беше одржано чествување на Војдан Чернодрински со воведна реч на Илија Милчин, а членовите на НТ Прилеп изведоа фрагменти на дела од Чернодрински поставени на нивната сцена.

Албанската драма, во рамките на придружните манифестации, ја прикажа „Прометеј“ од Есхил и Лукијани, а Турската драма ја прикажа „Остров“ од Апол Фугарт во режија на Јуџел Ертел. Претставата „Прометеј“ беше примена како убаво естетско доживување. Апострофирана беше играта на првенците на Албанската драма Сефедин Нуредини и Дијана Мехмети.

Претставата на Турската драма „Картонска кутија“ од Ирфан Бељур во режија на Бранко Брезовац, предизвика двочасовна дискусија. Срдечно примена од публиката, беше оценета како врвно достигнување што носи сопствена естетика која се темели на препознатливиот режисерски приод на Брезовац, како и на прекрасните актерски остварувања кои со професионалноста се издигаат далеку над досегашниот начин на разбирање за актерскиот ангажман во текот на Игрите. За претставата „Крвави свадби“ од Федерико Гарсија Лорка во режија на Рахим Бурхан, а во изведба на Театарот „Пралипе“, сценографијата беше на Владо Георгиевски, костимите на Ленче Дончева, музиката на Валентин Скендеровски. Во главните улоги настапија артистката од Мостар Сунчица Тадиќ (Мајката), Сами Осман (Војник), Силвија Пинку од Нови Сад, Елизабета Кочовска, Владимир Ендровски, Наџи Осман (Леонардо). Премиерно претставата била изведена во театарот во Манхајм, каде што режисерот Бурхан со своите актери работи веќе неколку месеци во соработка со Роберто Чули.

Драмскиот театар повторно реагираше на дезинформацијата дека нема да се појави

на прилепските театарски игри. Точно било само дека нема да се појави пред нерегуларно избрано жири. На конференцијата за печат, свикана од директорот Благоја Чоревски, на која учествуваа и драматургот Богомил Ѓузел, режисерот Димитар Станкоски и носителот на главната улога Игор Џамбазов, тие реагираа на дезинформациите објавени во некои весници, а во врска со мотивите за неучество во натпреварувачкиот дел на Прилепскиот фестивал. Драмскиот театар подолго време и во неколку наврати укажувал на неопходноста од промени на концепцијата, карактерот и организацијата на театарските игри „Војдан Чернодрински". Нерегуларноста во составувањето, и во врска со тоа нелегитимноста на актуелното жири, всушност е резултат токму на тие слабости. Заради тоа уметничкиот колектив на претставата „Чија си" решил да не учествува во натпреварот за наградите, но не и во натпреварот за наклоноста на прилепската публика. Всушност, тие не му ја одречуваат на жирито компетентноста, туку само тоа што според нив не е легално избрано.

Жирито ги додели следниве награди:

Наградата за најдобра претстава во целина ѝ припадна на „Подземна република" од Јордан Плевнеш, во режија на Владимир Цветановски во изведба на НТ Битола.

Наградата за режија му беше доделена на Владимир Цветановски за претставата „Подземна република".

Наградата за сценографија ја добија Валентин Светозарев и Владо Ѓоревски, за претставата „Подземна република".

Наградата за текст му припадна на Јордан Плевнеш за „Подземна република".

Награда за современа сценска драматизација или адаптација не беше доделена.

Наградата за костимографија ја доби Елена Дончева за претставата „Ричард III".

Наградата за музика му беше доделена на Ристо Бојациев за претставата „Подземна република".

Наградите за актерско остварување им припаднаа на:

- Ѓорѓи Јолевски за улогата во „Подземна република";

- Владимир Светиев за улогата на Ричард III;

- Сефедин Нуредини за улогата на Прометеј;

- Јордан Витанов за улогата на Содо арамијата;

- Снежана Конеска-Руси за улогата на Маргарита во „Ричард III".

Наградата за најдобар плакат ја доби Мустафа Асим за претставата на Турската драма „Картонска кутија".

Жирито во состав Тодор Николовски – претседател, Илија Милчин и Крум Стојанов, новововедената награда „Ристо Шишков" за најдобра актерска реализација му ја додели на Јосиф Јосифовски. Наградата ја востанови приватниот донатор Трајан Мартиновски.

Наградата за животно дело му припадна на актерот Крум Стојанов.

Специјалната награда за режија му беше доделена на Рахим Бурхан за постановката на „Ричард III" во МНТ.

Специјалната награда за претставата во целина ѝ припадна на претставата „Картонска кутија" на Турската драма.

Наградата за млад актер „Трајко Чоревски" ѝ беше доделена на Елјеса Касо за улогата во „Картонска кутија".

Наградата за епизодна улога „Димче Трајковски" ја доби Синоличка Трпкова за улогата на Леди Ана во претставата „Ричард III".

Наградата за театарска критика не беше доделена.

Жирито во состав Гоце Ристески, Иван Ивановски и Тачко Локвенец, Наградата на весникот „Нова Македонија" за севкупен уметнички резултат на Театарските игри „Војдан Чернодрински" ѝ ја додели на Турската драма при Театарот на народностите за претставата „Картонска кутија" од Ирфан Бељур, а во режија на Бранко Брезовац. Жирито во потесниот избор ги вклучило претставите „Подземна република" од Јордан Плевнеш и „Ричард III" од Вилијам Шекспир. По опстојно согледување на уметничките резултати на претставите прикажани на Игрите, жирито спомнатите претстави ги вреднувало како врвни остварувања кои отскокнуваат од останатите, секоја на свој специфичен начин, вклучувајќи во себе врвни актерски остварувања, инвентивни

режисерски постановки и сценски решенија со функционална и блескава сценографија и музика во духот на актуелните театарски движења во Југославија, па и во Европа.

На 25. Театарски фестивал во натпреварувачкиот дел учествуваа осум театри од Републикава. Драмскиот театар се повлече од натпреварувањето за награда. Фестивалот го потврди своето место и значење во духот на мотото „Играме – значи постоиме“. Со неучеството (Прилепскиот и Штипскиот театар однапред се изјасниja дека немаат претстава за натпревар) и на Драмскиот театар, Игрите беа осиромашени. Неучеството на штипјани и прилепчани беше протолкувано како нужно зло поради наталожените проблеми со кои се соочуваа овие театарски куќи. Неучеството на Драмскиот театар меѓу театарските луѓе во Прилеп не наиде на разбирање.

Во рамките на придружните манифестации имаше неколку квалитетни претстави кои во своите дострели не заостануваа зад оние во натпреварувачкиот дел и посведочија за експериментите по кои оди театарот. Ова се однесува на поетскиот театар „Скрб и утеха“ и на претставата „Остров“ на Турската драма. Театарот на Ромите „Пралипе“ се претстави со претставата „Крвави свадби“ од Лорка во режија на Рахим Бурхан и таа претставуваше блесок, па и патоказ, прекрасно доживување, сведоштво до каде театарскиот израз може да се искачи, „од кои дамари на душата да излезе и во кои да се насели“. Редовните разговори на Тркалезната маса на критиката ја потврдија успешноста на 25. Театарски игри. Придонес за тоа, како што беше подвлечено на седницата на Советот на игрите, дал и водителот на Игрите – Исмаил Ѓунер. На разговорите, покрај потврдените театарски дејци, беше забележано и учеството на неколкумина студенти од Факултетот за драмски уметности. Младите, со своето присуство, позитивно го одбележаа овогодишниот фестивал.

Одржаните театарски игри во 1991 година се слика и прилика на тогашните состојби во театарските куќи – „борба за опстојување“, забележа критиката. „Кој ќе биде пожесток во резимирањето – ќе напише и дека немаше игри“. Немаше игри на кои во досегашните одржувања на Фестивалот не му се упатуваа забелешки на жирито. Овојпат се случи и тоа. Се зборуваше дека жирито ги поделило наградите по мера, бидејќи копјата се кршеа меѓу НТ Битола и Турската драма. Победи подобриот. На една изведба на претставата „Чија си“, Благоја Чоревски без да сака кажал дека таа претстава не носи награди. Наспроти нив, за одбележување беше настапот на НТ Велес и на НТ Куманово. Ова особено важи за велешани, кои иако имаа само деветмина актери – го докажаа мотото „Играме – значи постоиме“. Наспроти нив, прилепчани по многу натегања дали воопшто да настапат, настапија како придружен „елемент“ со „Кожа“ од Василие Димески.

На крајот, останаа недоречени прашањата што натаму со Игрите, зашто неоспорно се заклучи дека многу работи треба да се менуваат во организациска смисла. Се предложи Советот да се повлече и Републикава „... да создаде жесток и полн со нови и убави идеи, кадар. Да му ја дадеме шансата...!“

Играме – значи постоиме. Ова гесло со крупни букви беше отпечатено на плакатот на 26. фестивал. Внимателните проследувачи забележаа дека на годишнината (90 години) од формирањето на театарската група „Скрб и утеха“ го немаше ликот на Чернодрински на плакатот.

Да резимираме. Почетокот на Фестивалот помина со презентација на современата македонска драма и беше остварен со претставата на НТ Битола „Подземна република“ од Јордан Плевнеш, во режија на Владо Цветановски, изведба која во сите компоненти покажа висок естетски квалитет. Истата претстава подоцна беше наградена и на Стериното позорје во Нови Сад и се најде на списокот на десетте најдобри претстави во Југославија според реномираното списание „Сцена“. Комедијата на Фестивалот беше присутна со „Ништо без Трифолио“ од Русомир Богдановски во изведба на НТ Куманово и со „Бомбите во салонот Шу-шу“ од Томислав Османли во изведба на НТ Струмица. Мошне солидно изведените претстави, пак, го поставија прашањето за присуство на комедијата на нашите сцени, играњето на дијалекти и чистотата на сценскиот јазик. од

светската класика беше прикажана претставата „Ричард III“ од Шекспир во изведба на Драмата на МНТ.

XXVII Театарски игри (8-17 мај 1992 година)

Дваесет и седмото издание на Театарските игри во Прилеп донесе 11 претстави во натпреварувачкиот дел од продукцијата на сите 11 театарски куќи во Македонија.

Нов претседател на Советот на Фестивалот е Љубомир Чадиковски, директор на Театарот а деца и младинци во Скопје. По негов предлог е составена жири-комисија, во следниов состав: Лилјана Богоевиќ-Јовановски, Мушареф Лозана, Јосиф Јосифовски, Ѓокица Лукаревски и Младен Крстевски, сите актери. И во овој случај имаше компромиси при изборот поради притисоците од поединци кои не се согласуваа со претходната варијанта на жири-комисијата. Новиот Совет, кој веќе месец и пол ја вршеше функцијата до почетокот на Фестивалот, сакаше ова издание на Игрите да го направи поинакво од другите. На претседателот Чадиковски му беше укажана целосна доверба не се крена голема врева околу измената на жирито. Најгласно реагираше Ѓунер Исмаил, кој рече дека со вака изменето жири може да се сфати дека претходното жири е прогласено за нечесно, а сето тоа е поради притисокот што го направија неколкумина што ја матат водата. Со Програмата беше зацртано да настапат сите единаесет театри во земјата. Од оваа година наградата „Ристо Шишков“, промовирана минатата година, ја доделува Собранието на Прилеп, како домаќин на Фестивалот.

Во присуство на голем број гости, истакнати раководители и претставници на културниот живот од Прилеп и Републиката, гостите ги поздрави Љубомир Чадиковски. Пред тоа проф. д-р Кирил Темков ја отвори изложбата на фотографии од Владимир Плавевски. Богатата програма на придружните манифестации беше во избор на Иван Ивановски.

За отворањето на Фестивалот Горан Стефановски напиша пригоден текст под наслов „Легенда за скомрахот“, што го прочитаа 11 артисти од сите 11 театри. Отворањето симболично го означи поврзувањето на театрите од земјата и ја афирмира идејата на годината – Игрите да им се вратат на артистите, што беше мото на театарското дружење „Глумецот е глумец, е глумец, е глумец“.

Претстави во официјална конкуренција:

1. „Крик“ од Блаже Миновски, во режија на Владо Милчин, во изведба на Драмата на МНТ;

2. „Звучни слики“ во режија на Горан Тренчовски, во изведба на Народниот театар од Струмица;

3. „Колобан“ од Блаже Алексоски, во режија на Љубиша Георгиевски, во изведба на Народниот театар Прилеп;

4. „Театар опскурд“ од Агим Мала, во режија на Ахмед Јакупи, во изведба на Театарот на народностите – Албанска драма;

5. „Сирано де Бержерак“ од Ростан, во режија на Љубиша Георгиевски, во изведба на Народниот театар Битола;

6. „Стари фотографии“ од Дингер Сумер, во режија на Душан Наумовски, во изведба на Театарот на народностите – Турска драма;

7. „Кралот Кускуле Први“ од Васил Пујовски, во режија на Душан Наумовски, во изведба на Театарот за деца и младинци;

8. „Нажалена фамилија“ од Б. Нушиќ, во режија на Димитар Станкоски, во изведба на Народниот театар од Велес;

9. „Типот што добива шлаканица“ од Леонид Андреев, во режија на Васил Христов, во изведба на Народниот театар Штип;

10. „Чернодрински се враќа дома“ од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје;

11. „Бисери и свињи“ од Братислав Димитров, во режија на Љубиша Георгиевски, во изведба на Народниот театар од Куманово.

Придружни манифестации:

1. „Емигранти“ од Славомир Мрожек, во режија на Владо Цветановски;

2. Музичко-поетска вечер со Зафир Хаџиманов;

3. Промоција на книгата „Театарот како оружје“ од Наум Пановски;

4. Промоција на монографијата за Тодор Николовски од Иван Ивановски;

5. „Раскрилување“, работена по стихови на Коста Рацин, драматизација на Тихо Стојановски и режија на Владо Денчев, во изведба на поетскиот театар „Скрб и утеха“;

6. „Водена кокошка“ од Виткиевич, во режија на Горан Тренчевски, во изведба на НТ Прилеп;

7. Вечер посветена на Чехов;

8. „Стјуардеси“ од Марк Комолети, во изведба на студентите на ФДУ;

9. „Заповед“ од Хајнер Милер, во изведба на театарот „Чекори“.

Додека траеја Игрите беше издаван билтен, а секоја претстава во конкуренција беше валоризирана на Тркалезната маса на критиката која во годинава ја водеше Ѓунер Исмаил-Папас. Валоризирани беа и наградите, па така наградата за претстава во целина – релјеф со ликот на Чернодрински – замислена како врвна награда, е проследена со уште 50.000 денари; Наградата за животно дело изнесува 100.000 денари; наградата „Ристо Шишков“ 80.000 денари, за текст исто толку; за сценографија, за костимографија и за музика по 40.000 денари; наградите за пет актерски остварувања изнесуваат по 80.000 денари; наградата „Трајко Чоревски“ за млад актер е 40.000 денари; наградата за епизодна улога „Димче Трајковски“ 30.000 денари, а за современа сценска драматизација 70.000 денари, додека за плакат награда од 15.000 денари.

Преполнетиот салон во Центарот за култура „Марко Цепенков“ често пати ги наградуваше со аплаузи изведувачите на претставата „Крик“ од Блаже Миновски, во режија на Владо Милчин, во изведба на Драмата на МНТ. Тркалезната маса не успеа да се соочи со предизвиците што ги нуди текстот и на неа зборуваа само тројца учесници, кои и не се обидоа да изнесат посериозни судови. Дискутантите зборуваа околу тематската разгранетост на драмската содржина, за класифицирањето на драмата, пофални зборови беа изречени за успешната игра на Илија Милчин (Отец Наум), Александар Шехтански (Ронткоњ) и Мето Јовановски (Војдан).

Претставата „Звучни слики“ работена според партитурата на Горан Тренчевски, кој се претстави и како режисер, сценограф и костимограф, а во изведба на НТ „Антон Панов“ од Струмица, според реакцијата на публиката и на дискутантите на тркалезната маса посветена на неа, наиде на добар прием навестувајќи го видливиот подем на Струмичкиот театар. „Звучни слики“ како целосен авторски проект на Горан Тренчевски, автор на драматизација работена по текстови на Шекспир, Чехов, Бекет, Мацунков и Стефановски, од критиките беше оценет мошне пофално, при што се истакна дека театарот со сопствени актерски сили покажува дека вистински театар е можен и во помалите средини. Беше поздравена успешната режија на Тренчевски, за кого се рече дека само со неколкуте свои режии веќе се наметна во јавноста со својот талент, најавувајќи дека мошне бргу може да се развие во исклучителен режисер.

Претставата „Колобан“ од Блаже Алексоски, во режија на Љубиша Георгиевски, прикажана на матичната сцена, беше наградена со долготраен аплауз. На Тркалезната маса на критиката во повеќе дискусии беше пофален настапот на актерите, издвојувајќи го Кирил Ристески со својата уметничка изведба на централниот лик Колобан. „Колобан“ доби исклучително ласкави оценки. Првиот предуслов да се случи оваа претстава беше добриот текст на Блаже Алексоски, кој на актерите им овозможи да остварат успешни актерски креации што ќе се паметат, пред сè онаа на Кирил Ристески, но и на Петар Темелковски, Петар Мирчевски, Благоја Спиркоски-Џумерко и другите членови на ансамблот од „прецизниот и инвентивен“ режисерски ракопис на Љубиша Георгиевски.

За двете претстави се кажа дека „се осмелија“ да ги разорат сите фосилни сомневања дека уметноста стои на стаклени нозе, покажувајќи дека таа претставува отворен бунт (и доказ) против сите оние кои се јавуваат со помислата или дилемата од типот „дали Театарот сè уште постои?“ постои и уште како, беше констатирано на Тркалезната маса на критиката.

Претставата „Театар опскурд“ од Агим Мала, во режија на Ахмед Јакупи, во изведба на Театарот на народностите – Албанска драма, оценета е како успешно театарско остварување, за што посебен придонес дава играта на целокупниот актерски ансамбл, а

пред сè: Рефет Абази, Џевад Лимани, Бајруш Мјаку и Силвана Бојчинци. За успехот значаен е уделот на режисерот Ахмет Јакупи, кому оваа претстава веројатно му е најуспешната режија досега. Во дискусијата се истакнаа некои сцени за кои се рече дека се антологиски. Отсуството на публиката би се надминало со набавување на техника за симултано преведување.

Претставата „Емигранти“ од Славомир Мрожек, во режија на Владо Цветановски, од придружната програма, беше оценета пред сè како актерска игра во која Ѓорѓи Јолевски и Сенко Велинов покажаа врвно актерско мајсторство, а нивните улоги беа означени како маестрални.

Меѓу другите случувања, беше промовирана книгата на Наум Пановски „Театар како оружје“, за која говореше театарскиот критичар Иван Ивановски. Во разговорот воден за книгата се кажа и се оцени како значаен придонес во развојот на театарската мисла кај нас која се обидува да одговори и на прашањето за употребата на театарот како оружје или орудие, а беше посочен и принцип на напоредноста што го користи Пановски.

Изведбата на „Сирано де Бержерак“ од Ростан, во режија на Љубиша Георгиевски, на НТ Битола, публиката ја поздрави со долготраен аплауз, а често монолозите што ги кажуваше Петар Мирчевски (Сирано) беа прекинувани од аплаузот на одушевените гледачи. На разговорите можеа да се чујат мислења дека претставата ја означува кризата на Битолскиот театар, а и такви кои проектот го сметаат за врвен дострел на Ансамблот во овој миг. Пофалбите беа побројни. Оваа претстава, а особено носителот на главната улога Петар Мирчевски (Сирано), е антологиска претстава и лик во македонското глумиште. „Не паметам така чисто, убаво, што се лизгаат од јазикот зборови, стихови да сум чул од нашата сцена. За жал и овојпат како да се покажа дека Тркалезната маса на критиката нема доволно сили за донесување „релевантни театарски оценки со аналитичен пристап, зашто најчесто се сведува на изнесени импресии, при што малку станува збор за главните фактори на една претстава актерите“, остана запомнато за оваа претстава. Тоа говори дека театарската критика не успеала да го следи или да го надвиши развојот на театарот кај нас.

Беше промовирана монографијата за Тодор Николовски, подготвена од Иван Ивановски, за која говореше д-р Васил Тоциновски, а извадоците од монографијата читаше актерот на велешкиот театар Младен Крстевски.

Турската драма ја прикажа претставата „Стари фотографии“ од Динер Сумер, претставник на модерната турска драматургија. Овој текст се вбројува меѓу најзначајните настани од седумдесеттите години. Претставата беше оценета со многу ласкави оценки што, пред сè, се однесува на играта на Бедија Беговска, која ја толкуваше главната улога, на колоритниот и инвентивен режисерски ракопис на Душан Наумовски, како и на вонредниот придонес што за успехот на пиесата го дадоа сценографијата и костимите на Владимир Георгиевски и музиката на Љупчо Константинов. Беа посочени и актерските остварувања на Салаетин Билал, Атила Клинче, Елјеса Касо и Наџи Шабан.

Стана збор и за проектот „Раскрилување“, работен по стихови на Коста Рацин, во драматизација на Тихо Стојановски и режија на Владо Денчев, а во изведба на поетскиот театар „Скрб и утеха“. Остварувањето на овој специфичен театар со „карактеристичен сензибилитет“ беше оценето како нагорен од во досегашниот развој на единствениот од ваков род театар кај нас.

Претставата „Водена кокошка“ од Виткиевич, во режија на Горан Тренчевски, во изведба на НТ Прилеп, беше оценета мошне поволно. Нејзината визуелност и разиграност во духот на модерните европски трендови претставуваше освежување на репертоарот на Фестивалот. Се издвоија артистичките остварувања на Трајче Георгиевски, Весна Петрушевски, Димитар Вандески, Марјан Чакмаковски, Благоја Спиркоски, Најдо Тодески, Виолета Лазаровска и други.

Претставата „Кралот Кускуле Први“ од Васил Пујовски, во режија на Душан Наумовски, во изведба на Театарот за деца и младинци од Скопје, стана повод да се разговара за статусот на најмладиот професионален театар, за улогата на детските театри. Отсуствуваа уредно поканетите театарски критичари, што

беше своевидна провокација театарските дејци самоволно да констатираат дека се доволни самите на себе и духовно супериорни за релевантни оценки на театарот како чин, притоа прашувајќи постои ли театарска критика. Покрај сè ова, тркалезната маса не само што не понуди вреднувани судови, туку немаше ни размисли за претставите одржани претходната вечер.

Не се кажа ништо ниту за претставата „Нажалена фамилија“ на Велешкиот театар, што публиката во преполниот салон ја поздрави со долготраен аплауз. Претставата во која гостуваа и неколку артисти од Драмскиот театар од Скопје, покажа дека колективот и покрај мошне лошите услови има потенцијали за квалитетна театарска продукција. Сите актери дадоа свој придонес, а Игор Џамбазов се наметна со блескавата игра како Мика, Диме Илиев со прецизно градениот лик на Танасие, Јордан Витанов со ненаметливата игра како Трифун, а беа забележани и остварувањата на Благоја Чоревски (Агатон) и Кирил Гравчев (Прока).

Претставата „Типот што добива шлаканица“ од Леонид Андреев, во режија на Васил Христов, е остварување што го докажува творечкиот растеж на штипската театарска сцена. Посебна заслуга за успешната претстава имаа артистите: Алеко Протугеров, Филимен Ѓинес, Елица Арева, Стојан Арев и гостинот од МНТ Чедо Христов, кој ја толкуваше насловната улога.

На тркалезната маса беа поздравени и настапите на НТ Битола и НТ Велес во манифестацијата Вечер посветена на Чехов, а посебно беше подвлечена успешната актерска игра.

Сите 11 театри беа на Фестивалот. И покрај ваквите времиња, театарот остана да живее, секоја вечер се играше пред полн салон. Во Прилеп се појавија и некои „паметни дечки, млади режисерски имиња, како Горан Тренчевски и Васил Христов, кои не патат од комплексот на големи и провинциски театри, туку од желба да се игра театар, па поставуваат претстави во Штип и Струмица“.

Со претставата „Бисери и свињи“ работена по текст на Братислав Димитров, а во режија на Љубиша Георгиевски и во изведба на НТ Куманово, заврши натпреварувачкиот дел од Фестивалот. Во рамките на придружните манифестации беа прикажани уште претставите „Стјуардеси“ од Марк Каполети во изведба на студентите од Факултетот за драмски уметности во класата на Димитрие Османли и „Заповед“, работена по текст на Хајнер Милер, во режија на Боре Ангеловски, со театарот „Чекори“.

За претставата „Чернодрински се враќа дома“ од Горан Стефановски, а во режија на Слободан Унковски и во изведба на Драмскиот театар, беа изнесени грст пофални мислења како за играта на актерите, така и за режијата, сценографијата и останатите елементи кои придонесоа за квалитетот на претставата. За претставата се кажа дека темелникот на македонскиот театар и драма, на најдобар можен начин се врати дома.

Фестивалот заврши на 17 мај со доделувањето на наградите, а во чест на наградените беше прикажана балетската претстава „Пинк Флојд“ од Драгутин Болдин.

Жири-комисијата која се состана на 17 мај 1992 година, ја соопшти следнава одлука:

Добитник на наградата за животно дело на Игрите е Тодорка Кондова-Зафировска.

Наградата за уметничко остварување на претстава во целина му припадна на Драмскиот театар од Скопје за претставата „Чернодрински се враќа дома“ од Горан Стефановски, а во режија на Слободан Унковски. Наградата е донесена со мнозинство гласови.

Наградата за текст му се доделува на Блаже Алексоски за текстот „Колобан“. И оваа награда е донесена со мнозинство гласови.

Наградата за современа драматизација или адаптација му се доделува на Горан Тренчовски за претставата „Звучни слики“. Наградата е донесена со мнозинство гласови.

Наградата за режија му се доделува на Слободан Унковски за претставата „Чернодрински се враќа дома“. Наградата е донесена со мнозинство гласови.

Наградите за актерско остварување едногласно им се доделени на:

- Бедија Беговска за улогата на Севган во претставата „Стари фотографии“;

- Кирил Ристески за улогата на Кемал Мисирлија-Колобан во истоимената претстава;

- Петар Мирчевски за улогата на Сирано во претставата „Сирано де Бержерак“.

Наградите за актерско остварување со мнозинство гласови им се доделени на:

- Мето Јовановски за улогата на Војдан Развигоров во претставата „Крик“;

- Благоја Чоревски за улогата на Агатон во „Нажалена фамилија“, како и за улогата Георги во „Чернодрински се враќа дома“.

Наградата за сценографско решение му е доделена на Владимир Георгиевски за претставата „Стари фотографии“. Наградата е доделена едногласно.

Наградата за костимографија ѝ припадна на Елена Дончева за претставата „Нажалена фамилија“ Наградата е донесена со мнозинство гласови.

Наградата за музичко остварување му е доделена на Љупчо Константинов за музиката во претставата „Стари фотографии“. Наградата е донесена едногласно.

Наградата за епизодна улога „Димче Трајковски“ ја доби Салаетин Билал за претставата „Стари фотографии“. Наградата е донесена едногласно.

Наградата за млад актер „Трајко Чоревски“ му се додели на Петар Горко за улогата на Кристијан во претставата „Сирано де Бержерак“. Наградата е донесена со мнозинство гласови.

Наградата за театарска критика не е доделена.

Златната плакета на „Нова Македонија“ ѝ припадна на претставата „Чернодрински се враќа дома“ со едногласна одлука на жирито во состав: Виолета Џолева-Зупчевиќ (претседател), и Глигор Стојковски и Гоце Ристовски (членови). Тоа оцени дека „станува збор за театарски проект што ќе претставува одредница во барањата нов сензибилитет во актерската игра на нашите театарски сцени, целосно заокружен со вонредни креации на сите елементи во претставата водени од режисерскиот ракопис на Слободан Унковски“.

Оваа награда е востановена во 1984 година, а се доделува за севкупен уметнички резултат на една сценска реализација. Прв носител на ова признание беше Народниот театар од Битола за претставата „Натемаго на филозофскиот факултет“ од Иво Брешан, а во режија на Владимир Милчин. Во 1985 година наградата ѝ припадна на претставата „Среќна нова 1949“ од Горан Михиќ во режија на Слободан Унковски, изведена од Драмата на МНТ. Во 1986 година наградата ја доби Драмскиот театар за „Викенд на мртовци“ од Миле Попоски, во режија на Коле Ангеловски. Во 1987 година, наградата ја понесе Народниот театар до Битола за претставата „Калуѓерички тишини“ од Слободан Шнајдер, а во режија на Владимир Милчин. Во 1988 година наградата ја доби претставата „Сенка“ од Митко Мацунков, во режија на Бранко Ставрев, на Народниот театар Струмица. Во 1989 година наградата ја доби Турската драма при Театарот на народностите за претставата „Кавкаски круг со креда“ од Брехт, во режија на гостинот од Турција Јуџен Ертел. Битолскиот театар по трет пат ја доби оваа награда во 1990 година за претставата „Хамлет“ од Шекспир во режија на Љубиша Георгиевски. Во 1991 година со наградата повторно се закити Турската драма на Театарот на народностите за претставата „Картонска кутија“ од Ирфан Бељур, а во режија на Бранко Брезовац.

По неколку години, на Игрите првпат настапија сите професионални театри со своите најдобри проекти, потврдувајќи го нагорниот од и во овие кризни времиња Фестивалот изнајде сили, со сесрдната поддршка на општеството, да го задржи своето реноме.

Непроспаната, последна ноќ од Фестивалот ги собра во бифето на старата зграда артистите и директорите, а од жирито ни трага ни глас. Сите тие се, како што Горан Стефановски напиша специјално за отворањето на Игрите, скомрахи, актери според преданието за скомрахот кој е човек безбожник, ученик на ѓаволот, кој еден ден решил да му се поклони на Бога. Влегол в црква за да ја одигра пред Бога својата претстава. Ја одиграл пред иконата на Богородица, целиот испотен како таа ќе го прими. Според преданието, Богородица се симнала од иконата, нежно го зела во прегратка и му ја избришала потта од челото.

Покрај другите стојности, Фестивалот ги избриша границите на театар од провинција и театри од голем град, што се гледа од фактот дека немаше претстава без гости од театрите

што се сметаат за најдобри. Директорите остануваа или специјално доаѓаа да ги видат, но и да им покажат респект на колегите. Ова не важеше и за МНТ, зошто тие имаа „поважни работи“. Така остана запишано за 27. фестивал.

XXVIII Театарски игри (7-14 мај 1993 година)

За нов претседател на Советот на Театарските игри „Војдан Чернодрински“ е наименуван Благој Стефановски, директор на НТ Битола, а за секретар на Игрите Жикица Петрески, потпретседател на Собранието на Прилеп. Селектор на 28. Театарски игри „Војдан Чернодрински“ беше Иван Ивановски, театарски критичар и театролог од Скопје. Оценувачката комисија ја сочинуваа: Лилјана Мазова, театарски критичар (претседател), Љубиша Георгиевски, режисер и професор на ФДУ Скопје (член) и Ристо Стефановски, театролог од Скопје (член). Водители на Тркалезната маса на критиката беа д-р Кирил Темков, професор на Универзитетот „Кирил и Методиј“ и Љубиша Никодиновски-Биш.

Во убаво приготвениот каталог во воведниот напис на новиот претседател на Советот Благој Стефановски, меѓу другото пишува дека тој со години очекувал Театарските игри да „прераснат во фестивал со своја специфична боја, физиономија, препознатливост“. Понатаму дека од оваа година е воведена нова функција Селектор на Фестивалот и овогодишниот фестивал е фестивал на домашната драма. „И што денес, во овие клаустрофобични времиња и простори, ако на еден ваков фестивал како мал прозорец кон светот, како саем на македонскиот театар и место каде што светот ќе дојде и ќе види кој е нашиот автентичен театарски производ“.

Пријавувањето на театрите заврши во предвидениот рок, крајот на февруари 1993 година. Албанската драма при Театарот на народностите и Театарот за деца и младинци не конкурираа за учество на Фестивалот, додека Турската драма во меѓувреме изврши измена на својот првобитен предлог, што селекторот го прифати. Поканата Албанската драма да земе учество на Фестивалот со претставата „Баал“ и Театарот за деца и младинци со претставата „Беше тоа на дивиот запад“, се разбира надвор од конкуренција не беше прифатена. Албанската драма сакала да биде застапена со свој проект на Игрите со дело од Исмаил Кадаре, автор од соседна Албанија. Пропозициите децидно укажуваат на правото на застапеност само на домашен драмски текст, односно автор, а не писател кој ѝ припаѓа на друга национална култура и литература, кој создава надвор од границите на нашата земја, што е практика на сите национални театарски фестивали.

Селекторот предложи девет претстави во официјална програма, од кои 7 во натпреварувачкиот, а две по негова покана. Предложи 28. Театарски игри „Војдан Чернодрински“ да бидат отворени на 7 мај, во нова фестивалска концепција – како фестивал на домашната драма, што значи во конкуренција за награди да се селектираат само проекти работен со текстови од продукцијата создадена од автори што творат во Македонија. Скратено е и времето на траење на Фестивалот од 10 на 8 дена, во кои ќе бидат прикажани 8 претстави во официјална конкуренција за награди и седум претстави како придружни манифестации на Фестивалот.

Во преполнетата сала на Домот на културата „Марко Цепенков“, Игрите за отворени ги прогласи претседателот на Советот на Фестивалот Благој Стефановски, а меѓу присутните во салата беа и претседателот на владата, Бранко Црвенковски и министерот за култура Ѓунер Исмаил.

Претстави во официјалниот натпреварувачки дел:

1. „Балканот не е мртов“ од Дејан Дуковски, во режија на Сашо Миленковски, во изведба на НТ Битола;

2. „Лулка“ од Блаже Миневски, во режија на Владимир Милчин, во изведба на НТ Прилеп;

3. „Женски прилог за ноќта“, од Блаже Миновски, во режија на Владимир Милчин, во изведба на Драмата на МНТ;

4. „Game over“ по текст и режија на Сашо Миленковски, по мотиви од „Парите се отепувачка“ на Ристо Крле, во изведба на НТ Куманово;

5. „Големиот Чичо“ од Васе Манчев, во режија на Бранко Ставрев, во изведба на НТ Штип;

6. „Грев или шприцер“ од Сашко Насев, во

режија на Димитар Станкоски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје;

7. „Смртта на Питија“ од Маја Стевановиќ, во режија на Доминик Мејер, во изведба на Турската драма при Театарот на народностите.

Придружни манифестации:

1. „Време за сонување“, авторски проект на студентот по режија, Златко Славенски, во изведба на НТ Велес;

2. „Црна дупка“ од Горан Стефановски, во режија на Неделко Делчев, во изведба на студенти на Театарската академија „Крсто Сарафов“ од Софија;

3. „Беше еднаш на Дивиот Запад“ од Драган Бошковиќ, во режија на Димитар Османли, во изведба на Театарот за деца и младинци од Скопје;

4. „Тартиф“ од Молиер, во изведба на студенти од ФДУ;

5. „Окото на мајката“, авторски проект на Владо Цветановски во изведба на Младинскиот културен центар од Скопје;

6. „Ќелавата пејачка“ од Јонеско во режија на Владо Денчев, во изведба на театарот Скрб и утеха“;

7. „Доброволни затвори“ во изведба на гостите од Австралија;

8. „Евангелие по Јуда“ од Југослав Петровски, во изведба на НТ Струмица, но претставата не се одржа поради добиени закани.

9. „Последна шанса“ од И. Карадак и Љ. Силјановски, во режија Д. Станкоски;

10. Промоција на три театарски книги: „Одбрани дела на Војдан Чернодрински“ од Александар Алексиев; Монографијата „Димче и Ацо Стефановски“ од Иван Ивановски и „Делос – остров што плови“ од Бранко Ставрев;

11. Изложба на театарски плакати од Мустафа Асим;

12. Изложба на фотографии од Александар Ѓорѓиев и Љупчо Илиевски;

13. Настап на Нада Гешоска со поетски рецитал по стихови на Блаже Конески.

Претставата „Балканот не е мртов“ од Дејан Дуковски, во режија на Сашо Миленковски, во изведба на НТ Битола, открива понова линија во толкувањето на нашето драмско наследство, која нуди на режисерско-актерски план еден завиден сценски стандард. Таа беше топло примена со аплаузи на отворена сцена, а доби мошне ласкава оцена на Тркалезната маса на критиката.

Втората тркалезна маса започна со свеченост на која Ристе Ристески, претседател на Друштвото за наука и уметност од Прилеп, на Илија Милчин му врачи одлука со која тој станува почесен член на ова друштво. Двете претстави на текст на Блаже Миновски и во режија на Владимир Милчин – „Лулка“ и „Женски прилог за ноќта“ – публиката ги поздрави со аплаузи кои повеќе беа упатени кон актерската игра. Играта на актерите беше тема на тркалезната маса, како и режисерскиот опус на Владимир Милчин и драмското творештво на Блаже Миневски. Потенцирана беше актерската игра на доајенот Илија Милчин, Кире Ристески, Виолета Лазароска, Марјан Чакмакоски, Валентина Божиновска (к.г.), Димитар Вандески и Најдо Тодески. И за втората претстава предмет на разговор беа актерите и нивните остварувања, кои беа наречени блескави. Станува збор за Мими Таневска, Душко Костовски, Емил Рубен и Александар Шехтански, на кои како рамноправни партнери со енергија и жар им се приклучија оние од младата генерација: Весна Петрушевска, Горан Стојановски, Даница Георгиева, Тони Михајловски и Никола Ристановски. Водителот на дискусијата Кирил Темков, во оценката за двете претстави, рече дека тие се храбра можност нашата историја да се прикаже од сцената, дека станува збор за расчистување на нештата, за ангажиран театар кој не се плаши да ја бара вистината. Му се забележува на авторовиот ракопис дека и во двата текста одеднаш се сака да се кажат многу нешта од минатото, но дека тие се нафрлени и со многу импровизации.

„Game over“ на НТ Куманово, во режија и текст на Сашо Миленковски, работен по мотиви од „Парите се отепувачка“ од Ристо Крле, и кај публиката и кај критиката застана на врвот од досега прикажаните претстави. Таа беше прикажана двапати во иста вечер. Претставата беше мошне ласкаво оквалификувана од критиката, а публиката ја прими со воодушевување. И во оваа пиеса брилјираа

четворица актери: Митко Апостоловски, Љубиша Гојковиќ, Горан Илиќ и Вера Ристовска. Претставата, пред сè од колегите актери, беше оценета како проект кој по неколку години во кои му беше оневозможено да биде присутен на Фестивалот во Прилеп од познати причини, се извишува на врвот на македонската театарска уметност.

Пријатно изненади и ја воодушеви публиката претставата „Време за сонување“ на НТ Велес, а сега авторски проект на студентот по режија Златко Славенски и артистите Милица Стојанова (к.г.) и Младен Крстевски. Заедничко за двете претстави е потписот на драматуршките предлошки, текстовите врз кои се градени претставите, а на кои повод им е сонот. Во „Време за сонување“ како драмски вовед е дадено творештвото на Војдан Чернодрински, Антон Панов, Ристо Крле и Горан Стефановски, чија тема е печалбарството. Претставата на НТ Велес, според одлуката на селекторот Иван Ивановски, учествуваше по покана, надвор од натпреварувачкиот дел. Бевме сведоци, видовме две претстави, мораше да се признае дека вистинскиот театар и уште како го има во помалите театри. Кирил Ристески, воодушевен од виденото, изјави: „Видов театар со крв, пот и месо“. Во „Време за сонување“ сценографијата беше на Валентин Светозарев, костимите на Елена Дончева, а улогите, покрај Милица Стојанова и Младен Крстевски, ги толкуваа Кица Велјановска, Ѓорѓи Бисерков, Александар Ѓорѓиев, Коче Мицев, Македонка Попниколова, Валентин Миланов, Далиборка Темелкоска, Јордан Витанов, Јелена Жугиќ, Слободанка Чичевска, Весна Димитровска, Љубе Терзиев, Македонка Симсарова, Бојана Аргинова и Никица Николов.

Селекторот Иван Ивановски се колебал околу вклучувањето на штипската претстава „Големиот чичо“ од Васил Манчев, но во него преовладало присуството на нов современ и оригинален драмски текст, забележителните резултати на режисерот Бранко Ставрев и на гостите од Скопје, Снежана Конеска-Руси и Мите Грозданов, како и ангажманот на Ансамблот кој полека но сигурно излегува од својата летаргија. Претставата е од типот кој публиката ја фаќа и станува популарен чин. Фестивалскиот настап со асоцијативноста што текстот ја прави кон сите големи Чичовци во разни варијанти зачинети со цени на комичност, ја релаксираа и ја засмејуваа публиката. На Тркалезната маса на критиката се случи нешто друго, се создаде полемичност и во вреднувањето на текстот и во однос на жанровската определба на режисерското читање на текстот. Изостана потемелна расправа, а противставените мислења беа такви дека станува збор за аматерски напишан текст и бледа реализација до оценки дека претставата има вредности достојни за почит, мошне специфични во нашиот современ театар.

На тркалезната маса се водеше дискусија и за претставата „Црна дупка“ од Горан Стефановски, реализирана од студенти на Театарската академија „Крсто Сарафов“ од Софија, во режија на Неделко Делчев. Оценета беше дека имавме можност да видиме чиста и со страст предадена игра со постановка што навлегува во битието на театарскиот чин. Посебно беа подвлечени успешните актерски остварувања, како и дека станува збор за пиеса на сеќавањето што израснува во прекрасен и благ театарски чин. Во разговорот зедоа учество актерите Лидија Лазарова и Стефан Владобрев, режисерот Неделко Делчев и професорот на групата студенти Крикор Азарјан, кои со воодушевување говореа за текстот на Горан Стефановски и за нивниот престој во Прилеп. Најмногу што го привлекло режисерот да го работи текстот била неговата поетика и енергијата што вистински го пленила: „Авторот на текстот многу добро си го знае занаетот“. Режисерот изрази желба да го работи и „Лонг плеј“.

Настапот на Драмскиот театар во Прилеп отсекогаш бил настан. Истото се случи и годинава со претставата „Грев или шприцер“ од Сашко Насев, во режија на Димитар Станкоски. Во претставата учествуваа Ненад Стојановски, Ванчо Петрушевски, Гоце Тодоровски, Јовица Михајловски, Силвија Стојановска, Снежана Михајловиќ, Драган Спасов, Софија Куновска и Магдалена Ризова. Преполниот салон со долготрајни аплаузи ја искажа и својата оценка кон претставата како театар што го респектира подеднакво и со актерски реализации и со тематската определба на претставата. Д-р Кирил Темков ја почна дискусијата велејќи дека сентиментите се главниот извор на

популарноста на претставата. „Се чудам, изјави, какви се тие сентименти за времето за кое некој не се сеќава. Поминаа 30 години од земјотресот во Скопје и денес како никој да не се сеќава на тоа. Пострашно е какви сентименти може да побуди несреќата на луѓето во една пиеса“, додавајќи дека токму тие личности во претставата ја имаа чудната карактеристика на луѓето кои се натпреваруваат да бидат најдобри, а всушност се потпросечни. „Со феноменот Сашо Насев дојде до израз младата генерација. Сашо е тој кој ја донесе динамиката, начинот на мислење кој соодветствува со новата социјално-економска ситуација. Тој нов свет кој се раѓа мора да има и своја уметност. Насев стана навистина феномен на Македонскиот театар.

Дискусијата за претставата, Ненад Стојановски ја пренасочи во друга насока, во полемика за иднината на Фестивалот, предвидувајќи му „самоубиство“, претворање во провинциски, бидејќи го затвора просторот каде што би се одбирале најдобрите претстави за сметка на претстави работени врз домашна драма. Кирил Ристески го надополни Ненада дека вака конципиран Фестивалот ќе им го одземе на творците она што можат да го покажат. Сашко Насев се праша кој е тој што ќе му забрани на еден Брехт или Пинтер да се дружи со Нас? Благој Стефановски кажа дека ние самите пак си го копаме гробот и потсети на истите реакции за „Јане Задрогаз“ или за „Свадбата на Мара“.

Со претставата „Смртта на Питија“ од Маја Стефановиќ, а во режија на гостинот од Швајцарија, Доминик Меер и во изведба на Турската драма, заврши натпреварувачкиот дел од Фестивалот. Пред почетокот на претставата со едноминутно молчење му беше оддадена почит на, во меѓувреме, починатиот режисер Доминик Меер, инаку голем почитувач на македонскиот театар и култура. Претставата беше оценета како култивирано и универзално остварување со интернационален состав на ученици во реализацијата и со прекрасен актерски ансамбл во кој се истакнаа: Атила Клинче, Мејди Бајрактари, Перихан Еџупи, Ердоан Максут и други. Текстот, работен по истоимената новела на Фридрих Диренмат, жестоко расправа за митологијата и проблемот на вистината, со проблемот на емоцијата на жена во виспрен византиски дух. За пиесата се кажа дека е вешто, фино и искрено напишана, во која се расправа и се справува со откривање на лагата и невозможноста да се избегне вистината. Според д-р Темков, претставата била поразнишана во однос на премиерата во Скопје. Авторката на текстот Маја Стефановиќ, дури кога почнала да работи врз текстот видела колку всушност оваа тема е парадигматична со сè она што се случува денес и дека тоа се случувало не сега и овде, туку низ сите времиња наназад. Режисерот сакал да го истражува проблемот, нарацијата, а таа, пак, беше заинтересирана за емоциите.

На последните разговори на тркалезната маса беше предвидено да се разговара за новата концепција на Фестивалот. Љубиша Никодиновски го отвори разговорот поздравувајќи ги присутните и кажа дека сè она што беше предвидено со програмата на Фестивалот успешно е реализирано, со исклучок на претставата „Евангелие по Јуда“ на НТ Струмица. Воедно ги поздрави и гостите од Австралија, кои и порано гостувале на Фестивалот, а за прикажаната претстава „Доброволни затвори“ рече дека целата екипа успешно ни ја долови атмосферата на нашите во Австралија со јасни и остри конотации. Во дискусијата дали овој Фестивал треба да биде фестивал на домашната драма, Благој Стефановски рече дека без домашен драмски текст не може да се гради национален театар. На Игрите се врати вистинската атмосфера. Заинтересираноста и на ансамблите, а и на публиката беше голема. Втората зацртана цел на Фестивалот беше на Игрите да се донесат сите личности значајни за македонскиот театар и трето – дружењето низ разговор беше оценето како извонредно. Низ овој разговор треба да се сондира и да се изгради став за натамошната концепција на Фестивалот.

Михајло Михајловски, поранешен директор на НТ Прилеп, во расправата го истакна своето задоволство од успешното завршување на еден од најдобро конципираните Фестивали досега. Според него, Фестивалот и натаму треба да остане со домашната драма, зашто само во Прилеп има четворица драмски автори. Советот успеа битката да ја дотера докрај и да организира фестивал со селекција, што пак селекторот Иван Ивановски успешно ја изврши, не запаѓајќи

притоа, ниту во една стапица. Михајловски му упати честитки на современиот и творечки пристап на претседателот на Советот. Благоја Чоревски рече дека е и за и против ваквата концепција на Фестивалот. Поради недостигот на квалитетна продукција на драмски текстови, можеби е најдобро Фестивалот во знак на домашната драма да се одржува како триенале. Ако секоја година на Игрите се носат претстави според домашен драмски текст, според Чоревски, тоа ќе биде големо ограничување за театрите. Ристо Стефановски се осврна врз недоаѓањето на претставата „Евангелие по Јуда“ на Струмичкиот театар, што ја возбуди целокупната јавност. Тој потсети на вакви случаи во минатото, кога во четириесеттите и педесеттите години биле забранувани пиеси на Венко Марковски, Коле Чашуле и други. Во случајов, Театарот како да ја наведнал главата и не смогнал сили да застане во одбрана на сопствениот творечки индивидуалитет, што потсетува на минатите времиња. Ристо Стефановски апелираше од овој собир да произлезе официјално соопштение и став дека македонскиот театар умее сам да решава која е, а која не е пожелна претстава на Фестивалот.

Ванчо Мелев, директор на НТ Струмица, рече дека ако остане ваквата концепција ќе им се направи лоша услуга на писателите, кои за да има продукција ќе пишуваат и послаби текстови. Во врска со откажувањето на претставата „Евангелие по Јуда“, тој рече дека не се работело за страв. Причината била во тоа што претставата преминала во политички чин наместо да остане театарски. Имало закани дека доколку претставата биде прикажана во Прилеп, тогаш Домот на културата ќе биде демолиран, а со актерите не се знаело што ќе се случело. „Затоа ние заедно, со колективот, донесовме одлука на овој Фестивал да не учествуваме со таа анатемисана претстава. И уште повеќе. Нема да остваримe никакво гостување, и покрај многуте покани“. Не сакале да им задаваат неприлики на домаќините, а закани за настапот во Прилеп добиле од некои партии, па дури и од некои пратеници. Директорот му замерува и му е лут на селекторот, кој за оваа претстава се определил да биде претстава по покана, а не како учесник во Игрите.

За најдобра претстава на Фестивалот е прогласена „Game over“, авторски проект на Сашо Миленковски, во изведба на НТ Куманово.

Наградата за најдобар текст му е доделена на Дејан Дуковски за „Балканот не е мртов“.

Наградата за најдобра режија ја доби Сашо Миленковски за претставата „Game over“.

Наградите за актерски остварувања им припаднаа на:

- Соња Михајлова и Илко Стефановски за остварувањето на ликовите на Цвета и Осман бег во претставата „Балканот не е мртов“;

- Мими Таневска за улогата на Невена во претставата „Женски прилог за ноќта“,

- Горан Илиќ за улогата на Ангеле во претставата „Game over“;

- Драган Спасов за улогата на Џанго во претставата „Грев или шприцер“.

Наградата за најдобра сценографија ја доби Крсте Џидров за претставата „Женски прилог во ноќта“.

Наградата за најдобар плакат ја доби Крсте Џидров за претставата „Грев или шприцер“.

Наградата за костимографија му е доделена на Благоја Мицевски за претставата „Женски прилог за ноќта“.

Наградата за најдобра музика му е доделена на Венко Серафимовски за музика во претставата „Балканот не е мртов“.

Наградата за епизодна улога „Димче Трајковски“ ѝ е доделена на Магдалена Ризова за улогата на Мими во „Грев или шприцер“.

Наградата за млад актер „Трајко Чоревски“ му е доделена на Тони Михајловски за улогата на Крали Марко во претставата „Женски прилог за ноќта“.

Наградата на весникот „Нова Македонија“ за претстава во целина ја доби претставата „Game over“ од Сашо Миленковски, во режија на Сашо Миленковски и во изведба на НТ Куманово. Наградата ја додели жири-комисијата во состав: Гоце Ристовски (претседател) и членовите Горан Тренчовски, режисер, и Тренчо Димитриовски, поет. Во одлуката на жирито се вели дека во потесниот избор за наградата жирито ги вклучило и претставите „Женски прилог за ноќта“ и „Балканот не е мртов“. Во натпреварувачкиот дел постоела огромна

дисонантност во квалитетот на претставите. Жирито истакна дека одделни претстави што беа надвор од натпреварувачкиот дел оставиле посилен впечаток, за разлика од некои вклучени во официјалната програма. Наградената претстава „Game over“ се одликува со темелно режисерско истражување на драматуршкото ткиво на Ристо Крле, притоа внесувајќи свежина и посебна инвентивност. Во остварувањето на прецизната авторска постановка се нуди извонредната симбиоза на сопствената замисла што се заснова на највозвишените придобивки на нашата традиција со современите европски тенденции. Ваквиот приод остава можност за вонредни актерски креации што актерите на Кумановскиот театар ја искористија на суптилен начин, настапувајќи по замислата и концепцијата на авторот.

Наградата за животно дело му е доделена на актерот Јосиф Јосифовски, актер на НТ Битола. Во образложението се вели дека тој е професионален актер 45 години, а првата улога ја добил во 1948 година во Градскиот театар во Титов Велес во претставата „Обичен човек“ од Б. Нушиќ. Досега има одиграно околу 220 улоги на театарската сцена и околу 40 на филм и телевизија. Посебно му се драги улогите на Езоп во „Лисицата и грозјето“ и во „Дрвена чинија“ од Лон Едисон. Негов најзначаен актерски период, неговите најзрели остварувања се од времето кога бил член на НТ Прилеп, чиј управник и режисер бил вдахновениот Мирко Стефановски.

Наградите свечено беа доделени на сцената во Домот на културата во Прилеп пред настапот на артисти пејачи кои ги поздравија наградените. Најактуелно беше прашањето што произлезе од дилемата дали Фестивалот може секоја година да издржи висока селективност на претстави правени врз домашни текстови. Имаше дилеми дали Фестивалот е вака конципиран за да се загатне нов фестивал со интернационален карактер, што не би било тешко да се претпостави каде ќе биде. Вака конципираната трибина особено предизвика вознемиреност кај директорите на театрите кои истовремено беа и членови на Советот на Фестивалот, а кои пред неколку месеци го изгласаа предлогот на Благој Стефановски и Иван Ивановски Прилепските театарски игри да станат фестивал на домашната драма.

Фестивалот заврши. Доаѓаа млади луѓе кои разговараа и модерно и разбирливо и правеа вистинити и болни процени на состојбите. Се промовира воведувањето селектор, кој донесе по три претстави во една вечер и даде можност да се прави нова селективност. Во претставите доминираше младоста, и тоа на голема врата, како на автори, режисери, актери. Тие го заседоа своето место, ја покажаа решеноста да бидат носители на уметноста на која исцело и припаѓаат. Наградени се: Дејан Дуковски, Сашо Миленковски, Магдалена Ризова, Тони Михајловски, Благој Мицевски, Венко Серафимовски, со нив беа и ненаградените Сашо Насев, Маја Стефановиќ, Блаже Миновски, Горан Тренчовски, Златко Славенски, Владо Јовановски, Никола Ристановски и други. Тоа е најубавото и најрадосното што го доживеавме на 28. фестивал во Прилеп.



ЛИЧНОСТИ

Ана Иљоска

ЗЛОТО СЕ ПОБЕДУВА СО ТЕАТАР

Васил Иљоски е роден во Крушево на 20. XII 1902 г., а починал во Скопје, I. XI 1995 г. Тој е драмски писател, есеист, критичар, книжевен историчар и истакнат педагошки работник. Бил член и еден од основачите на Друштвото на писателите (1947). Член е на МАНУ од нејзиното основање (1967) и бил Секретар на Одделението за уметност до 1976 г. А потоа член на Претседателството на МАНУ. По повод 90- годишнината од неговиот живот МАНУ констатира дека тој го зазема видното место во македонската преродба. Според констатациите на МАНУ тој е великан на македонската драмска литература, а неговото познато дело „Бегалка“, прво дело изведено на македонски јазик меѓу двете светски војни, е чин од исклучително национално значење за историјата на македонската култура. Во Кралството Југославија, со оваа драма изведена во 1928 година во Скопскиот театар, напишана на забранетиот македонски јазик, Иљоски ја почна револуционерната борба за македонскиот јазик и за македонската кауза. Набргу изведбата на „Бегалка“ била забранета, а Иљоски бил жестоко прогонуван.

Биографија

Васил Иљоски во родното Крушево дипломирал во 1926 година - југословенска книжевност на Филозофскиот факултет. Предавал во кумановската и во други српски гимназии. Заради неговите појави спротивни на великосрпската политика е разместуван и прогонуван во Алексинац, и во Црна Гора во Пљевља. По ослободувањето извршува низа значајни општествени функции: во 1945 година е истакнат член на Комисијата за востановување на азбуката, потоа член и на Комисијата за јазик и правопис и кодификација на македонскиот литературен јазик, и сè до крајот на неговиот живот работи на зацврстувањето и афирмацијата на македонскиот јазик. Тој е учесник во редактирањето на првиот учебник за македонски јазик истовремено драматург и лектор во Македонскиот народен театар. Потоа, тој е директор на Средната театарска школа, прв директор на гимназијата „Јосип Броз Тито“, професор на Вишата педагошка школа, член на редакциите на списанијата „Литературен збор“ и „Современост“, член на Советот на Институтот за македонски јазик.

Тој е истакнат истражувач на целиот комплекс на фолклорното богатство и негов афирматор. Неговите реферати, есеи и други прилози на научните собири се особено забележани и високо оценувани.

Неговите драми се оценети како филозовско-психолошки, како драми на карактери, драми на судирот меѓу старото и новото при што социјално-психолошките мотиви на јунаците избиваат во прв план. Изведувани се во сите



театри со рекордна посетеност. Со најпозитивни критики се изведувани и во странство (Бугарија, Албанија, Полска, Романија, Италија). На 30-тите театарски игри одржани во Прилеп на 18.11.1970 г. со „Бегалка“ се постигнати сите седум можни награди и Златна плакета на весникот *Нова Македонија*, а Иљоски како автор по исклучок, за развојот на театарот во Македонија е награден со врвно признание „Војдан Чернодрински“. Бегалка е многупати наградувана со гран при во земјата и во странство. Драми: *Беѓалка, Чорбаџи Теодос, Биро за безработни, Ученичка авантура, Два стрема еден, Чест, Кузман Капидан, Млади синови, Допирни точки, Окрвавен камен, Свадба, Смрт за живот* и други. Едночинки и радиодрами: *По матурата, Пиши Панче, Први на Марс, Златната рипка, Печената шатка, Богатата вдовица, Грабната нива, Шатор и телефон, Бумеранг, Белата ала* и други.

Малиот Васил, познато е, се родил и растел во Крушево, во време на крвави балкански луњи, крвавоносни пропаганди, политики и посегања врз оваа наша Македонија, не само од соседите туку и од интересите на темните сили што стоеја зад нив. Неговиот татко Христо бил убиен од зад грб, неколку месеци пред Васил да се роди. Набргу Васил останал сирак и без мајка, сам со малку поголемата сестричка Рајне. Го посвоиле добри, но сиромашни луѓе. Две деца не можеле да издржат, па Рајне ја посвоиле други, исто така сиромашни луѓе. Тие добри, но неуки луѓе, решиле двете деца никако да не се видуваат за, ако е можно, да се подзаборават и да не страдаат едно за друго.

Детството на Васил

„Рајне, раскажуваше Васил, многу ја сакав. Без татко, без мајка таа ми беше сè. Ми беше закрила. Таа ме бранеше кога деца ме задеваа. Си спомнувам на нешто што никогаш не можев да го заборавам, нешто потресно, нешто страотно. Се случи еден ден, ја здогледав на улица. Си притрчавме едно кон друго. Се гушкавме и многу плачевме... Наеднаш Рајне се сепна и уште потрогателно плачејќи рече: *Василче, мораме да се разделиме, ако нè видат ќе нè натепаат!* Ќе се согласиме, бездруго, тоа за тие мали сирачиња, било навистина страотна животна драма... Рајна потоа ја однесоа во Битола за слугинче, во едно поимотно семејство. Беше добра, вредна, и таму ја засакале како свое дете. Но, цели дваесет години немавме никаква можност да се видиме“. Татко ми тука тешко воздивна и подолго замолча.

Но, гледајќи дека сакам уште да кажува тој продолжи потаму:

„Лоши времиња, синко! Многу тешко се живееше. Мајка ми посвоителка, ќе ми скршеше парче леб и ќе речеше: Ајде оди, играј си со децата. Јас одев, но се враќав и ќе речев: Мајко, некои деца на лепчето имаат мед. Стави ми малку мед, суво ми е лепчето. А таа ќе одговореше: Медот синко, уште не дошол. Пак се враќав, но

секогаш медот уште не беше дојден, бидејќи и го немало. Така ќе си го изедев веќе потсушеното од чекање на медот, лепче...“

Младоста на Иљоски

Како гимназијалец во седмиот клас на кумановската гимназија Иљоски заедно со неговите другари во 1920 година ја основале ученичката група „Смелост“ во која ги читал неговите песни со повик да „се искорне“ туѓата великосрпска власт. Веќе и самиот назив укажува на револуционерност. Не било лесно дружината да се нарече „Смелост“. Веќе од самиот карактеристичен назив е јасно дека младиот гимназијалец Васил не се мирел со црната реалност. Неговиот отпор започнал уште во основното училиште кога насилно му го посрбиле името и презимето. Синовите на новодојдените српски колонисти се противеле, барале дружината да се нарече „Певачко друштво“. Сепак мнозинството го поддржува предлогот на Васил и на 16 октомври 1920 г. називот бил усвоен како Уметничка група „СМЕЛОСТ“ на гимназиската младина. Потоа Васил Иљоски бил избран за претседател на групата. Како претседател на групата донесол Правила со дури 29 прецизно формулирани одредби за културно-уметнички активности, посебно за литературни, критичарски и театарски. Во 1922 г. јавно со голем успех ја изведува неговата драма „По матурата“ која самиот ја режира и во која игра улога. Оваа драма е оценета како прва македонска комедија со која македонската драматургија веќе ја достигнала својата зрелост.

Единствени зачувани револуционерни песни напишани од Иљоски:

ПОВИК

I

Срцата наши нежни млади
Нека ги грее на веселоста жар
Ајде да пееме сложно сега!
Песната сѐ е, среќа, чар.

II

Да ги соединиме многуте желби
Нека слогата нѐ гушка нас!
Од песната на љубовта и слогата
Нека се ори громок глас!

III

Од сонцето на вистината и среќата
Ни блеска топол зрак.
Нека ни светне и пролет,
Нека растера, чама мрак!

IV

На работа плодна да налегнеме,
На родот да му користиме свој!
Со знаење себе да се воздигнеме
И да го усреќиме својот дом!
Василије Илич (поради окупацијата авторот не смеел да се потпише како Васил Иљоски)

ЗБОГУМ ДРУЖИНО!

Збогум, збогум остани ти Дружино драга,
Украсена со работа и со другарска слога;
На разделба тага длабока и блага
Го исполнува срцето мое...
Збогум, збогум!

Ми рече, драга, „Создавај, пишувај, работи,
И отвори ми го мене своето срце младо,
Цвеќе на твојата душа во мене посади,
Јас, макар скромно, секогаш ќе го примам радо!“

И јас ти го отворив срцето свое,
Често ти давав и по некој цветок
Со слаб мирис, можеби со бледа боја,
Зашто тоа се и првите обиди мои.

Па ете и сега, разделувајќи се од тебе,
Ти го давам уште и овој цветок...
а со себе
Јас ќе понесам во срцето топла љубов кон тебе.
Ќе ти посакувам секогаш напредок и среќа.

Дружино, ти расаднице на идеали,
Негувај Љубов, правда, вистина, убавина,
Зашто денес животот е преполн со многу зла,
Јас гледам неправда, лага, омраза ругата!...

Да се искорне треба од земјата ни родна
Коров, трње, билките што да користат нема,
Па да се засеат нивите и градините плодни,
Да набуи жито и мирисно цвеќе.

Па и ти, Дружино должна за пофалба на работата,
Треба да дадеш по некој цветок убав,
И во твојата работа, во твојот забрзан од,
Нека те ова тежнение и води и крепи.

Збогум, збогум, остани ти Дружино драга,
Украсена со работа и со другарска слога;
На разделба тага длабока и блага
Го исполнува срцето мое...
Збогум, збогум!
Уч. VIII р. гимн.
20/V.1922 г.
Куманово
Василије Илич

Васил, познато е, беше цврст стоик. Затоа и не се жалеше на својата судбина, па дури и не зборуваше за неа, освен, еве вака, ако не беше попритиснат со прашувања. Тој уште од самото детство и низ целата младост бил изложен на жестоки притисоци да се откаже од своите корени и да биде преобратен во служба на асимилаторските политики. Тогаш кога не сакал да потклекне бил изложен на обиди да биде скршен со кршење и на неговото семејство, со перфидно смислени прогонства на големи

далечини, па и со уцени и врз неговата сопруга, да се откаже од „непоправливиот Васил“ зашто ќе остане без работа. Бил дури и организиран притисок врз нејзините колеги да не разговараат со неа и да ја одбегнуваат. Подоцна Васил бил изложен на закана и по живот. Наспроти притисоците, страдањата, Васил не паднал на колена! Напротив, останал железно тврд, нескршлив, пркосен, незадржлив во однос на неговата хуманистичка слободарска кауза, во однос на определбите: На својот јазик да гради нов свет, човечен, ослободен од сите зла, исполнет со доблести, без војни, крвопролевања, свет на еднакви горди политички, културно, социјално и економски достоинствени луѓе. За својот значаен придонес за македонскиот јазик, литература и култура на Иљоски му било понудено по смртта да биде закопан во Алејата на великаните, но тој сепак одбрал да биде скромно погребан до својата сопруга. „Сакам скромно да бидам погребан до мојата верна и почитувана сопруга Елица која ми беше силна потпора и во најтешките моменти од животот, кога бев дури и прогонуван, и без чија морална и севкупна поддршка не ќе можев да го постигнам она што го постигнав.“ — Иљоски

Хуманистот Иљоски

Основното творечко кредо на Иљоски е хуманизмот и алтруизмот. Тој уште во гимназиските денови, кога во дружината „Смелост“ пишувал, режирал и воедно играл во своите претстави, собраните пари од нив ги донирал за сиромашните соученици. Исто така, Иљоски донирал и две куќи во Крушево. А во времето на бугарската окупација и морално и со редовни месечни прилози ја помагал ослободителната војна. Во животот на Иљоски хуманизмот заземал значителен дел, а за тоа е добитник и на признанието *Достоинственик на хуманоста*. „Она што сакам да го кажам во моето драмско дело не е ни апсурд, ни нихилизам, ни деструкција, моите преокупации одат исклучиво во насока на едноставната, чиста и со ништо необременета хуманост.“ „Не постои повисока цел во уметноста, а и во науката, од онаа да се гради свет на хуманоста.“ — Иљоски

Професорот Иљоски

(Извадоци од „Запис за мојот професор Васил Иљоски“ од ученикот Тодор Димитровски, по 60 години од првата средба)

Во септември 1935 г. влезе во нашиот IVб клас (сегашно осмо одделение) сунизок, но стамен и извонредно спокоен човек. Се претстави и рече дека ќе ни предава „Српскохрватскословенечки“ и наедно ќе ни биде класен раководител. Набргу за професор Иљоски утврдивме дека е мошне благороден човек којшто сите ученици еднакво ги сака и оценува. Во наредните учебни години тој наш впечаток за професорот Иљоски

добиваше нови и нови потврди. Нè водеше сè до крајот, до осми клас. Самиот извонредно стручно подготвен во сите области на својот предмет (граматика, литература, писменост и др.) тој умееше, најмногу поттикнувајќи ја и развивајќи ја смислата на учениците за анализа на литературните дела, да ги направи своите часови мошне интересни. А по неговиот предмет имавме и пет часа во неделата. Од него многу работи научивме, но најмногу, ми се чини, како да бидеме добро писмени луѓе. Тој редовно секое наше пречкртување на одделен збор, зборовен спој или реченица во писмената задача го подвлекуваше сметајќи го за lapsus mentis (грешка во мислењето). Тој очевидно бараше во писмените задачи самодисциплина во обработката на темата. За разлика од другите наставници, тој никогаш не се служеше со оцени што содржеа две цифри. Иљоски даваше само оцени: 2, 3, 4, 5. Никој не приговараше зашто сите бевме уверени дека се реални. На часовите по литература професор Иљоски најмногу го насочуваше нашето внимание; настојуваше на наша сопствена интерпретација, сопствена мисла и поглед. Го ценеше самостојното мислење кај учениците, и по повеќегодишното дружење и заедничка соработка, прекрасно знаеше колку секој од нас вреди. Тој се однесуваше кон секого од нас како кон личност што живее свој живот, кого го мачат сопствени проблеми и тешкотии во средината во која живее. Природно, најмногу проникнуваше во нашата душа токму преку убаво поставените теми за писмени задачи. Професор Иљоски беше прв наш наставник којшто уште во четврти клас гимназија (тоа е сега осмо одделение), кон

секого од учениците се обраќаше со Вие – и така редовно до матурата! Никому му се нема обратено на ти. Затоа го сакавме.

Како класен раководител, мораше и да казнува, но секогаш беше очевидно дека тој дел од часот му е непријатен. Кај него никогаш немаше расправање, викање, заканување како кај другите професори.

Високи оценки од висококомпетентните

„Историјата на нашата драматургија и театар ќе беше многу, многу посиромашна и потажна без драмите на Иљоски. Израснавме гледајќи ги неговите претстави, поставувајќи ги и играјќи во нив, пишувајќи критики за нивните домети, како и кога пишуваме нови драми, а театарското дело во Македонија е на оваа височина благодарение на уметничкото зрачење на неговите пиеси... 83-те премиерни постановки на неговите дела до крајот на неговиот живот, во сите македонски театри, најдобро говорат за неговото огромно и велико дело, значење и зрачење."

Ристо Стефановски – театролог и историчар на театарот во Македонија

„Величината и единственоста на Иљоски е токму во тоа што тој по своите аналитичко-професионални и творечки и уметнички драмски обележја се одделува од своите современици. Тој е врвен творец и една ретко организирана творечка личност, профил на творец со широки можности. Иљоски е челна творечка личност во литературата од 1920 г. до денес. Иљоски е стожерот околу кој се движеше афирмацијата на македонскиот театар."

д-р Нада Момировска

„Збогувајќи се со Васил Иљоски, ние всушност се збогуваме со еден исклучително значаен творец кој остави зад себе ретко значајна и плодна бразда, се збогуваме со ретко хуман и благороден човек. Не пресуши неговиот дух и добра мисла, неговата грижа за сè што се случува со нас и околу нас. Таков ќе остане Васил Иљоски во сеќавањето на сите оние што поблизу го познаваа. Таков ќе го откријат и почувствуваат и идните генерации, гледајќи ги и читајќи ги неговите дела. А тоа значи дека Васил Иљоски веќе ѝ припаѓа на вечноста."

Александар Алексиев

„Иљоски беше прометејска личност. Васил Иљоски беше најсестраната и најкомпетентната интелектуална фигура која остави најдлабоки траги во драмската уметност, потоа во своите истражувања на нашиот јазик, фолклор, книжевната историја и книжевната теорија, особено сосредоточени врз битието на театарската уметност... Тој беше втемелувач на вкоренет театар, вкоренет во драмата и судбината на својот народ. Тој тоа го постигна со убавината на својот јазик, толку длабоко натопена со изворната лексика на нашиот народ. Неговите капитални драмски дела влегуваат во фондот на најизбраната македонска класика...

Академик Васил Иљоски стана писател – легенда кој ни го откри карактерот на нашиот народ... Ќе остане Васил Иљоски, ќе остане трајно како еден од столбовите на македонската литература и култура на XX век."

академик Георги Старделов

„Васил Иљоски својот духовен камен-темелник го сочини од збор. Од пишуван збор. Од уметнички збор, од дело, од дела – од големи дела. Неговото дело урнек нема! ... Секоја смрт не е смрт!“

Светлана Х. Јоцић

– во името на

Друштвото на писателите на Македонија

„На Васил Иљоски му припаѓа посебно истакнато место во македонската литература и култура. Тој е основоположник на македонската драмска литература и на македонската театарска уметност. Неговиот избор во МАНУ како еден од основачите уште во 1967 г. беше признание за неговиот импресивен творечки опус. Тоа беше признание и за неговата научна компетентност и во областа на јазичната проблематика, литературната историја и критиката, театрологијата и народното фолклорно и друго творештво.“

тогашниот претседател на МАНУ,

д-р ксенте богоев

„Иљоски, во книжевно-теоретска смисла е наједуцираниот автор на епохата.“

Слободан А. Јовановиќ

„Творештвото на Иљоски е споредувано со најзначајни дела од светската класика, почнувајќи од античката, преку Шекспир, до современето. Творештвото на ниеден друг наш драмски автор не е споредувано со овие врвни светски досегања во драмската литература.“

Саве Цветановски



ИНТЕРВЈУ

Каролина Мицевска

ЈА ВПИВ СЕТА „ПРАШИНА“ НА ГЛЕМБАЕВИ

Младиот прилепски актер Исидор Јованоски, кој работи во театарот во Велес, за улогата на Оливер Глембај во претставата „Глембаеви“ во прилепскиот театар ја доби наградата за млад актер „Трајко Чоревски“ на 55. МТФ „Војдан Чернодрински“. Заслужено, затоа што Јованоски буквално „согоре“ на сцената, носејќи го ликот достоинствено, одлично, што беше воодушевувачки. Говори за предизвиците, за работата, за тоа што значи да си актер.

За наградата?

Уживав во претставата, уживам и со наградата. Еден вид потврда дека сум на вистинскиот пат. Сепак театарот е маратон и кондицијата не само што е неизбежно да се одржува туку и да се подобрува. Чест и задоволство. Посебно ми значи што наградата „Трајко Чоревски“ ја добив на 55. МТФ „Војдан Чернодрински“ со ансамблот на прилепскиот театар и големиот Брезовец.

Колку улогата беше предизвик за тебе како млад актер?

Голем предизвик!!! Би рекол предизвикувачки предизвик: Бранко Брезовец и Театарот „Војдан Чернодрински“, а јас штотуку дипломиран! Многу бев радосен, многу ми значеше што влегов во кастингот, што го добив Оливер и почна сè. Бев на сцената и кога требаше и кога не требаше. Мислам дека ја впив сета „прашина“ на Глембаеви преку искуството на одличната актерска екипа, режисерот, театарските работници, разговорите, пречките и решавањето на истите. Впрочем и како сите други ликови Оливер и е комплексен лик. Во целиот процес сакав, работев, се трудев... Ми значеше.

Која е таа магија што те натера да застанеш на сцената?

Театарот! Голем број луѓе во едно место молчат и чекаат. Тишина – тоа отсекогаш ми наговестувало нешто битно, нешто важно. Ме обзема, ме става во исчекување, ме тера молкум да зборувам. А потоа бура од појави, слики, емоции, звуци, зборови, мисли, ракоплескање – крај на претставата. Што сега? Сакам пак! Луѓе кои уживаа на сцена и со таква слобода, моќи без никаков срам несебично ѝ даваат на публиката преку восхит да дознае и да почувствува за нивната радост, несреќа, мака, љубов, болка, тајна, срам, гордост... Следниот ден се качив на сцена. Празна сала. Јас и тишината. И покрај тоа што знаев дека сум сам не можев да изустам ниту збор.

Што значи да се биде актер?

Невремето е постојано време на еден актер. Сè уште барам одговори на оваа тема која ја начнав за време на студиите. И секогаш ги има во контекстот и надвор од него. Во мигот кога на сцена се прекршуваш и се сладиш и потоа. Во тишината и по неа. Сметам дека станува

збор за еден вид истанчување на нашата смисла по која трагаме. За мене значи да се биде принципиелен, одговорен, смел, отворен. Без предрасуди и носење пребрзи одлуки. Жилав – да успеам кај и да ме фрлат. Да си дозволиш на самиот себе да станеш друг, поинаков, подобар.

Тешко оди трансформацијата од лик во лик?

Лично за мене не претставува потешкотија туку напротив, задоволство. Добиваш повеќе информации, сензибилитет, чувства. Со секој нов лик самиот се откриваш многу подлабоко, многу по суштински. За себе дознавам работи за кои не сум бил свесен. Се трудам да ги проучам сите аспекти, карактеристики, случувања на ликот во и вондрамското време. Го споредувам со мене, со некој друг и тоа ми помага за да почнам да го разбирам и да го споделам со и во себеси. Да го оживеам во мене. Трансформациите се процес на кој треба многу вредно да се работи. Макотрпни се, но и восхитувачки.

Дипломиравте на ФДУ во класата на Зоја Бузалковска и Александар Степанулески. Досега имате реализирано над дваесет претстави и учествувано во повеќе зависни и независни македонски и странски театарски куќи. Вработен сте во Велешкиот театар?

Професионалниот ангажман го започнувам на сцената во театарот „Војдан...“ потоа продолжувам со НТ„Слојштица“ кој го основавме и сè уште работи, млади и амбициозни актери: Цеки, Таки, Секи и Токи (браќа по Театар), па Кинокултура, МКЦ, Перипетија, Војдан, Драмски, МНТ, Цинот, New Moment, Osmiegodnia (Полска), Eurokaz (Хрватска). Можам да кажам дека десетина претстави од нив се и наградени. Три сработени филмови. Неколку реклами и видеоспотови. Повеќе од две години сум вработен во НТ „Јордан Хаџи Константинов” во Велес. Почетоците, односно првите проби влегував во театар како Крикот на Едвард Мунк, вчудовиден од можностите кои ги нуди секој дел од театарот, посебно сцените. За ансамблот од Велешкиот театар толку многу се радувам што ја имаме одговорноста во наши раце и можноста заедно да растеме. Тимот од млади и ентузијастични актери е жеден за нови театарски предизвици, учи и соработува со врвни и веќе докажани имиња на театарската сцена во нашата земја. Се работи без застој. Од јануари до сега реализиравме пет премиери. Имаме редовен и богат репертоар, а публиката е секогаш расположена за добро театарско доживување. Моментално, додека разговараме, мојот професионален ангажман е насочен во нов тетарски проект во копродукција на Цинот, МНТ, Турски театар и FIAT, Подгорица на текст по мотиви од романот „Госпоѓа Бовари“ во режија на Дејан Пројковски. А понатаму... Ќе продолжам во трасираниот пат, во откривање на нови сензибилитети!

Разговараше

Каролина Мицевска



КНИГИ

Александра Бошковска

КОН МОНОГРАФИЈАТА „ГОРАН ВО ДРАМСКИ“

За оваа книга...

Насловот на оваа книга е едноставен – „Горан во Драмски“, бидејќи македонскиот театарски контекст на прв поглед препознава еден Горан, а тоа е Стефановски и еден Драмски – Драмски театар, Скопје.

Горан Стефановски е без сомневање најпознатиот и најпоставуваниот македонски драмски писател. Напишал над 30 драмски текстови, сценски либрета и едночинки од кои само една (*Хаг*) досега не е поставена никаде. Останатите доживеале над 150 премиери најчесто во Македонија и во Балканските земји, но и во Велика Британија, Русија, Романија, Франција, па и во САД. Драмски театар, Скопје во оваа импресивна бројка учествува со 14 премиери, а 8 од нив (*Јане Задрогаз*, *Диво месо*, *Тетовирани души*, *Кула Вавилонска*, *Чернодрински се враќа дома*, *Сега му е мајката*, *Демонот од Дебармаало* и *Огнени јазици*), се праизведени постановки.

За волја на вистината, приказната за Горан и Драмски е поголема и поважна од овие студено нафрлени бројки. И неминовно е поширока и поопфатна од Горан и Драмски. Ја содржи и приказната за Горан и Унко – да, Слободан Унковски – режисерот кој од овие 14 постановки создаде половина, меѓу кои и неколку што веќе се сигурно вsидани во македонската театарска историја. Приказните на режисерите: Љубиша Георгиевски, Паоло Мацели, Димитар Станковски, Александар Поповски, Љупчо Ѓорѓиевски и Деан Дамјановски. Ја содржи и приказната за неколку генерации актери кои имале среќа да се развиваат оживувајќи ги Горановите дела, полни со карактери познати и блиски; наши, автентични ликови и ситуации кои овозможуваат природни услови за создавање наша, автентична, македонска театарска естетика. Голема среќа за нив, но голема и за Горан, бидејќи драмата почнува да живее дури на сцена и само тогаш, низ процес и сценска пракса, еден автор учи како да пишува дело што нема да се чита насамо и во себе, туку ќе се изговара, на глас и пред публика. Учи како се покажува, а не како се раскажува и како зборовите во крајна цел стануваат инструмент на еден друг инструмент – актерите. Всушност, драматургијата на Горан црпеше инспирација и сила од двете семејства што ги имаше: неговото лично, приватно и театарското, актерско, административно, техничко, кафанско семејство на Драмски театар, Скопје.

Сè започнува во далечната 1972. Друг век, друга држава. Слободан Унковски ја режира *Ништо* според *Камерна музика* на Артур Копит. Горан планира да запише драматургија во Белград. Ги запознава Ристо Стефановски (па ова е и негова приказна), тогашен директор на Драмскиот театар, во исто време чичко на Горан. На



траги на филозофски модуси на излагањето, всушност, спротивното – сè и кога би сакал (а како филозофски образован човек тоа секако и би го можел), неговата Sofrisine тоа не би му го дозволила; сакав само да истакнам, дека неговиот писателски дискурс таквите знаења ги подразбира, на нив се потпира како на свои темели, вклучувајќи го и оној, неспорно, порано споменат етички став; оние кои го споделуваат историодното знаење тоа можат лесно да го препознаат во позадината на неговите текстови.

Слично е и со Аристотел. Не е тој виновен затоа што подоцнежните следбеници, толкувачи и опоненти во Поетиката не го прочитале она што во неа го нема, а што филозофот го подразбира – нејзиното етичко втемелување, па делото со векови го сфаќале како збир на вакви или онакви норми и прописи на творечката театарска умешност. А, всушност, Аристотел бил првиот кој барал (во Метафизиката) целината да се сфаќа од своите делови, како и дека секој оддел да мора да се толкува од разбирањето на целината. Со тоа прв го создал она што во историјата на човештвоито го нарекуваме систем. Друга работа е тоа колку на извесниот „дух на модернизмот“, „теоријата на хаосот“, „релативизацијата на вистината“, итн. не им одговара тоа мислење на системот; таа дискусија овде можам да ја изоставам. Сепак, морам да истакнам, дека Аристотел и неговото системско мислење и денес наидува на жолчни оспорувачи. Не се малку оние кои во денешно време со кал го полеваат Аристотел, не сфакајќи дека таа кал, кога мине извесно време, ќе се исуши на нивните лица. Така, англискиот филозоф и нобеловец, Бертранд Расел во *Историјата на западната филозофија* со леснотија изјавува, како, што се однесува до него, студирањето на Аристотел е само губење на време. Такви и слични оспорувачи особено се присутни во светот на театарот и соодветните теории за него. Според нив произлегува, дека тој стар Аристотел е некој сè уште пргав генерал, безмалку како некој нов Наполеон, кој само што се истоварил во Марсеј и веќе маршира со своите трупи кон Париз, каде што најпрво ќе го заземе познатиот театар *Одеон*, а потоа од градот на светлината ќе ги протера сите модерни театарски движења и зад нив ќе ги изгаси светлата на сцената, засекогаш. Барикади подигаат славните теоретичари на антиаристотеловската одбрана, кои филозофијата на уметноста дамна ја замениле со флуидни теории коишто секоја пролет цветаат како помодарски женски фустани: егзистенцијализам, структурализам, неоструктурализм, културен материјализам, семиологија на театарот, брутализам итн. Кој тогаш би можел да знае што уште ќе ни сервираат во иднина наследниците на блескавите теоретичари и прославените театарски теоретичари како што се, на пример, Роланд Барт, Ан Иберсфелд или професорката Флоранс Дипон, која омразениот Аристотел дури и го прогласува за Вампир на Западниот театар, а на која Тодор Кузманов, секако не

без добра причина, ѝ дава најмногу простор во „Театарските рабови“ и тоа токму во оној дел од книгата кој е наречен *Партер десно*.

Кузманов себеси си поставува најтешка задача – веродостојно да ги пренесе суптилните анализи на авторката за помалку или повеќе погубното влијание на Аристотел во одделни етапи на историјата на западниот театар, воздржувајќи се од каков било составен коментар, освен во ретки случаи на рефлекси на основната тема во современиот театар и во рецентната македонска театарска ситуација. Според мојот суд тој приказ е голем брилијантен валцер на есеистиката, кој еднакво суверено заоѓа во сите агли на мислата на Флоранс Дипон, од причини што го води непогрешливата Métron. Обидете се да направите нешто слично, а притоа вашето прераскажување на предметот да не наликува на обична училишна задача, па лесно ќе се уверите колку е тој труд на на македонскиот театарски писател високо над вообичаената дрдорливост на театрологијата. Еве ви пример од споменатиот есеј:

Во Заклучокот на студијата Аристотел или Вампир на Западниот театар, авторката Флоренс Дипон советува дека ослободувањето од дискурсот за театар, пред сè, подразбира ревизија на историјата на Западниот театар и отворање кон театрите на светот (...). Следна важна препорака на авторката наведена во заклучокот е, дека режисерот не мора да биде драматург, туку хородидаскалос,/хороводач. Значи, режисерот, слично како и старогрчкиот хородидаскалос, може да го користи текстот како материјал како би создал претстава која своето значење не го црпи само од текстот и на тој начин го ретеатрализира театарот. Драматургијата од почетокот на 20 век има неприкосновена власт над текстот како темел на претставата чија цел не е изведбата. Делата повеќе не се пишувани за одреден вид на спектакли како што се, на пример, водвиљот или мелодрамата, со кодифицирани ликови и игра. Секој го порепознава злостроникот што се вртка наоколу нагрнат со црн плашт, со наполу скриено лице, кој со крволочен поглед се sвери во правец на публиката; или помалку старомодниот собар во граѓанско семејство во пругасто елече, кој претставата ја започнува со пердушка за прашина, говорејќи го очекуваниот монолог наменет за гледачите, за љубовниците на госпоѓата или за авантурите на господинот. Секој раскин со традицијата која им е заедничка со гледачите ја збунува публиката и го оневозможува нејзиното учество, а од гледачите бара и самите да бидат читатели на семиолошките состави кои им ги наметнале режисерите.

Единствени театри кои не се погодени со оваа хипераристотеловска зараза се оние кои успеале да ѝ се измолкнат на драматургијата. Тоа се, на пример, булеварскиот театар, водвиљот, чиј текст е само средство за создавање на театар сличен на оној атинскиот. Драмите градени исклучиво на ефектите на метатеатралноста (односно постдрамските дела) во суштина се интелектуални перформанси кои најпрво се атрактивни, а веднаш потоа и здодевни...

Но, добро. Денеска е неопходно да се расправа за делата на блескавите познавачи, каква што е, на пример, Флоранс Дипон. Нејзиното влијание ќе трае и во идните десет, дваесет, а може и педесет години. Но, кога тоа влијание ќе избледне и ќе исчезне, тогаш сè уште тука ќе биде стариот Аристотел, било да е тој Вампирот на Западниот театар или втемелувач на мислењето за театарот во минатите и идните векови. Сè друго да е релативно, во тоа сум апсолутно сигурен! А како и не би бил, кога всушност Аристотел во првата книга на *Никомаховата етика*, го дефинира човекот како суштество по карактер општествено (politikón ho Anthropos), а на таа дефиниција во *Политика* (според која етиката во системот на мислење стои само како еден нејзин помал дел) ја додал онаа прочуена одредница zoon – па оттогаш за во иднина човекот е сфатен како општествено, т.е. политичко животно (zóon politikón).

Во тој широко сфатен аристотеловски распон се движат театарски размислувања и анализи на Тодор Кузманов, а особено на трагата и во духот на оној етички став, за кој веќе зборувавме. Првиот дел на „Театарските рабови“ (Партер лево) во целост е преземен од авторовата книга „Театарски маргини“ (Скопје, 2006) и можеби некому може да се стори како шармантна прошетка по аглите и свиоците на театарот, мали и „неважни“ театарски ствари кои „високата теорија“ главно ги превидува,

кога не би следеле и оние „потешките“ огледи во кои авторот ги раствора суштествените проблеми на современиот театар, со дискурс во кој секогаш преовладува мерата и умереноста (sofrosine). Посебен е средишниот дел на книгата додаден во ова издание, а кој го чинат освртите донесени во парнасовска форма (Галерија), оној аристотеловски agathon и љубов (filía) кон театарот, која авторот го наведува во крајна екстаза – па како театарски писател и критичар да ја навлече на себе дионизиската кожа и танцувајќи со бакхите (со актерите и актерките) истовремено да се фати и во Мусагетесовото интелектуално оро.

Се надевам дека ова книга на хрватскиот читател ќе му значи барем дел од она што мене ми значеше, додека – заробен од експлозијата на театарски теории, за која пишува Марвин Карлсон – за првпат читав некои нејзини делови, во една скопска ноќ во 2012 г., кога на мојата теориски вознемирена душа ја почувствував како мелем, како свеж ветер дојден од Вардар во спарната летна ноќ. Нејзиниот едноставен и непретнециозен начин на изложување на нештата се појави пред мене како патоказ, како мерка со која можат да се пребродат сите пречки во теориите и сите нивни експлозии. Вистинската мера во текстовите на Тодор Кузманов, но и воопшто, секој читател мора да ја пронајде сам за себе, бидејќи, како што вели принцот Хамлет – ништо не е ниту добро ниту зло ако вашето мислење не го прави такво.

Матко Сршен

Книгата е исклучителна по начинот на кој го промислува театарот. Првиот дел ми е најдраг. Тука, Кузманов со едноставноста на буквар зборува за она суштинското во театарот. Тоа отприлика доаѓа како опишувајќи ги прстите, носот, ушите, нозете, итн. да ја допреш самата човекова душа. Блескаво. Другиот дел плени со својата оригиналност во пристапот, а третиот содржи квалитетни есеи. Читајќи го Кузманов почувствував како во мене се буди онаа стара љубопитност заради која да сум во Скопје би останал барем седум дена подолго за да погледнам доволен број претстави за да го запознаам тој театар кој изродил таков вид на критичар.

Јовица Поповиќ,

долгогодишен театарски критичар на *Радио Дубровник*

Блаже Миневски

БЕЗ КРАЈНОСТИ И БЕЗГРЕШНИ БОГОВИ

(рецензија за МОЈОТ ТЕАТАР [1993-1994 година] од Ристо Стефановски)

Во најновиот, седми том од серијата книги во кои ги објавува своите дневници пишувани во изминативе над 60 години, Ристе Стефановски, најдолговечниот а веројатно најуспешен театарски менаџер во Македонија, кој со децении бил директор на Драмски театар од Скопје а на потоа и на МНТ до пензионирањето во 1988 година, ги бележи случувањата поврзани со театарот но и своите автентични опсервации за општествените превирања во перидот од април 1993 до декември 1994 година. „Разговарајќи“ со својот дневник како со пријател, Стефановски не само што го нотира секој настан битен за македонскиот театарски живот туку сето тоа го става во контекст на општествено-политичките случувања во земјата и во светот, оставајќи бројни податоци за времето во кое живее и создава. Притоа, како што веќе спомнавме, она што е карактеристично за овие специфични записи за театарот и околу театарот е тоа што Стефановски всушност не пишува молчејќи туку разговарајќи со својот дневник; пред него се исповеда но и бара совет; пред него се жали, бара помош но и се бодри кога заедно ќе успеат да пребродат уште едно од бројните премрежија во животот. Благодарејќи на таквиот стил на комуникација, со и во својот дневник, Стефановски отворено, искрено и жестоко се преиспитува и самиот себеси, се критикува и се прекорува за некој направен или ненаправен потег, признавајќи си самиот себеси дека не е семоќен, дека не е бегрешен а животот нема реприза. Во претходните томови, заклучно со четвртиот том, Стефановски го бележеше секој театарски ден како известувач од првата борбена линија; го бележеше она што се создава пред негови очи како пред основач и директор на Детскиот, односно Драмскиот театар, а потоа и како управник, всушност генерален директор на МНТ, но и она што се случува пред него, околу него, зад него и против него. Во првиот том од серијата публикувани дневници забележана е историјата на формирањето на МНТ и основањето на Младинско-детскиот театар; во вториот го запишува секој детал од златниот период на Драмскиот театар од осумдесетите до заминувањето во МНТ а во третиот и четвртиот сите детали од неговиот ангажман околу воскреснувањето на Македонскиот народен театар како прв човек на оваа тогаш гломазна драмско-оперска-балетска институција. Во секој сегмент од времето, фиксирано во неговите „театарски теефтери“, може да се забележи дека станува збор за искрена, исповедна, дневничка проза која е полна со настани и ликови, со заплети и расплети, со живот кој се одвива во мигот кога се запишува, и кој „оживува“ веднаш кога ќе се прочита она што е запишано: „ Во моиве дневнички записи, вели Стефановски на едно место од записите, се зачувани многу вистини за турбулентното време во кое работев и ги достигнував врвовите со театарските претстави кои го отсликуваат животот не само кај нас...И никогаш во себе не ја гасев љубовта кон театарот... Не би сакал генерациите кои доаѓаат да ги повторуваат грешките кои сме ги правеле, заблудите со кои сме се бореле и битките кои сме ги биеле. Би сакал да го повторат ентузијазмот што сме го имале, преданата работа која сме ја пружале и уметничките дострели и триумфи кои нѐ направија среќни“. Во книгава што е пред нас, Ристе Стефановски како автор и протагонист веќе пет години е пензионер но не престанува да живее со театарот и за театарот. Го има на фестивалите, на премиерите, во напорите да се крене на нозе Кумановскиот театар, не ги штеди ниту актерите, ниту директорите, ниту министрите, ниту пријателите за кој ќе оцени дека играат заткулисни игри на штета на театарот. Самиот ќе забележи дека театарот е борба, своевидно движење на отпорот

против моќниците, узурпаторите, силециите и кабадаиите, како што вели, знаејќи дека „колку повеќе зборуваат против тебе, толку повеќе успеси нижеш“. Притоа неговиот дневник, од првиот том па досега, воопшто не е изолиран остров до кој не допираат никакви струи за она што се случува на копното од другата страна на океанот. Ги следи општествените превирања во федерацијата што забрзано се распаѓа, но и детските болести што ги боледува Македонија на патот од своето осамостојување. Како и да е, ќе поминеме низ дел од жестоките дневнички записи на Ристе Стефановски, во кои, како што вели самиот, „ништо не се одзема и ништо не се придодава; само вистина и ништо повеќе“, за да се почувствува атмосферата, поводот и причината на нивното настанување.

Во првата белешка од 19 април 1993 година, Стефановски ќе запише: „ Нè не уништи сè што помина над нас, нè уништи слободата.“ По оваа белешка ќе направи пауза од три месеци па на 20 јули ќе продолжи со констатацијата дека „дури и сонот на некој начин е за размислување“, па се присетува на детството, на школото „што од нас сакаше да направи српчиња носејќи врвка со звонче преку вратот, па на делењето на кифличка и пченица за Св. Сава, учењето на песнички родољубиви, за голготата пеш преку Албанија“ и слично. „И ете ги Бугарите, во иста мисија да нè направат бугарчиња, со песните ’Ас сам Блгарче и расна вдни велики славно време’, учење на маршови, замена на српски книги со бугарски, градење на култ кон царското семејство и слично. И одма почна третата индоктринација на СКОЈ, партија, СССР, Сталин и слично; комунизам како замена на капитализмот, како што тој го заменил феудализмот и така натаму. Пак заведување и обид да од тебе направат нешто друго...“ Потоа белешката продолжува со самостојна Македонија и ново преиспитување на самиот себеси: „Ова е Македонија, твоја земја, за неа си се трудел, нејзе си ѝ служел. Паралелно со тоа имало други светци кои си морал да ги славиш на сметка на оние што си морал да ги кудиш иако сè не ми било јасно и јавно и потајно сум протестирал. И еве сега пак нешто ново. Пак нови богови и светци и пак се бунтуваш во себе и јавно. Не сакаш крајности не сакаш безгрешни богови. Па не ли е малку многу за еден живот во кој ти секогаш си бил против, не си се слагал, си протестирал, се караш. И кога ќе видиш, ти поминал животот во отпори и никој со тебе не ја постигнал целта. Значи напразно напори, влијание, мислења дека си тоа што не си. И како сè ова да го заокружиш? Што резиме да дадеш? Што си правел во животот? И конечно, кој си ти? Кога ќе видиш сè е ветер, ништо, честичка што лебди по вселената. Тоа е едното размислување дополнето со сонот што те враќа во минатото, театарот, фамилијата, сегашноста...“

Како што веќе спомнавме, Ристе Стефановски во својот дневник секогаш дава поширок контекст на случувањата, следејќи ги општествените процеси околу себе. Во овој период доминантни се воените конфликти во некои од поранешните република на федерацијата: „ Секој ден инфлацијата галопира, го обезвреднува динарот, прави хаос. Луѓето немаат плати ни 500 марки. Дуќаните ми личат како некогаш во СССР или Бугарија. Од друга страна Милошевиќ си ја постигна целта во Босна и Хрватска, создаде две српски краини и сега брза да направи таму мир со Туѓмана на кого исто така му треба мир оти и кај него ништо подобро не е. Изетбеговиќ е на плеќи, мора да се согласи со конфедерација на три републики во една, а и на светот ова им е добредојдено. Они не успеаја да го наложат праведниот мир и сега се согласни на ваква поделба која ја уништи Босна, а и не се знае што сè на Косово и нам ни се спрема. Ќе го запре ли Запад ова дивеење? Јас мислам дека и со овие 300 Американци кај нас е само запирка. И така, паѓаш во очај оти ништо не можеш да сториш, се мириш со она што мора да биде. Неправдата ќе триумфира, разумот ќе губи. Ете овде е клучот. Што ќе победи во Србија и кај нас? По оваа логика ако одиш се гледа што ќе се случи. Се надевам дека нешто ќе дојде што ова ќе го запре. Но тоа го нема, не доаѓа. А не оти ќе биде среќна и таа Србија што во себе ќе ги има како Србите, муслиманите и Македонците. И пк ќе се иде во потреси, војни, омрази, герили и ајдучија. Значи ли дека животот и ние во него се вртиме во круг? Или ќе дојде до обединета Европа без граници, слободен проток на идеи и капитал? Ова второво ми личи на далечен сон. За него не сме дале жртви. Малку сме уложиле за таков мир. ..“

Подоцна, кон крајот на годината, Стефановски патува на истражување за историјата на театарот

во Македонија во Софија, па во дневникот ги бележи резултатите од истражувањето на весникот „Родина“ што излегувал во Скопје од 1915 до 1918 година. Во белешката од 10 ноември 1993 година меѓудругото пишува: „ Конечно го имав пред себе весникот 'Родина'.Три големи тефтери укоричени. Првиот заклучно со 1916 година, го прелистав и мрка капа. Речиси ништо.. Од утре поспокојно ќе биде, ќе гледам претстави, ќе побарам некои пријатели. Сега го барам Скопје да се јавам, никако не може... Сега е по бугарско 22.15 часот а по наше 21.15 часот. Лека ноќ.“ Веќе следниот ден ќе продолжи да ги бележи средбите со пријателите, со роднините во Софија, но и резултатите од истражувањето во Народната библиотека: „На 'радно место' бев во 10 часот. Работев до 12 часот, потоа се најдов со Доичева и Македончево студент во Витис по режија. Се напивме по едно кафе, се договоривме да најде уште некои извори за 1915-1918 година. Ручав и пак на работа. До 17 часот ја завршив 1917 год. Сепак, нешто најдов. Најдов дека излегувало некакво списание „Литературно ехо“. Дванаесет броја излегле. Да го најдам и да го видиме. Појдов со момчево до братучедот Николајчо, синот на вујко Крсте. Ми кажува дека помошничката кај вујко ми, се фрлила од врвот на куќата. Извршила самоубиство. Каква страшна работа. Што тиха, убава жена беше. Таа спремаше, готвеше, сè работеше во куќата. Страшна, неправедна судбина. Појдов на претставата во последен момент. Претставата беше повеќе како ритуал, обред. Се говори за фолклорот на тимочките Бугари, нивниот дијалект. Режијата е на Допчев. И него сум го сретнал во Скопје. Претстава правена на народното творештво. Погледав и крајот на претставата на Бекет. И двете претстави беа во Националниот театар „Иван Вазов“. Порано го викаа „Крсто Сарафов“. Во фоајето фотографии на актери и режисери. Повеќе од половината ги познавам. Полека, полека се прибрав во хотелот. Во кафеаната две млади прекрасни Бугарки. Чекаат некој да ги покани, не се поскапи од сто марки. Јас се прибрав на спање. Се плашам ли?“ И во следните неколку дена во дневникот се бележат не само резултатите од истражувањето туку и голем број други случувања поврзани со престојот во Софија: „ Ги довршив страниците на весникот и две книги други. Во другите не најдов речиси ништо, освен критики за претставите со кој Софискиот театар гостувал во Скопје. Критиките се однесуваат за премиерите во Софија. Но може и од ова да се види за какви дела се работи. Најдов нешто и за Талета, оној што го игра Егмонт во Битола. Гине во турското како комита. Не најдов она што очекував. Но, прилично најдов. По трет пат Софискиот театар гостува во Скопје. Претстави воглавно се прикажуваат во „Казино театар Б'лгарија“ веројатно тоа е Зрински. Нешто за биоскопите, нешто за внатрешноста. Сепак има, има подоста. А и побогат сум за некои сознанија како на пример дека Д. Влахов во тоа време е градоначалник на Приштина, дека голем број Македонци што сега ги славиме во овој период биле активни дејци како Бадев, Томов и многу други. Театарот во неколку пати сакаат да го формираат, но не им поаѓа од рака. Зошто? Па војна е, војуваат. Многу работи не се доречени, но многу работи и ми се изјасниј а. Би се рекло половина резултат. Ништо повеќе.“ Паралелно со „професионалните“, авторот ги бележи и „приватните“ случувања, па така ја пренесува и атмосферата од средбата со Тодор Живков, чија ќерка е мажена за еден од роднините на Стефановски во Софија: „Во недела ќе ме водат на ручек кај ќерката на Живков, снаа на моите роднини, а ќе биде таму и тој. Ми покажуваа многу заеднички слики со Живков. Баш ме интересира да го видам, да поразговарам со него... Многу монотоно ми одат деновиве. Белки од утре ќе биде подобро. До денес ги лоцирав написите. Од утре моите ќе ги запишувам, а поголемите ќе ги спремам за сликање. Уште бајаги работа ме чека. А уште други работи треба да барам. Со бога напред. Не брзај Ристе. Не си за рипање препони. Застуде, заврна снег. Да не беше ми го дало џемперов Дивна ќе смрзнав. Ете толку. Монотоно. Библиотека-хотел-вчера со Доичев и Македончево и нешто од претстава, вечерва со братучедот. Монотоно, но тоа е. Не ме бива за авантури. Но и не појдов по театриве. Прво да ја свршам работата.“

Во белешката од 13 ноември 1993 година Стефановски одново се задржува на истражувањето во Софиската библиотека, подвлекувајќи дека пишува полни седум часа, со мала пауза за кафе: „ Претерувам. Како некој жар на мевот да ми става. Во пишувањето два-

три часа ми помагаше студентот, Нелко ли се викаше. Не знам. Мислам дека го разјаснив овој период. Не сум расчистил со третово гостување на софискиот Народниот театар во Македонија. Доста материјал и доста јасна слика што театар бил во тој период... Работава, без снимањево, се надевам во понеделник и вторник да ја довршам. Само да го комплетирам гостувањево на Софискиот театар.“ Веќе следниот ден белешката во дневникот почува со „ снег и студ, голем студ“ и резимирање на тој дел од истражувањето а продолжува со веќе најавената средба со Тодор Живков: „ Во 12 часот ме зеде Николајчо, Зорка и ќерка ѝ, и ме однесоа во вилата „Бојана“ во „полите на Витоша“. Огромна зграда со уште поогромен двор, со борови. Нешто за наши поими невозможно. А ќерка ѝ на Зорка и внукот на Живков, Владимир, имаат стан од 400 квадрата што го издале за 3.000 долари месечно кирија. И ни дојде Тодор Живков на ручек и останавме во разговор над три часа. Старец, симпатичен, кога се смее завива, убави заби (веројатно вилици вештачки), лицето здраво, полничко би рекол, рацете ги држи во скутот, веројатно Паркинсова болест. Во мислата прецизен, говори убаво. Доаѓал во Македонија во парламентарна делегација. Го познава Глигоров, вели тој е просрпски настроен. Се сеќава дека по повторното заживување на взаемните односи со Југославија по Информбирото; Тито го пречекал надмено со потценување. Говореше за некој референдум што го припремал тајно во Пиринска Македонија, на кој како Македонци се изјасниле околу два отсто. Тој вели дека сега го менува својот став кон Македонија. Таа треба да опстане и да се поддржи оти темни облаци се над нас. Ситуацијата ги плаши, сè може да стане, да пламне Бугарија, Балканот и светот. Тој многу е загрижен. Јасно е дека нас нè смета за Бугари. Кога му ја кажав приказната за ’мајку ти бугарашку’ и ’мамката србоманска’, и дека секогаш сме се осеќале домородци, различни од нив, не го прими тоа со интерес. Говори дека Македонците ги има многу во историјата на Бугарија, и не може да има такво делење. Ништо ново значи. Чека да му направат некое интервју што би се снимило на лента и би се продавало. Реков дека ќе го злоупотребуваат. Ми беше мило што го видов и што разговарав со него. Него го интересираше што правиме ние, каква е положбата. Ми говори без самоконтрола дека во негово време кој што сакал тоа и си бил, Турчин, Циган. Се заборава, па нели ги прекрстивте Помаците, си велам. Говори дека сега истите се на власт. Веројатно тој повеќе купи од мене. Праша за Лазо, му се лутеше на Вељко Влаховиќ. На примедбата на Николајчо дека и тој беше на погребот на Тито, тој рече моравме. Брежнев нареди. Вели дека е првиот кој почнал да говори и да делува за пазарното стопанисување. Одбива дека било какво зло да правил, напротив, многу направил за Бугарија, но ете не се благодарни. Но секогаш така било. Значи, ете, така ми помина овој богат ручек со внукот и зетот на Тодор Живков. Николајчо вели дека не донесов вино и ракија повеќе оти Владимир се напива и станува зол. Многу е избувлив, дури и кај нас не ја пушта ќерката. Таа, ќерка ѝ на Зорка, жена му на Владимир има бутик, а Владимир има видеотека и апарат за пресликување... Ете ова можев да го запишам од таа средба со човекот што толку време ја тресеше Бугарија. Тој вели 33 години, а кажа и за фракции во времето во која победила неговата кога тој излегол како победник со Димитров, Југов, Т. Костов и кога тој станал апсолутен победник. Јас сум осуден, и ќе одам во затвор, ако не падне деновиве пресудата, вели. Мисли дека Македонците не го мразат...“

Потоа следуваат белешките од 17 и 19 ноември 1993 година во кои Ристе Стефановски ги комплетира впечатоците од својот престој во Софија во врска со истражувањето на историјата на макердонскиот театар, финансирано од Министерството на култура на Македонија. Го спомнува гостувањето на Националниот театар од Јапонија во Софија со седум актери со тапани: „ Една жестока симфонија со тапани. Вакво нешто не сум чул и видел. Прекрасно.“ Пишува дека се запознал со директорот на театарот „Иван Вазов“, театрологот Васил Стефанов, и пак се враќа на истражувањето во библиотеката: „ Собрав 15-16 страници, 20-30 снимки. Нема што повеќе. Да поразговарам со некои учени уште денес и утре, и задутре си одам. Синоќа ја гледав „Илјада метри над морето“ на Азарјан. Се помочавме од смеење за сегашната политичка ситуација, за плурализмов, за партиите, недоумиците. А

тоа се карактеристики и на нашево време. А бре сѐ исто. Алал да им е. Вечерта се видов со Петар Дертлиев, тој наводно требало да биде претседател на Бугарија...Ете сѐ е тоа. Овде на брзина пишувам. Имам многу закажани средби од кои фајде ќе немам... Да купам нешто за децата, и фаќај го патот Ристе. Доста е, брзам. “ Во белешката од 19 декември вели дека прави „ резиме од патувањето во Софија“, и констатира: „Прво, зошто дојдов? Да ја разгледам „Родина“. Се изнамачив и прилично материјал прибрав. Се разбира, театарската зграда, што Србите скоро довршена ја оставиле, Бугарите не ја користат. Казиното „Б’лгарија“ по сѐ изгледа е кафеаната „Зрински“. Собрав прилично вести што работеле по градовите низ Македонија. Го утаначивме гостувањето на Софискиот народен театар по трет и последен пат во Македонија. Нешто константирав околу минатото. Два биоскопа работат со прекини - „Вардар“ и „Париз“. Значи и за киното се затвора кругот, така што и таа материја станува до крај моја. Се запознав со учени луѓе во Бугарија, театролози, и од нив очекувам некои податоци не само за 1918 туку и за 1919 година. Тој период ќе биде покриен докрај. Погледав неколку претстави. Синоќа ја гледав премиерата на „Анатолиј“ од Шлицнер. Бугарите се борат да го постигнат изгубеното. Кај нас, во Македонија и Југославија театарот по дух и по современост сѐ уште не го постигнале. „Анатолиј“ е пиеса од почетокот на векот – за љубовта, верноста на жената и мажот, играна како во тоа време. Добри актери, но не најдобри. За нив ова се нови правци, современ театар. Инаку Бугарија грчевито се бори да го надомести загубеното и економијата. Тоа не се препознава, но не е Љубљана. Сѐ има но патиштата се лоши, стари коли, дуќани има нови, но и прилично стари. Каде отиде таа „љубов“ кон Русија, кон Џјадо Иван. Испари, исчезна. Една Русинка што случајно ја сретнав ме однесе до еден институт што го барав. Ми вели дека Бугарите сега ги мразат нив, Русите. И велам тоа треба да ви е училиште дека љубовта не се мери со здравици. На мака се познаваат пријателите. Апсолутно се сложи. Сега се сите за Запад, за бизнисот, сите се жртви на комунизмот. Но тоа е животот. Нема што да се додаде... Накупив некои ситници, фен, ножеви, филмови за децата и разноразни играчки... Вкупно 200 германски марки поарчив, а над илјада ќе земам. Ѓунер не ги пратил парите. Ова авансирам јас. Направив 30 страници големи ксерокс снимки. Можеби нешто ќе напишам. Ете поживеав десетина дена во Бугарија. И измрзнав, господа го видов. Бев во црквата „Св. Ѓорѓи“ во близина на станот на вујко ми. Таму еден голем резбан за владиката трон од кој им се обраќа на верниците со месингана плочка на кое пишува „Дарение од семејство Крсто Костови“ , на вујко ми, од пред војната. Ајде нека е добар патот, поздрав и жив да стасам. Не бев ни во младешкиот театар. Не знам кај кого? Да оставиме нешто и за повторно доаѓање. “

Во последната белешка за таа година, во белешката од 31 декември 1993 година, Сефановски, како и на други места во записите, му се обраќа на дневникот како на соговорник: „ А што ќе правам со тебе дневниче? Ти си најавтентична вредност. Ти си мое тело и дух. Верувам дека многу вредности во тебе се скриени. Како тие вредности да ги обелоденам? Кого да го заинтересирам?“ Со фактот дека пет томови од дневникот се веќе објавени (до 1990 година), и дека содржината на записите придизвика и предизвикува интересирање кај читателите, одговорот на прашањето е јасен – заинтересирани има, но дали притоа дел од личното иускуство што Стефановски го споделува со јавноста ќе даде некакви резултати во областа на театарот, останува да се види. Во вториот дел од овој том, тој ги објавува размисливањата за своите ангажмани во театарскиот живот во Македонија, овојпат, се разбира, како пензионер. Мошне интересни се неговоте забелешки за функционирањето на театарите во новите околности, за настаните околу театарскиот фестивал во Прилеп, за неговиот вкупен ангажман како театарски деец кој , како што може да се види од записите, всушност речиси воопшто не можед а се оддели од приватниот дел на животот и живеењето. И кога зборува за личните, семејни случувања сето тоа пак како да и испреплетено со одредени настани или слулувања поврзани со театарот и театарските случувања во земјата. И така до белешката од 14 декември 1994 година кога ќе подвлече црта за да може за миг да се сврти назад и да види до каде стигнал: „Наполнив 66 години, сега сум веќе во 67 година од животот.

Не е малку. Шест години не сум во МНТ, а 11 години не сум во Драмски. Би имало што да се рече. Привршуваме со еден дел од Летописот на МНТ. Треба уште многу работа. А ме чека работата со титоввелешкиот театар. Само р'мбам како коњ. Малку пара, за малку работам. Ќе заборавев. Привршувам со Театарот во 1955 година. Завршив со МНТ, Битола, Прилеп, Струмица. Има уште малку за Штип, Велес, Куманово. За неколку дена ќе сум готово. Значи многу пишував, негде околу 90 страници сум напишал, затоа тебе дневниче те запоставив..." Како заокружување на втората година опфатена во овој том од дневниците, Ристе Стафановски повторно ќе го отвори дневникот точно на 31 декември за да напише: „Ете помина и оваа година. Јас поретко пишувам, оти други работи работам. Како што реков, готов ми е материјалот за 1955 година. Многу се измачив околу прибирањето на податоци за летописов на МНТ. Само јас ги бркам оние податоци, роден и од кога до кога во МНТ. Останува да го напишам текстот за драмата, нејзиниот развој, а ме чека и уште една корекција на текстот за Битола. После ќе се навратам за Велес, да ја довршам книгата. За 1956 година сум го прибрал материјалот. Останува 1957 година и да видам за издавањето на втората книга. Инаку од Нате (ми помага) ги комплетирам каст листите, македонски драми на сцените во внатрешноста на Македонија. Напишавме нешто за Прилеп и другите театри... Постојано ме мачи мислата дали нешто работам и дали тоа е тоа што треба да го направам... Тешко ми е. Тешко ми паѓа на душава, сè се мислам дека сум оттурнат. Не ми го даваат моето место, а знаат што ми припаѓа...Ми останува да се покажам со игриве театарски или на време да се откажам. Ѓунер не е министер за култура. Сега е некој Албанец. Може полошо, но може и подобро да биде. Со Папаз не ни се прослави соработката. Што направив во годинава што изминува? Тмурно ми е во душата. Во Босна има примирје. Потпишан е договор на четири месеци да не се пука. По автопатот Белград – Загреб се патува некако. На добро како да оди. Да се надеваме. Овде штрајкови пред нова година. Се прпелкаат нашиве гиганти – Железара, „Треска", ФАС „11 Октомври", се бунат, а не се работи. Не ми е јасно како може некој дал, а никој не е сопственик на ова што за последниве 50 години е направено. На место сите да сме акционери, стануваат газди и акционери тие што се на работа и тоа погрлативе. Влегуваме во 1995 година со многу тага од многу работи што околу нас се случуваат. Да даде господ дека се лажам. Мелем на срцето е фамилијата, жената, децата и внучињата, и нивната среќа која ја немаат на претек..." Така завршува овој том од дневниците на Ристе Стефановски, а мојот впечаток останува непроменет, имено дека станува збор за своевидна проза која е полна со настани и ликови, со заплети и расплети, со живот кој се одвива во мигот кога се запишува, и кој „оживува" веднаш кога ќе се прочита она што е запишано. Притоа, Стефановски пишува искрено, едноставно, духовито и емотивно. Во секоја реченица се вложува целиот, зашто за него да се создава за театарот е исто како да се живее, а да се пишува за историјата на театарот – исто како да се сонува со него. Затоа тој со право вели дека за него театарот е неговото вјерују, неговиот идеал за сопствената земја. Или, како што вели, живеј додека имаш што да кажеш, и додека можеш да кажеш. А Ристе Стефановски може и има што да каже. Всушност, многу работи може да ги каже само тој, и многу работи ги кажува без да се штеди себеси и другите. Жестоко, искрено и реално, токму така како што се случувале тогаш кога биле запишани. Во секој случај, ваквата „искрена" проза на Стефановски, проза без калкулации и накнадни интервенции, всушност е оаза во морето од измислици, конструкции и имитации. Затоа дневниците на овој 92 – годишен хроничар на театарот, но и на животот воопшто, се влог во архивата на севкупното опстојување на Македонија и Македонците во вителот на историските бури на Балканот.

РЕЦЕНЗИИ НА ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛИ

м-р Каролина Мицевска

ДОБРА ПРОДУКЦИЈА ВО ПАНДЕМИСКИ УСЛОВИ

По 55. МТФ „Војдан Чернодрински“ во Прилеп

Заврши уште еден значаен театарски фестивал, 55. МТФ „Војдан Чернодрински“. По едногодишна пауза, фестивалот се одржа во невообичаен термин, на почетокот на октомври, со цел да не се изгуби подолго континуитетот на неговата реализација. Започна на први октомври, а заврши на осми, со доделувањето на наградите за кое одлучуваше жирито во состав: Звездана Ангеловска, Бајруш Мјаку и Александар Милосављевиќ.

Годинава како за јубилеј беше добро... И програмата и печатениот материјал. Но, Фестивалот заслужува многу повеќе со оглед на неговото значење, бидејќи има национален карактер и на него се претставуваат сите државни театри, кои пак, со оглед на пандемијата од КОВИД-19 го извадиле максимумот и понудија програма подготвена во вакви услови. Хендикепот беше бројот на посетители, само 30 проценти, а прилепчани желни за театар. Освен тоа, поголемиот дел од претставите беа на мала сцена, па препорака до театрите кога конкурираат за овој фестивал барем да внимаваат со какви претстави ќе учествуваат, бидејќи прилепската публика сака да дојде на претстава и да гледа, а потоа да го дава својот суд за понуденото.

За квалитетот на претставите не би сакала да судам, секој си има право да има свој став, но на Фестивалот отскокнаа неколку претстави што можат да го заслужат епитетот комплетни театарски продукции. Настапија 12 театри, а публиката имаше можност да ги проследи настапите на МНТ со „Мој термин“ во режија на Синиша Ефтимов, театар „Комедија“ со „Вечер за глупаци“ во режија на Ирена Стеријовска, театарот „Војдан Чернодрински“ со „Глембаеви“ во режија на Бранко Брезовец, Драмски театар со „Мојот маж“ во режија на Нела Витошевиќ, Албанскиот театар со „Мурлин Мурло“ во режија на Кристина Димитрова. Битолскиот театар со „И коњите ги убиваат, зар не?“ во режија на Мартин Кочовски, Тетовскиот театар со „Страст или алчност“ во режија на Фитим Селими, Штипскиот театар со „Едип“ во режија

на Драгана М. Попова, Турскиот театар со „Славната Флоренс“ во режија на Драгана М. Попова, Охридскиот театар со „Крик за љубов“ во режија на Љупчо Ѓорѓиевски, Театарот за деца и младинци со „Едвард раце ножици“ во режија на Нела Витошевиќ, Велешкиот со „Сестрите Прозорови“ во режија на Зафирчев. Единствено годинава поради здравствени проблеми на член на ансамблот не се претстави Кумановскиот театар.

А кога станува збор за наградите жирито одлучи наградата за уметничко остварување на претстава во целина да ја додели на претставата „ И коњите ги убиваат, зар не?“ на Битолскиот театар. За оваа претстава наградата за режија му беше доделена на Мартин Кочовски и за музика на групата Фолтин. Жирито по свој избор наградата за севкупен уметнички ангажман на режисерот и на актерите ја додели на претставата „Мојот маж“ во режија на Нела Витошевиќ, на Драмскиот театар од Скопје. Наградата за рекламен материјал замина во рацете на Борче Димитријоски за претставата „Едвард раце ножици“, наградата за кореографија и сценски движења замина кај Игор Киров за кореографијата во претставата „Едип“ на Штипскиот театар. Роза Трајчевска–Ристоска ја добива наградата за костимографија за костимите во претставата „Мојот маж“.

Наградата за сценографија ѝ припадна на Ивана Кнез за сценографијата во претставата „Глембаеви“ на Прилепскиот театар. Наградата за современа сценска драматизација ја добиваат Нела Витошевиќ и Викторија Рангелова–Петровска за драматизација на колажот од раскази на Румена Бужаровска во претставата „Мојот маж“ на Драмскиот театар.

Младиот прилепски актер Исидор Јованоски е добитник на наградата за млад актер „Трајко Чоревски“ за улогата Оливер Глембај во претставата „Глембаеви“ на прилепскиот театар. Наградата за млада актерка ја освои Сабина Мемиши за улогата Олга во претставата „Мурлин Мурлов“ на Албанскиот театар. Наградата за женска епизодна улога ја доби Гентиана Рамадани за улогата Ина во претставата „Мурлин Мурло“ на Албанскиот театар.

Наградата за машка епизодна улога „Димче Трајкоски“ отиде во рацете на Горан Стојаноски за улогата Силвестер во претставата „Крик за љубов“ на Охридскиот театар.

Наградата за главна машка улога се додели на Јордан Симонов за улогата Филип во претставата „Мој термин“ на МНТ, додека наградата за главна женска улога на Наталија Теодосиева за неколкуте ликови во претставата „Мојот маж“ на Драмскиот театар.

МТФ „Војдан Чернодрински“ е пресек на она што го нудат театрите, кои, пак, треба да се погрижат догодина да понудат поинтентивни претстави, кои ќе ги содржат сите театарски елементи, а не само „шминкани“ претстави, кои очигледно не ги сака публиката. И, да, да има претстави посветени на македонското драмско творештво.

Сашо Димоски

ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ НА ИФАД „СТОБИ“

Во официјалната селекција на фестивалот насловена како „Нови ритуали“ беа изведени вкупно 6 претстави, од кои 5 домашни театарски продукции и една интернационална.

Жири-комисијата во состав: Васил Зафирчев – актер, Кети Борисовска – актерка и Роза Трајчевска-Ристовска – костимограф, едногласно ги донесе следните одлуки:

Гран при, наградата за најдобра претстава на фестивалот се доделува на претставата **„Бакхи, краток преглед на распадот“**, во продукција на Народниот театар во Битола, а во режија на Игор Вук Торбица, поради иновативниот прочит на митот, автентичната театарска естетика и синтезата помеѓу режисерската постапка, аудиовизуелната естетика и колективната актерска игра.

Наградата за најдобра режија постхумно му се доделува на **Игор Вук Торбица** за претставата „Бакхи, краток преглед на распадот“, во продукција на Народниот театар во Битола, поради постдрамската режисерска постапка и сложената режисерска апаратура преку кои во тангенти и слики се креира оригинален сценски свет.

Наградата за најдобра машка улога му се доделува на **Зоран Љутков** за улогата на Сатирот Силен во „Сатирската игра“, во режија на Деан Дамјановски, како дел од тетралогијата „Орестија“, копродукција меѓу театарот „ЈХК-Цинот“, Велес и Националната опера и балет, Скопје, поради суверените и зрело актерско мајсторство во сите сегменти на ликот и леснотијата во нијансирањето на неговите психоемотивни валери.

Наградата за најдобра женска улога ѝ се доделува на **Викторија Степановска-Јанкуловска** за улогата на Водачот на Хорот во претставата „Бахки, краток преглед на распадот“ во режија на Игор Вук Торбица, а во продукција на Народниот театар во Битола, поради концентрираната, посветена и прецизно дозирана актерска игра, изразена преку градација на психоемоционалните валери и моќта за трансформација.

Во чест на лауреатите на фестивалот беше изведена претставата „Отело“ од Вилијам Шекспир, во режија на Нина Николиќ, а во копродукција на „Перипетија продукција“, МНТ и НП, Зеница од БИХ.

Покрај претстаавите во официјалната селекција, на фестивалот беше поставена изложбата „Вита“ од Филип Петковски, беше промовирана фестивалската публикација „Нова античка драма“ и беше прикажан цилкус филмови од Бранко Гапо под отворено небо.

Сашо Димоски

Гоце Ристовски

ТЕАТАРОТ Е ЛУДИЛО ШТО СЕ ПРЕНЕСУВА

Од 8 до 14 септември оваа година во Центарот за култура „Антон Панов“ во Струмица, со почитување на КОВИД-протоколите и со исполнетост до 30 отсто од капацитетот се одржа Меѓународниот фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“ по 29. пат, со учество на театри од Македонија, Србија, Хрватска и од Бугарија.

Фестивалот го отвори театарот од Битола, со претставата „History of motherfuckers“ по мотиви на „Кориолан“ од Вилијам Шекспир, авторски проект на Андраш Урбан. По нив се претставија актерите од штипскиот театар со „Крилја“ од Артур Копит, во режија на Никола Ристов, „Кармен“ на Драмскиот театар од Скопје, „Среќниот принц“ на Театарот во Враца од Бугарија, „Драма изгубена во времето“ на кумановскиот театар, „Само глас“ на МНТ од Скопје, „Човекот од Подолск“ на Театарот во Плевен од Бугарија, „Јами дистрикт“ на театарот БИТЕФ од Белград, Србија, „Три жени“ на Тигар театар, Театар Форт Форно и Осиечко културно лето од Хрватска.

Фестивалското жири, за единствената награда на највисоко актерско остварување „Ристо Шишков“, што се состои од Златен медаљон со ликот на Шишков и парична награда во износ од 1.500 евра, го сочинуваа минатогодишната лауретка, Александра Пешевска, Благој Чоревски и Петар Мирчевски.

-Театарот, како и чумата, е лудило кое се пренесува на другите. И не само заради тоа што како и чумата делува на целокупното општество туку и во театарот како и во чумата има нешто што истовремено е и победничко и осветничко. Тој не само што е заразен како и чумата туку е и откровение преку кое се врши локализирање на сите извитоперености на духот. Како и во чумата, во театарот постои некое чудно сонце, светлина во која и невозможното станува нормален елемент. Театарот како и чумата ги разрешува судирите, ослободува сила, открива возможности, колективно празни еден гигантски, колку морален толку и општествен чир. Тој како и чумата е создаден да ги празни колективните чирови. Театарот како и чумата е криза која завршува со смрт или исцелување, дејството на театарот како и дејството на чумата е благородно, бидејќи ги тера луѓето да се видат онакви какви што се, ги симнува маските, ја разоткрива лагата, расипаноста и лицемерието и ги повикува пред лицето на судбината да заземат херојски и возвишен став истакна режисерот Љупчо Ѓоргиевски, селектор.

НУ Народен театар Битола

HISTORY OF MOTHERFUCKERS

–„Кориолан“ припаѓа на циклусот Шекспирови „римски трагедии“ напишани во периодот од 1594 до 1608 година. Ова е најнепопуларната римска трагедија и кај театарските уметници, но и кај критиката. Изворот се крие во англискиот превод на Плутарховите дела *Животот на старовековните Грци и Римјани* и зборува за реалниот римски војсководец Кориолан, кој поради неговите ставови бил протеран од Рим, потоа се здружува со непријателската војска и го напаѓа својот роден град. За Кориолан, светот не е составен од еднакви луѓе. Тој нема политичка духовитост ни спретност, него е невозможно да го засакате. Кориолан на Шекспир е минималистичко дело, напишан со едноставен колоквијален јазик. Неговиот бес е на површина и подготвен да експлодира во секој момент. Секоја негова одлука оди на сопствена штета и тоа се случува сè до оној момент кога нема враќање назад.

Ведрана Божиновиќ

Претставата не е политика. Претставата се занимава со човекот и неговата заедница. Претставата е борба. Хумана Борба. Никој не го сака Кориолан. Ни Шекспировата драма

ни ликот. А тој е вистинит и искрен. Потајно сите се сложуваме со сè што кажува. Но едно е сигурно. Тој не е ние. Тој за нас кажува она што ние за себе не смееме. Да е дипломат, да умее и да сака да ја користи слатката, нежна лага која е предуслов за демократската заедница, ние не би ни зборувале за него. Лагата не е ни слатка ни нежна. Лагата е крвава и немилосрдна. Додека вистината и искреноста сепак се предуслов за вистинска уметност. Дури и кога лажеме поминуваме низ пеколот на искреноста за едно уметничкото дело да го претвориме во стварност. Барем во онаа уметност за која вреди да се зборува.

Во историјата секогаш зборуваме за разни *motherfuckers* кои биле грди, глупави, зли, кои некако ја зезнале работата и нè спречиле да уживаме во крајно совршено општество полно добрина, благосостојба, слобода, сигурност и вечно победнички војни. Народот, граѓаните секогаш се само лик без можност да одговараат. Тој нејасен поим како некаков апстрахиран октопод никогаш не значи збир на поединци. Како да не е идивидуата таа која го пополнува гласачкото ливче, како да не е таа која го става во гласачката кутија. Народот не е одговорен. Како да не е народот тој што ги бира сите оние кои ги мразиме и ги сметаме одговорни за сè. Народот се одрекува од одговорноста, бидејќи со помош на гласачкото ливче му ја предава на некој поединец. Барем на четири години. А истиот тој народ за себе говори дека е изманипулирана маса. Мнозинството е закон. *Sexy motherfucker*. А истото тоа мнозинство никако да изговори дека иако не се согласува со мислењето на другите е подготвено да загине само за тие да можат да го кажат тоа.

Нема врска дали тоа некогаш и било кажано. Лагата е слатка. Вистинита. А слободата боли. А власта се брани по секоја цена!

„History of motherfuckers“ е Шекспировска приказна, и во текот на целата претстава публиката може да го следи шекспировиот неомилен јунак Корилан, секако во авторски момент на Ведрана Божиновиќ со специфична музика на Поповиќ. Претставата се занимава не со македонската реалност туку и со реалноста на Балканот, каде што човекот како граѓанин го доживува искуството што ни го даде досегашната реалност. Кориолан е борба на автократско и демократско, односно како ние ја доживуваме демократијата. Како и Кориолан така и драмата ретко се игра во театрите и не знам точно која е причината. Кориолан е војник без способности за дипломатија, а тоа ја руши демократската организираност и е тешко да се каже дали е позитивен или негативен лик. Тука е и приказната за преврливоста на луѓето.

Андраш Урбан

Да се работи со Андраш е како патување кон себе, повторно преиспитување, соголување... Пат кон есенцијата...Ова е моја трета соработка

со него по „Хамлетмашина“ и „Фауст“. Драматургот Ведрана Божиновиќ напиша текст кој се врзува на „Кориолан“ на Шекспир како костур. Текст кој е во исто време брутален и нежен, трагичен и духовит во најубавата смисла на зборот. Од гостите повторно со нас (по претставата „Ноева Македонија“) е Ирена Поповиќ која за оваа претстава компонираше сонгови што не само го дообјаснуваат дејството туку се и сцени сами за себе.

Иван Јерчиќ

Народен театар, Штип

КРИЛЈА

Актерката Кристина Атанасова-Арсова ја толкува главната улога, г-ѓа Емили Стилсон, во новата овогодишна премиера во Народниот театар, Штип – претставата „Крилја“ – работена по текст на американскиот драмски писател Артур Копит, во режија на Никола Ристов. Овој факт буди љубопитство во нашата театарската и културна јавност затоа што Кристина Атанасова-Арсова веќе две децении е актер на НТ, Штип, што ќе рече, таа е во зрела творечка фаза кога уверливо може да го манифестира своето актерско мајсторство и да покаже до каде може креативно да се извиши на театарското небо. Овојпат нејзината шанса, што ѝ ја понудил режисерот Ристов преку текстот на Копит, е истражување „како да се пронајде сопствената совест по доживеан мозочен удар“ и со тоа, според режисерот Ристов, да се пренсе пораката: „иако понекогаш може да се изгубиме во бесконечните панели на нашата несвесност, ние суштински никогаш нема да се изгубиме себе си, само понекогаш треба да се охрабриме... “ со што би се оправдал вложениот труд, а и потрошените пари, за оваа театарска лабораторија на Ристов и на Арсова, во која соучесници се и актерите: Милорад Ангелов (Докторот), Валентина Георгиевска (Медицинската сестра), Миле Вратеовски (Били), Миланчо Георгиев (г. Бронстајн), Стефанија Митовска (Ејми) и Јорданка Тодорова (г-ѓа Тименс). Тие уверливо и со дискретен шарм ги градеа своите епизоди наспрема обидот на Арсова, со монодрамско солирање да се вознесе во „нелинеарно време, во простор што има поинаква форма, каде што звуците не се вклопуваат со сликите, а формите немаат име“, според режисерскиот концепт.

Искреноста во пристапот, промисленоста при сценските движења, посветеноста во напорот да се довтасаат нови театарски вихрени на Кристина Атанасова-Арсова, актерка со евидентни можности (рефлексивни и физички) неопходни за модерен актер од 21 век, се покажаа недоволни за да „се полета“ на сцената на театарот во Штип, со несоодветна техничко-технолошка поддршка за таква театарска илузија и небезбедна за циркуска мајсторија. Но, и поради фактот што најголем дел од пласираниот текст на Арсова не се слушаше во првите редови во театарската сала, што пак, ја „умре“ приказната, па прикажаното се чинеше неинтересно. Лет во место!

Се убедив дека „вината“ е веројатно во неакуситчноста на просторот и прегласноста на фонот, и дека не е резултат на лоша дикција. Тоа го поткрепувам со тоа што на моменти Арсова манифестираше завидно актерско мајсторство (пластично тело, рефлексивност, елегантни и економични сценски движења, солиден гласовен апарат).

Сценографијата, костимографијата, музиката и светлосните ефекти во претставата делуваа култивирано и во дослух со генералната идеја за „изгубеноста во бесконечните панели на нашата несвесност...“

Авторот Копит, за жал, не ја дочека премиерата на „Крилја“ на македонски јазик. Почина на втори април годинава. Текстот „Крилја“, во кој со поврзување на неповрзани зборови и мрморења со звучни ефекти се прикажува серија на збиднувања во свеста на протагонистот по мозочниот удар, е напишана во далечната 1978 година како радиодрама, отпосле адаптирана за театарска сцена. Во 1976 година на Копит му било нарачано да напише оригинална радиодрама. Непосредно пред тоа, неговиот очув доживеал мозочен удар, што го инспирирало да напише драма за нарушување на јазикот и психолошката перспектива на жртвата од мозочен удар. Артур Копит останува препознатлив по мешањето различни жанрови и апсурдизмот и на сцената во НТ, Штип.

XXX

Она што можеше да се претпостави се случи. На изведбата на „Крилја“ на Меѓународниот фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“, (2021) дојде до израз семантиката на проектот. Но, што е од посебна важност за фестивалот посветен на актерот актерите на штипскиот театар вложија огромна енергија, а камерниот амбиент овозможи публиката да ги регистрира и најситните детали, сјајот на очите, прецизните сценски движења и синхронизираност во играта и пласманот на текстот. Кристина Атанасова-Арсова во насловната улога оствари уверливост во покажувањето на специфична психофизичка состојба на страдалник од мозочен удар. Треба да се нагласи и придонесот на останатите актери кои обликуваа прекрасни епизоди. Вистинска штета е што на Фестивалот не се доделуваат актерски награди за епизодни улоги.

Драмско-куклен театар, Враца, Бугарија

СРЕЌНИОТ ПРИНЦ

Меѓународниот фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“, што веќе ја заокружува третата деценија од постоењето, како своја специфика ја има неговата величественост – актерот. Театарот од Враца во повеќе наврати учествуваше на фестивалот во Струмица, но и на фестивалот „Актерот на Европа“ во Преспа, па ѝ е познат на македонската театарска јавност. Без исклучок овој театар од соседна Бугарија оставаше силен впечаток освојувајќи ги симпатиите и на публиката и на театарската критика. За тоа сведочат и наградите што ги освоија актерите од Враца, во што предничи стамениот зналец на театарската магија Анастас ПопДимиторв. И очекувано и годинава гостите од Враца ја воодушевија публиката во Струмица, за што беа наградени со долготраен аплауз.

Во овие времиња кога човештвото е исправено пред страшен предизвик за сопствената опстојба со угрози од најразличен вид, претставата „Среќниот принц“ делува како мелем на рана. Со својата естетика што се темели на придобивките на класичниот театар, што значи враќање кон корените, и поетика што се потпира исклучително на убавото и божественото, тројцата актери Сабина Коен, Емона Илиева и Теодор Софрониев ги разгалија гледачите што на момент заборавија на предизвиците на актуелниот миг.

„Младиот крал“ е театарска лабораторија, истражување на можностите до каде стасува чистата актерска игра со користење на едноставни и елементарни придружни театарски средства. На сцената се прават големите актерски мајстори кои супериорно владеат, користејќи го своето тело како инструмент, својата стручна подготвеност и неисцрпната нивна духовност и креативност што резултира со зачудувачки ефект. Нема во овој значаен театарски експеримент ниту висока технологија ниту спектакуларна режија. Има само актери и тоа какви!?

Тие со својата супериорна игра произведоа енергија што според силината граничи со нуклеарен реактор. Притоа совршената синхронизираност меѓу духот и телото (мислата и движењето), меѓу духовното и материјалното се претвора во величествен театарски триумф. На сцената произведуваат и чудесни звуци, самите свират на едноставни инструменти, а движењата ги омеѓуваат во исклучително мал простор што недвојбено го симболизира сиот свет потврдувајќи дека театарот е згуснато време и стеснет простор што ги надминува и временските и просторните ограничувања и што е доказ за особената талентираност на Сабина Коен, Емона Илиева и Теодор Софрониев.

Всушност, во оваа претстава отсуствува Аристотел и од него востоличената тиранија на текстот. Овој театар израснува и се надкрилува од традициите на Римската драма, уличниот театар и комедија дел' арте. Изговорението се восприема како препознатлива приказна оти тоа е само еден сегмент од претставата и никако не е доминатен. Доминира играта, актерското мајсторство, можноста за креација, имагинација и импровизација, а не за репродукција.

Во таа смисла тешко може да се степенува учинокот на секој поединечен актер одвоено, иако тие безмалку немаат партнерска игра. Но според она што го видовме на сцената во Струмица, што би рекле „за влакно", се извиши Сабина Коен.

Драмски театар, Скопје

„КАРМЕН"

Одбирот на помали драмски форми (монодрама, дуодрама и сл.) се белег на модерното време и современиот театар. Всушност, со фактот дека телото стана доминантна во современиот актерски израз сè почесто се продуцираат, условно речено, помали проекти, мобилни, во кои доминира актерската игра, танцот и музиката за сметка на текстот кој долго време, од Аристотел до современето, го тероризира театарот. Притоа, значи, освен што проектите се мобилни со можност за изведба во каква било средина, дури и не е нужно тоа да биде на класична театарска сцена, се создаваат проекти подеднакво интересни за сите генерации, со дослух на времето во кое живееме со сите техничко-технолошки карактеристики и почитување на филозофско-социјалните аспекти. Тоа се огледа и во одбирот на текстовите а, од друга страна, нуди можност за восприемање во најразлични средини без разлика на сите омеѓувања, меѓу кои и јазичните.

Ваквиот тренд ја зафаќа и Македонија и сè почесто, не само на алтернативните и експериментални сцени, и во националните театри ваквите проекти постепено почнуваат да доминираат. Имено, годинава во Струмица, на Фестивалот на камерен театар „Ристо Шишков" двата најголеми и најрелеватни наши театри, Македонскиот народен театар и Драмскиот театар, се претставија со голем успех со монодрами.

Во тој контекст беше првата монодрама - „Кармен", по мотиви од романот „Пет часа со Марио" од Мигел Делибес – на веќе потврдената и афирмирана македонска актерка Билјана Драгичевиќ-Пројковска која подолг период е на самиот македонски актерски врв, со низа значајни улоги, стилски и жанровски разновидни, што ќе рече како ретко кој Пројковска може да игра сè – од комедија, фарса до драма и музички и танцов театар. Тоа го потврди на матичната сцена во Драмскиот театар, но и со повеќе улоги остварени во Македонскиот народен театар, како една од водечките актерки во Македонија.

Авторот на драматизацијата и режисер Дејан Пројковски одбрал исповедна форма, стар и проверен рецепт за уверливо да се прикаже приказна на сцената што публиката ќе ја прифати, а на актерот да му овозможи да ги прикаже сите актерски стојности – енергијата што ја носи, знајбата и талентот, високата професионалност и посветеноста на професијата. И во оваа прва своја монодрама Билјана Драгичевиќ-Пројковска сето тоа го прави супериорно со исклучителна дикција, уверливи актерски трансформации, сугестивност и прецизност. До таа мера што чиниш недостасува понекогаш по грешка за да се наметне на публиката дека сепак на сцената игра човек а не натчовек. Низ монологот Пројковска нè внесува во внатрешниот свет на

нејзиниот лик во моментите по ненадејната смрт на нејзиниот сопруг Марио, што за Кармен е потстрек за преиспитување на нејзиниот живот, што таа со својата игра ни го наметнува како промашен и тоа и материјално, социјално, морално и психосоцилошки за што вината ја наоѓа кај својот покоен брачен другар, оставајќи притоа можност на секој поединечен гледач до која степен ќе ѝ поверува и дали дел од вината ќе пренесе и врз Кармен – ликот што го претставува Пројковска.

Значи, Кармен како што ја видовме во интерпертацијата на Билјана Драгичевиќ-Пројковска е незадоволна и незадоволена жена што се бори со стареењето, изнаоѓајќи причина за состојбата на распаѓање во која се наоѓа во погрешниот избор и погрешните решенија во младоста. Пројковска вешто го води ликот на Кармен и го доведува до состојба на вулканска ерупција, па потоа со вешта трансформација ќе го донесе на ниво на традиционална конзервативна жена со сите премрежја и потешкотии како резултат и оправдување со приликите на времето во кое живее во Шпанија, некогаш моќната и надмоќна светска империја.

„Трансформациите на ликот на Кармен го покажуваат актерскиот дијапазон на Б. Д. Пројковска – дијапазон со океанска длабочина и небесна широчина!“ – како што напиша театарскиот критичар Тодор Кузманов.

Драматургот и режисер Дејан Пројковски секако меѓу најуспешните македонски режисери надвор од нашата земја последнава деценија, и во овој потфат се потпира на своите веќе постојани соработници како гаранција за успех со кои извонредно се разбираат и се надградуваат: сценографот Валентин Светозарев, композиторот Горан Трајковски, кореографката Олга Панго и овојпат костимографот Раде Василев, а во дизајнот на пропагандниот материјал на Елена Бојациева.

Пројковски се определува за реалистична реконструкција на домот на штотуку починатиот Марио и неговата сопруга Кармен. Тоа дури се чини се прави со филмски пристап. Но, тоа го надградува со инвентивни и модерни решенија, како на пример, вертикалната закачалка со закачен балон на врвот која го претставува Марио, што триумфира во изрежираниот поклон на актерката по завршувањето на претставата.

Драмско куклен театар „Иван Радоев“ - Плевен, Бугарија

ЧОВЕКОТ ОД ПОДОЛСК

Живееме затворени во нашиот мал свет, го гледаме сиво, здодевно и депресивно. Но, дали причината за ова не е во нас самите?

Дали не ја загубивме способноста да ја откриеме убавината околу нас и луѓето околу нас?

Постојано критикуваме, незадоволни сме, но дали навистина го сакаме нашиот град, нашата татковина? Дали правиме нешто за да

ги промениме или сме опседнати со апатија и рамнодушност?

Што треба да нè потресе за да прогледаме?

Претстава - провокација што ќе нè натера да си поставиме многу прашања.

Во изминатите неколку години, претставата „Човекот од Подолск“ беше театарски хит во Русија. Поставена во повеќе од 40 театри и за кои авторот ја доби престижната награда „Златна маска“ за најдобар драмски писател. Тој е познат на театарската публика во Плевен со неговата претстава „Серјожа е многу глуп“, што ја постави режисерот Васил Василев.

Дмитриј Данилов е еден од најпоставуваните автори на театарските сцени во Русија. Роден е во 1969 година во Москва. Автор е на дванаесет книги, вклучувајќи раскази, стихозбирки и романи како „Хоризонтална позиција“ и „Опис на градот“, кои беа меѓу финалистите за наградите *НОС* и *Големата книга*, а подоцна беа преведени на англиски, италијански и на холандски. Во 2018 година, Дмитриј Данилов ја доби големата *Златна маска* за својата пиеса „Човекот од Подолск“.

-Почнав како прозаист. Малку подоцна почнав да пишувам стихови и конечно драми. Не сум театарски човек. Но, така се случи - почнав да пишувам пиеси. Имам пријатели, московски драмски писатели, тие почнаа да ме поканууваат на нивните премиери и сфатив дека модерниот театар е многу интересно поле во кое можете да истражувате многу. Таква беше мојата средба со театарот. Долго време се мислев, се истрошив, и ја изнедрив мојата прва пиеса - „Човекот од Подолск“. Речиси три години размислував што и како ќе се случи. И во есента 2016 година ја напишав. Многу сум задоволен што оваа претстава ја забележа Михаил Угаров, уметнички директор на Театр.doc во Москва. За жал, Угаров сега е починат. Но, неговата постановка на „Човекот од Подолск“ брзо стана позната низ цела Русија. Многумина ја забележаа, многу режисери почнаа да ја поставуваат пиесата и јас добив *Златна маска* за драматургија. Веќе напишав четири драми, од кои три се изведуваат на голем број сцени во Русија, некои во Литванија, Белорусија и во Бугарија.

Дмитриј Данилов

ДКТ „Иван Радоев“ од Плевен, Бугарија ја изведе својата нова премиера - „Човекот од Подолск“ од Дмитриј Данилов. Режисерот Васил Василев уште еднаш ја предизвикува публиката. Започнува со изборот на место каде што се случува дејството. Во фоајето пред големата сала на театарот е изградена коцка, зад чија стаклена фасада се одвива дејството. Ова на гледачот му создава впечаток дека гледа филм, а не театарска претстава. Овој филмски елемент е корисен ефект за да се направи акцијата пореална, објаснува режисерот. Изборот за изградба на сцената исто така не е случаен - ова е местото каде што се наоѓа едно од најголемите избирачки места во Плевен. „Така покажуваме како треба да се направи избор во животот“, е идејата на режисерот.

За Данилов, предизвикот е во тоа да го претстави психолошкиот судир предизвикан од неочекуваната слика на полициското интелектуалец. „Навикнати сме да мислиме дека полицијата е агресивна и глупава личност од која не можеме да очекуваме ништо добро. Но, наидов на интересна приказна на интернет за притвореник од московската полиција, кој беше испрашуван со многу неочекувани, чудни прашања. Овој судир помеѓу она што полицијата го очекуваше и реалноста ме испровоцира и ми беше многу интересно да ги градам сликите на полицијата“, сподели Данилов. И гледачот има можност да види како реагира човек кога ќе се најде во невообичаена, ирационална ситуација.

-Животот што ни го наметнуваат нè става во такви комични ситуации секој ден, па затоа сакавме да се потсмеваме. Мислам дека ќе предизвикаме многу прашања и еден од одговорите е дека секој е еден од нас, од оние на сцената - вели Василев и очекува секој да си го најде својот одговор по завршувањето на претставата.

Улогите ги толкуваат актерите: Ентони Пенев, Адријан Филипов, Дијана Ханциева, Иван-Александар Дојчев, Сергеј Константинов. Сценографијата и костимите се дело на Николај Димитров, музиката е на Милен Апостолов.

Народен театар, Куманово

„ДРАМА ИЗГУБЕНА ВО ВРЕМЕТО“

Народниот театар од Куманово, по минатогодишниот триумф на МФКТ „Ристо Шишков“ кога за најдобар актер беше прогласена актерката на овој театар, Александра Пешевска, и годинава имаше свое успешно преставување што е уште еден показ за нагорниот од на овој театарски колектив во последните неколку години. Се претставија со „Драма изгубена во времето“ од Сашко Насев во режија на Владлен Александров, гостин од Бугарија, кој повеќе од десет пати веќе режира во Македонија и добро ги познава театарските прилики кај нас. Сашко Насев, кој отвори нова светла страница со својата специфична и автентична драматургија во современата македонска драматургија и тоа уште како млад, овојпат навлезен во својата зрела творечка фаза ни се престави со нова драматургија, соодветна на времето во кое живееме и стилски и естетски и од аспект на општествено-политичката ситуација и глобалните тектонски промени во светот и особено последните години со разгорувањето на пандемијата на подмолната болест. Впрочем, особено е драгоцено читањето на драмата на НТ, Куманово на Тодор Кузманов кој лапидарно ги извлекува координатите на овој театарски проект.

Еве што напиша Кузманов за „Драма изгубена во времето“ од Сашко Насев во режија на Владлен Александров:

„Во време кога стивнува пандемијата заживува театарскиот живот. Кумановскиот театар активно учествува во овој процес меѓу другото и со премиерата на *Драма изгубена во времето* од Сашко Насев. Оваа последна авторска пројава на Насев е радикален исчекор во однос на сето негово претходно драмско творештво. Во случајов станува збор за „непостоење“ на драмата во класичната смисла на зборот (впрочем, таа и онака, како што кажува и насловот е „загубена“ во времето). А, времето на случувањето е ова нашево, сегашново! Значи, не станува збор за класичен драмски текст, туку за „текст за претстава“ во стилот на постдрамската естетика. Во овој текст, авторот Насев понудува еден широк конгломерат на теми и проблеми што го прават колоритот на нашето „сиво“ секојдневие. Такви се, на пример, темите на чекањето, модерните болештини поврзани со експанзијата на комуникациските технологии, стравот од осаменост, машко-женските односи како константа со своите најразлични варијанти и модалитети и најпосле тука е темата, позната како 'театар во театар', па директно се алудира на актерската професија, но не преку теорија и апстракција, туку со конкретните личности. Во оваа смисла, станува збор за автореференцијален театарски чин со документаристичка нитка. Едноставно, во она што се случува на сцената отпаѓа театарската илузија, а се соочуваме и го доживуваме личниот живот на актерите, но и на сите вклучени во овој интересен и несекојдневен театарски потфат.

Режисерот Владлен Александров кој има завидно искуство на постановки на нашите театарски сцени, а тоа значи и солидно познавање на менталитетот и сензибилитетот на нашите актери, овде и самиот се впушта во творечка авантура во тесна соработка, пред сè со актерите, а потоа и со останатите учесници во сценската реализација создавајќи иновативен театарски продукт. Споменатата театарска автореференцијалност во неговата режија се огледа во поделбата на дејствието на авант- и ариер-сцената (подвоени со завеса), во преоблекување/костимирање на актерите на самата сцена (сценограф е Крсто Богојевски, а костимограф, Кети Пауновска-Стефковска); со ваквото осмислување на сценскиот простор тој ја прави драматургијата на својата режија која резултира во колаж од сцени и слики, (во кој се подразбира и видеопроекцијата), осмислена и рационална мизансцена. Од целокупната постановка како доминантна избива симбиозата со актерската работа и нејзиното извлекување во прв план.

Горан Илиќ и Кети Дончевска-Илиќ, како ретко кога манифестираат супериорна партнерска игра која понесува и плени. Дотолку повеќе, што овде тие се играат самите себеси! Нема поголема провокација за актерот од тоа да се игра ситуација кога ликот и личноста се едно исто. Тоа е евидентно и преку репликата на Горан Илиќ, дека наскоро ќе замине во пензија, но дека мора да остане доследен и да ја одигра улогата, па макар да го донесат на сцената и на носилка. И уште нешто, тие постојано

ламентираат за потребата дека мораат да ја направат претставата и да не дозволат нивното внимание да го преокупираат и да го одвлечат како личните проблеми така и оние сензации што им надоаѓаат од надворешниот свет. Преку нивната игра се соочуваме со особено рафиниран актерски пар кај кој до израз доаѓа т.н. јавна осаменост, како еден вид на „алфа и омега“ за актерската професија. Горан Илиќ наоѓа начин да го пласира својот суптилен комизам, како што е тоа случај со репликата на скандинавскиот тип на актерска игра, а Кети Дончевска-Илиќ, пак, создава простор за пласман на еден вид фатализам и строгост во актерскиот израз, особено во својот последен монолог со лирски трагизам, монолог кој прозвучува проштално и тестаментално! Инаку, во видеопроекцијата учествува и актерката Александра Пешевска.

За актерите обично се вели дека се ранливи суштества, но да не се изуми дека исто такви се и режисерите. Сепак, ако актерите и режисерот остварат симбиоза во својата креација, како во случајот на *Драмата изгубена во времето*, тогаш настанува магијата и волшепството на театарскиот чин, уметност... “

Тиватски центар за култура БИТЕФ театар – Белград, „Тинк танк студио“ – Нови Сад и Фестивал „Маск“ – Сегедин

„ЈАМИ ДИСТРИКТ – НАЈСТАРАТА НАЦИЈА НА СВЕТОТ“

„Јами Дистрикт – најстарата нација на светот“ е театарска претстава која ги проблематизира прашањата на нацијата и националните држави, во Hi-tech светот на 21 век. Поаѓајќи од фактот дека нацијата била конструкција и концепт измислен во 19 век, оваа претстава го поставува прашањето: како пронајдокот од XIX век успеал да изгледа како да бил отсекогаш таму?

Дали уште ни се потребни стари, „добри“ нации во ерата на интернетот, вештачката интелигенција и модерната медицина? Што ќе ги промени нациите и националните држави? А кој е полош: нациите или корпорациите?

До крајот на 21 век, повеќето интелектуални и физички работи се очекува да ги вршат роботи. Дали роботите ќе имаат национална свест? Дали ќе бидат робо-љуби и робо-патриоти? Дали идејата за нација ќе заврши во ѓубриштето на историјата, или оние што веруваат во неа ќе завршат таму? Дали ќе влеземе во 22 век во чевли од 19 век? И дали тие разгазени чевли ни прават плускавци? Одамна не се убави. И дали се удобни?

Театарската претстава „Јами Дистрикт – најстарата нација на светот“ од Милена Богавац, а во режија на Кокан Младеновиќ во форма на лажен документарец, се базира на измислен, но можен настан. Дејството се одвива во селото Јамен, на тромеѓето меѓу Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина, каде што научниците ја откриле најстарата палеолитска населба во историјата на човештвото. Откритието е значајно бидејќи ги поместува научните сознанија за почетоците и развитокот на човечкиот вид стотици илјади години наназад.

Ова револуционерно откритие е од значење за целото човештво, но за него особено се интересираат Србите, Хрватите и Бошњаците, бидејќи праисторискиот Јамен се наоѓа на територијата на сите три држави. Бидејќи секоја држава сака да го присоедини, започнуваат низа апсурдни теории за тоа кој народ е постар и на кого му припаѓа ова место. Теориите ги водат трите нации во војна, а во војната се вклучуваат и сите светски сили. Праисторискиот Јамен е уништен, а бројот на жртвите е поголем од 15.000. Нација е последниот азил, но за неуспешни луѓе.

Потоа доаѓа мирот и трајно решение за Јамен: станува област под меѓународен протекторат, а транснационалните компании инвестираат пари за отворање на најголемиот научен и забавен парк во светот во областа Јамен. Сите преживеани жители на селото Јамен (има околу сто од нив) се вработуваат: во овој парк, тие ќе играат за туристите древни јаменци. Секој добива костими на неандерталците и плати, а меѓународната заедница со гордост истакнува дека стапката на невработеност во Јамена е нула. Сите три нации сега се сведени на ниво на палеолитски луѓе, во служба на големиот капитал.

Приказната покажува колку се бесмислени националните поделби во 21 век - кога, поради галопирачкиот развој на науката и технологијата,

со светот одамна владеат транснационални компании и кога 1% од човештвото поседува 46% од светското богатство. Идејата за нација ни е претставена како нешто со кое треба да се гордееме, а всушност тоа е феномен што го понижува нашето човечко достоинство.

Во својата форма, претставата е фрагментарна и постмодерна, а нејзин важен дел е видеоделот, составен од различни секвенци кои ја поддржуваат формата на лажен документарен филм, како и изведба во живо на оригиналната музика на групата ВРОУМ. Видеото содржи изјави од различни политичари, носители на одлуки и владетели, а со цел сè да изгледа што е можно поубедливо, има и лажни изданија на национални дневни весници и други информативни емисии.

Кокан Младеновиќ е роден во 1970 г. во Ниш, Р. Србија. Дипломирал на актерската висока школа во Ниш, во класата на Мима Вуковиќ-Куриќ. Дипломирал на одделот за театар и радиорежија на Факултетот за драмски уметности во Белград во 1993 г., во класата на Мирослав Беровиќ и Никола Јевтиќ. Работел како уметнички директор во театарот „Дадов“, уметнички директор во Народниот театар во Сомбор, драмски директор на Народниот театар во Белград и директор на театарот „Ателје 212“ во Белград. За своето творештво ја примил наградата „Бојан Ступица“, како и други значајни награди на фестивали во Србија и во Црна Гора.

Милена Богавац е автор, драматург, драмски режисер, поет и културен работник. Родена е во 1982 г. во Белград каде што дипломирала на одделот за драма при Факултетот за драмски уметности. Напишала околу 15 театарски претстави кои биле изведувани во бројни театри надвор од Србија. Ја добила наградата за драмско дело „Борислав Михајловиќ – Михиз“, наградата за извонреден успех на полето на уметноста „Јосип Кулунџиќ“, како и многу други награди.

Македонски народен театар – Скопје

„САМО ГЛАС“

„Само глас“ е приказна за силна и талентирана жена, која преку ниска постапка го доживува најпонижувачкиот момент во својот живот, борејќи се за сопствениот идентитет. Позната е само Таа, бидејќи во нејзината личност се измешани повеќе архетипови: на ќерка, на дете, на жена, на љубовница, на ѕвезда, на протагонистка и на антагонистка.

Таа е позната актерка која ја губи сопствената доверба и е напуштена од многу помладиот партнер балетан на кого му помогна да ја создаде кариерата. Останува осамена и затворена во својот стан, кој не го доживува како сопствен дом, а единствено друштво ѝ прави само чудниот пајак миленик Тарантула, кој ѝ остана од бившиот партнер. За неа нема надеж дека ќе може повторно да доживее наивна љубовна младост, сега како тоа да е само минато. Во очајна потрага по љубов и афирмација преку интернет го запознава Него, кој наизглед ги опфаќа сите архетипови на совршен маж – спасител, обожавател, љубовник и татко. На почетокот пристоен и слаткоречив тој многу брзо ја стекнува нејзината доверба и таа развива фикција над него, убедена дека во него ќе најде мир, што нејзе најмногу ѝ недостига. Меѓутоа, кога ќе го притисне и кога ќе сфати дека тој не ја говори вистината, Тој во бес ѝ открива дека, всушност, бил реквизитер во театарот каде што таа работела и дека бил многу години опседнат со неа. Додека ја привлекува и ја шармира тој ја дознава нејзината најголема и најчувана тајна – дека таа го остава својот бивш кога доживеал несреќа, и за нејзиниот бивш партнер тоа значело запечатување на неговата кариера. Тој започнува да ја уценува и да ја третира како роба, бидејќи само така може да го добие нејзиното целосно внимание.

Сепак, го спречува неговото его да увиди дека Таа глумејќи и манипулирајќи повешто од него го вовлекува во замка.

На крајот таа успева да се избори за својата слобода и се обидува да научи да го живее животот сама.

Ова е сижето на претставата, позајмено од пропагандниот материјал на Македонскиот народен театар, што всушност е препорака до гледачите.

Но, да почнеме по ред.

Марјан Неќак е долго време присутен во театарот и главно беше препознатлив како исклучителен автор и изведувач на музика во претстави на неговиот матичен театар – Народниот театар во Битола, но и во други театри низ републиката. Но последниве години овој исклучителен театарски зналец, надарен и успешен музичар, но и толкувач и на

најкомпликуваната драматургија ги обедини своите знајби, уки и дарбини и се извиши во врвовите театарски не само на Балканот туку и пошироко, главно работејќи во Хрватска и во Словенија. Една од неговите првични најзначајни ѕвездени моменти беше неговиот авторски проект „Дневникот на лудиот“, македонско-хрватска копродукција. Имено, во меѓувреме Марјан Нејак основа свој театар со кој оствари повеќе копродукции преку кои се покажа и како исклучителен драматург и режисер покрај неговото веќе потврдено реноме како композитор. „Дневникот на лудиот“ е исклучително современа претстава што Марјан Нејак ја реализира како музички театар, дури и самиот дефинирајќи ја како музички жанр со еден од најмаркантните современи актери на Балканот и пошироко Озрен Грабарић, со кого имаат различни погледи за театарот, но во „Дневникот...“ многу успешно пронајдоа редица заеднички погледи и толкувања. Со самиот избор на Грабарић за толкувач на улогата во монодрамата Марјан Нејак ги потврдува на стартот своите режисерски знајби. Притоа, мошне оригинално, тој целосно ја води претставата технички, но едновремено е и диригент кој ги дава насоките и темпото на претставата. Од друга страна Нејак како мото на претставата ја истакнува мислата дека: „секој што прави добро ќе заврши лошо“ што е една од поуките уште од античката драма со што се наметнува не само како инвентивен и функционален режисер туку и како извонреден познавач на тајните на драматургијата. А, наједноставно дефинирано режијата е чиста драматургија. За претставата „Дневникот...“ Нејак и Грабарић се закитија со бројни меѓународни признанија. Но, за жал театарската публика во Македонија не беше во можност да ја види на свое тло. Во тој контекст следуваа и неколку мошне успешни престави на Нејак и во Словенија, каде што последниве години неуморно твори, а во Македонија се наврати со проектот во Македонскиот народен театар монодрамата „Само глас“ со актерката Звездана Ангеловска во која покрај музичкиот пристап, како и во неколкуте последни престави на кои работел Марјан Нејак, исклучително важен е и филмскиот и видеопристапот и користењето средства од новите медиуми.

„Потрагата кон нови форми во музичкиот театар за мене како режисер и композитор секогаш е непресушна, но исто така потрагата кон нови драмски автори, кои сè помалку ги има во вообичаената форма Talk Theatre, а посебно во формата Music Theatre, бидејќи за овој стил потребен е посебен израз и начин на пишување. Ја имав таа среќа да ја сретнам младата и талентирана Нина Плавањац, која ги испиша овие чудесни зборови, реченици, страници на оваа современа приказна“ – вели режисерот Нечак.

„Само глас“ е романтична љубовна приказна (што е услов за нејзино масовно восприемање), но мајсторски напишана од секој аспект и тематски и мотивски и структурно од младата српска авторка Нина Плавањац. За улогата во монодрамата „Само глас“, во која значаен чинител е и гласот на Никола Ристановски,



стамен супериорен со блескава дикција, Звездана Ангеловска го доби единственото признание на меѓународниот фестивал во Струмица, и тоа по вторпат, што е раритет на оваа театарска манифестација.

– Мојата цел со текстот беше да спојам нешто што е многу лично и индивидуално, како што е приватниот портрет на уметничката и светот во кој се наоѓа, со нешто што е универзално, многу пошироко и со кое сите ние можеме да се идентификуваме, како што се: отуѓеноста, самоизолацијата, токсичните односи и неутешната желба за љубов, да си сакан и некој да се грижи за тебе. Најмногу сакам да читам, да гледам и да пишувам приказни кои го спојуваат личното со универзалното и на тој начин да комуницирам со публиката. Во сè што пишувам целта ми е без табуа, осуди и ограничувања да ги прикажам и најмрачните делови на сите нас индивидуално и да го оттргнам срамот од некои мрачни желби кои сите ги имаме, бидејќи сите сме луѓе. На тој начин низ Таа, која е архетип и уметник, да добиеме призма низ која ќе ги видиме тие делови од себе – посочува Плавањац.

Според она што го видовме во Струмица копјата за тоа кој ќе биде лауреат на фестивалот се кршеа меѓу Ангеловска за споменатата монодрама и Биљана Драгичевиќ-Пројковска и се покажа нешто што логички можеше и да се очекува. Станува збор за две исклучителни актерски величини во македонскиот театар и неприродно е да се споредуваат. Но, се чини „победи“ современиот актерски израз на Ангеловска и сугестивноста што ја манифестираше при што освен нејзиното неспорно актерско мајсторство, како што е случај и со Пројковска, мошне значајна е драматуршко-режисерската структура. Се покажа дека една романтична љубовна приказна, збогатена со исклучителна музика, со користење на можностите на новите медиуми, но приказна која се случува денес и овде и која сепак има некаков условен *хепи енд* е поприврлечна, поатрактивна и попровокативна во пренапрегнатите времиња во кои живееме и премрежјата низ кои минуваме од приказната на една страдална Шпанка, што сфаќа дека го промашила, животот, ама отпосле, кога и е доцна за живот, а прерано за смрт, од една, би рекол, сосема едноставна љубовна романса, исполнета со отуѓеност и осаменост. Накусо, поблиски ни се љубовните приказни (да живее Холивуд), сосема едноставни, ама во акутелното време од страдалничкиот живот на поединци во минатото во Шпанија, чијшто, пак, премрежја и маки се гола вода во однос на животите на поголемниот дел од населението во нашата земја, па и пошироко сфатено не само во регионот туку и во светот.

Но, тоа не ја намалува виртуозноста на актерската игра на Ангеловска која ненаметливо, суптилно ни престави лик на актерка, уметничка во најубавата смисла на зборот која се обидувала да го менува светот на подобро без насилни средства и која е во конфликт со суровата реалност на светот исполнет со омраза и насилство, со лажни вредности и лицемерие. Веројатно дека ова е една од најграндиозните улоги на Звездана Ангеловска, која идеално се вклопува во режисерскиот концепт на овој блескаво манифестиран музички театар, театар на иднината. Ангеловска покажа не само глас, исклучителна дикција и музикалност туку и особена пластичност на телото и неверојатна посветеност, синхронизираност, прецизност и висока професионалност. Таа бравурозно се усогласува како актер со чисто театарски средства со предизвикот да го следи дејствието што се развива и преку друг медиум. Имено, ова е претстава што е правена и според принципи и елементи и на филмот и видеото, како што реков, и трае точно определено време 57 минути. Тоа да се постигне без ниту една грешка од актерот или отстапка е навистина актерски подвиг и сите честитки за Ангеловска.

-Играм лик на силен и современ женски уметник. Приказната открива една човечка судбина, но и предизвиците и потешкотиите не само на жената туку воопшто, на човек којшто има уметничка душа. Проблематиката е трослојна и е претопена во музичко-сценски жанр. Од занаетска страна е вистински предизвик, бидејќи како актерка сум ставена во рамка на музичка партитура за драмското дејство да тече, а тоа, всушност, е ракописот на Неќак – објаснува Ангеловска, која е автор и на преводот на текстот.

Иако ова е монодрама Ангеловска манифестира и високо ниво на партнерска игра, притоа играјќи со невидлив партнер. А тоа не е кој било туку еден од најмаркантните актери денес на Балканот — Никола Ристановски.

Секако за успешноста на проектот придонесува и инвентивната и функционална сценографија и дизајнот на светлото на Марјан Неќак, костимографијата на Наташа Павликиќ,

и видеодизајнот на Марин Лукановиќ. Со кого соработува Неќак веќе неколку години. На врвот на триумфот на овој проект во продукција на МНТ од Скопје е и балетската точка на Мирослав Митрашиновиќ кој ќе го заокружи со виртуозен танц укажувајќи дека сè што води до совршенство води во смрт, во овој проект и драматуршки назначено.

Тигар театар, театар „Форт Форно“, Осиечко културно лето

ТРИ ЖЕНИ

Драмскиот омнибус „Три жени“ се концентрира на животот и делото на веројатно трите најважни писателки на овие простори од почетокот на 19 до 20 век - Драгојла Јарневиќ, Марија Јуриќ-Загорка и Ивана Брлиќ- Мажураниќ.

Иако како писателки трите манифестираа различни стилски одредници, и до одредена степен светогледи, она што ги поврзува е неверојатниот опстанок и духовната смелост во општествено-политички контекст, што беше сè друго, но не и погоден за еманципаторски тенденции и протофеминистичка смелост, што ги опфаќа не само нивните работа, но и самото постоење и интеракција со класните и родовите рамки кои се испреплетени околу нив. Упорноста и тврдоглавоста што веќе генерации можат да ги прочитаат во своето литературно дело е само нуспродукт на поширокатa одлука за барање право за заземање јавен и политички простор и давање глас на оние кои во тоа време не се сметале за многу повеќе од сопрузи и мајки. Покрај тоа, за некои од нив, како што се Драгојла Јарневиќ и Марија Јуриќ-Загорка, дури и оваа рамка на семеен манир беше длабоко одбивна и непожелна. Резултатот од тој опстанок не е само книжевно наследство од неспорна важност туку и конкретни промени во перцепцијата на социјалната парадигма, парадигма што овие три авторки понекогаш ги чинат скапо во секојдневниот живот - и приватно и политички. Затоа Драгојла Јарневиќ, Марија Јуриќ-Загорка и Ивана Брлиќ-Мажураниќ не се само релевантни појави на домашната литературна сцена. Тие се долг од чии влијанија сигурно живееме и денес.

Жирито на 29. фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“ во состав: Александра Пешевска, претседател- минатогодишна лауреатка на Фестивалот, Благој Чоревски и Петар Мирчевски, на седницата одржана на 13.9.2021 г. донесе едногласна ОДЛУКА:

-Наградата за најдобро актерско остварување на фестивалот што годинава се одржа од 8 до 13 септември 2021, се доделува на актерката Биљана Драгичевиќ-Пројковска за улогата Кармен во истоимената претстава, работена според мотиви од „Пет часа со Марио“ од Мигел Делибес, драматизација и режија: Дејан Пројковски во продукција на Драмскиот театар, Скопје.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Биљана Драгичевиќ-Пројковска користејќи исповедна форма, толкувајќи ја Кармен во истоимената монодрама ни овозможи поглед во внатрешниот свет на нејзиниот лик. Пројковска ги изнесува своите лични ставови на Кармен, а преку нејзиното ламентирање се реконструира и поширокатa слика на општество од социјален, идеолошки и религиозен аспект.

Биљана Драгичевиќ-Пројковска со вешти трансформации, од страсна, нежна, потиштена и тажна, па фурија која „диво“ танцува, суверено господареше на сцената не оставајќи сомнеж во она што го мисли и што го прави. Биљана Драгичевиќ-Пројковска како Кармен со својата некритичност, нападност израснува во гротескна фигура на жена за која целиот свет е изместен и несоодветен. Својот лик го надградува со фарсична распојасаност – еротична, страсна, мрзоволна или весела. Биљана Драгичевиќ-Пројковска во секој миг беше посветена и уверлива во својата креација на ликот. Актерски моќна и стамена. Со својот креативен импулс и творечка ведрина ја разбиваше задушливата и траурна атмосфера. Во ниеден момент не ја минува границата и затоа заеднички именител на сите сцени и ситуации е чувството за мера. Трансформациите на ликот на Кармен го покажуваат актерскиот дијапазон на Пројковска – дијапазон со океанска длабочина и небесна широчина!

Инаку, за првпат на фестивалот посветен на актерот, Звездана Ангеловска по вторпат го понесе високото меѓународно признание.

Сузана Вренцовска

ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА КВАЛИТЕТНА ДРАМСКА ПРОГРАМА НА 61-ТО ОХРИДСКО ЛЕТО

Годинешното 61-во фестивалско издание на Охридско лето кое се реализираше во време на ковид-пандемија по строго утврдени заштитни мерки по препорака на Комисијата за заразни болести и Министерството за здравство на Република Северна Македонија донесе квалитетна драмска програма со што се надополни успешната приказна во фестивалската историја на врвни театарски креации.

„Оваа година програмата беше составена од она што домашната продукција успеа да го создаде во овие специфични услови во кои мораа да работат тетарите како и од двете најголеми театарски куќи од Србија, Српско народно позориште од Нови Сад и Југословенско Драмско Позориште од Белград. Сосема сум свесен за ситуацијата во која се наоѓаме и за разликата помеѓу желбите и она што е реалност. Сметам дека треба да го славиме секој изговорен збор од сцените, секој гест, ској аплауз. Мислам дека ако нешто можеме да научиме од оваа ситуација е тоа колку многу е важно она кое го работиме и колку силно мораме да го чуваме она што го нарекуваме театар“, вели селекторот на драмската програма на „Охридско лето“, Александар Поповски.

Од „Охридско лето“ велат дека е предизвик да се реализира програма во ковид-услови но и огромно задоволство и радост да се види задоволна публика и полни гледалишта.

„Минатата година како тим покажавме дека можеме да се справиме со сите предизвици и да се заштитиме од сите опасности кои ги носи пандемијата. Тоа не направи годинава да сме поспремни и поискусни за реалицацијата на 40-те фестивалски вечери. Нашата посветеност и професионалност ја препознаа бројни уметници и љубители на уметноста. За концептот на програмата и изборот на уметниците морам да изразам огромна благодарност кон нашите селектори, професорката Даница Стојанова и режисерот Александар Поповски кои ја вложија сета своја професионалност и умешност да донесат големи светски имиња и врвни театарски куќи.“, вели директорката на „Охридско лето“ Наташа Поповиќ.

Драмската програма започна со домаќинот, Охридскиот театар, кој со својата претстава „Крик за љубов“ од Жозиен Баласко во режија на Љупчо Ѓоргиевски, се претстави пред публиката во нивната матична куќа. Според „Кориолан“ на Вилијам Шекспир, Битолскиот театар ја донесе театарската претстава „History of Mother Fuckers“ во режија на Андраш Урбан. Српскиот народен театар од Нови Сад, оваа година се претстави надвор од вообичаените класични рамки, еден спој на современото и подзаборавеното, една убава животна драма, за рок ѕвездата Џенис Џоплин, приказна напишана од Тијана Грумиќ во режија на Соња Петровиќ. Театар Комедија, оваа година гостуваше со „Вечера за глупаци“ од Франџис Вебер во режија на Ирена Стеријовска. Повторно маестралната претстава на Марјан Неќак кој театарскиот свет го знае како режисер со силна тупаница, современо уметничко кредо, уметник чии претстави се полни со страст, емоции и енормна енергија со актерите од Македонскиот народен театар ја претстави „Само глас“ од Нина Плавањац, една невообичаено уникатна, комуникациска современа музичка драма. Извонредните српски актерки Јована Беловиќ и Сања Марковиќ од Југословенскиот драмски театар- Белград ја донесоа театарската претстава „Мојот маж“ во режија на Јована Томиќ. Охридско лето на својата верна пубилика им ја подари сензацијата на Југословенскиот

драмски театар со претставата „На отворено море“ од Бранислав Нушиќ во режија на Егон Савин за крај на драмската приказна на годинешново фестивалско издание.

„Крик за љубов“ – комедија на карактери натопена со романтична љубов и среќен крај

Фестивалот „Охридско лето“ на сцената во Центарот за култура „Григор Прличев“ ја донесе театарската претстава „Крик за љубов“ според текст од Жозиен Баласко, а во режија на Љупчо Ѓоргиевски низ која провејуваа две теми, театарот и љубовта.

Актерите на Народниот театар Охрид всушност одиграа претстава во претстава, глумејќи како се создава еден театарски производ, , од распределбата на улогите, преку првата проба до пробата со костими и премиерата, притоа, пренесувајќи ѝ ја на публиката пораката дека уметноста и љубовта, поточно убавото, победува секогаш.

-Првпат играм во претстава со ваков концепт, што би рекле претстава во претстава, и многу беше интересно. Секогаш велам дека публиката е секогаш љубопитна и сака да sирне што се случува зад кулисите, како актерите буквално се фрлаат во оган за да се создаде еден театарски производ, вели актерката АдријанаТодороска која ја глумеше улогата на Жижи Ортега.

„Комедијата на карактери“ беше натопена со љубовна приказна која заврши со романтичен и среќен крај.

-И покрај овие комплексни времиња мислам дека успеавме да ѝ подариме на публиката на „Охридско лето“ убава претстава. Генерално, пораката е дека љубовта и уметноста умеат да ги трансформирааат и најголемите конфликти во една позитивна работа, појаснува актерот Никола Тодороски кој го глумеше Иго Мартиел, поранешен сопруг на Ортега.

Актерот Горан Стојаноски беше агентот Силвестер кој ги лаже актерите на сцената, но само заради доброто на претставата, за да излезе добар производ со задоволни актери и задоволна публика.

-Во принцип е добро да се види дека готовите производи не треба да се земат здраво за готово,туку како и во секоја друга професија, внатре се случуваат сериозно тешки работи за да може да се дојде до производот. Но ако ја сакаш работата, на крај ќе излезе сè добро, вели Стојаноски.

Според актерот Ивица Цонев кој во „Крик за љубов“ играше режисер, ваквиот тип на претстава е добра поука за актерите зашто како што вели, тие често не забележуваат како изгледаат од страна додека подготвуваат претстави.

-Разликата помеѓу режисерите и глумците можеби изгледа незначителна, но суштински е навистинаа голема. Се обидовме да се играме самите себеси и сето она што се случува во еден работен процес. Од друга страна, колку интересно за нас, толку и провокативно истовремено затоа што многу често не си даваме сметка како изгледаме од страна дури поминуваме преку еден работен процес, додава Цонев.

Битолскиот режисер Љупчо Ѓоргиевски кој беше помеѓу публиката на „Охридско лето“ е задоволен од реакциите на гледачите и од тоа како дишеше салата за време на претставата.

-Овој текст е напишан од актерка, режисерка и писателка која има пишувано сценарија за филм, што значи врвен театарски мајстор и ми се чини дека толку длабоко има навлезено во она што го работиме ние, што се вели до кревањето на завесата, до премиерата, така што има направено прецизен скен на најважните ликови кои ја работат претставата, актерите, режисерот, продуцентот и сите останати, вели Ѓоргиевски.

„History od Mother fuckers“-сатира за цивилизацијата и колективната свест

Духовита приказна која во своето јадро го има човекот и неговата заедница, своевидна сатира исполнета со песни и музика приреди за публиката на „Охридско лето“ Битолскиот народен театар играјќи ја претставата „History od Mother fuckers“ .

Претставата е градена врз основа на текстот „Кориолан“ на Вилијам Шексипир, а во режија на Андраш Урбан. Во неа глумеа Николче Пројчевски, Борче Ѓаковски, Иван Јерчиќ,Соња Михајлова, Сандра Грибовска и Викторија

Степановска. Костимографијата беше на Благоја Мицевски, сценографијата на Валентин Светозарев, а музиката ја компонираше Ирена Поповиќ.

Директорот на Битолскиот театар, Иван Јерчиќ кој беше и дел од актерската екипа во претставата истакна дека актуелноста на шекспировиот „Кориолан“ се чувствува и денес во општеството.

-Земен е само костурот на „Кориолан“ и многу малку од самиот текст, и врз него Ведрана Божиновиќ како драматург и автор на текстовите напиша една современа и нова приказна иако актуелноста на „Кориолан“ и ден-денес се гледа и се чувствува во нашето општество. Ова е приказна која во исто време на трагичен и комичен начин, емотивен и истовремено лишен од секакви емоции концепт, зборува за демократијата, за нашето живеење, рече Јерчиќ.

Според младата и исклучително талентирана актерка Сандра Грибовска, предизвикот да се работи овој театарски проект беше голем со оглед на пандемијата што трае долго.

-Темите во претставата нè тангираат сите нас, посебно по сè она што поминавме и како човештво и како цивилизација, и видовме дека некои работи се навистина вечни. Ако не го кренеме колективното ниво на свест можеби ќе продолжат да нè тангираат и нас и нашите наредни генерации. Што се однесува до работењето со режисерот Андрош, тоа е секогаш предизвик. Го знаеме неговиот режисерски јазик, начинот на кој тој работи со актерите, стилот, изразот...така што бев среќна што токму со него се вратив по едногодишна пауза на сцената на матичниот Битолски театар, рече Грибовска.

На сцената „Долни Сарај“, публиката имаше можност да види и еден од доајените на македонското глумиште, актерката Соња Михајлова, со најдолг театарски стаж помеѓу колегите, која покажа неверојатна енергија, иако, како што кажа, пандемијата, како и сè друго, ја сопре и театарската активност.

-Ова беше посебен начин на подготовка на претстава заради тоа што се случува по година и половина неактивност на сцената така што беше првично повторно препознавање на екипата и меѓу нас, и враќање на оној театарски креативен момент. Среќа е што во сето ова режисер ни е нам добро познатиот Урбан со кого и претходно сме работеле, така што успеавме да се пронајдеме и да ја износиме оваа претстава во вакво турбулентно време, појасни актерката Михајлова.

Режисерот Андраш Урбан ѝ е добро познат на публиката и од гостувањата на „Охридско лето“ и на другите фестивали, но и по своите режии во Битолскиот народен театар.

„Кој ја уби Џенис Џоплин“– приказна за ослободување од наметнатите социјални окови



Српскиот народен театар од Нови Сад во копродукција со Младинската престолнина на Европа(ОПЕНС) од овој град ја збогатија драмската програма на фестивалот „Охридско лето“ со театарската претстава „Кој ја уби Џенис Џоплин“ во режија на Соња Петровиќ.

Преку убедлива и енергична игра на сцената во Центарот за култура „Григор Прличев“, младите актери донесоа драма мошне успешно испреплетена со музика од времето на Џенис Џоплин.

Последиците да заврши животот на оваа 27-годишна рокенрол ѕвезда од 60-тите години на минатиот век во хотелска соба се познати, но преку одмотување на приказната наназад, од почетокот на нејзиниот живот, од нејзиното раѓање до смртта, низ театарска игра беа доловени и причините до кои дошло Џоплин да биде зависник од хероинот, да биде осамена и да наиде на отпор на патот кон остварувањето на нејзината лична слобода.

Според режисерката на претставата, Соња Петровиќ, приказната за Џенис Џоплин им ги отвора очите на луѓето, низ нејзиниот животен пат и пример да ја согледаат борбата за себе која не е лесна и честопати води кон создавање ѕид помеѓу поединецот и општеството. Токму и славната рокенрол ѕвезда го завршува животот со неисполнета желба, да го сруши тој ѕид.

-Глумците од сцената ѝ порачаа на публиката да се ослободи од сите зададени форми, формалности и окови, да се ослободи од каков било социјален контекст кој ни е наметнат на сите нам, кој дури и по 50 години од смртта на Џенис Џоплин е еднакво силен и доминантен.Тоа се чувствува особено кај жените кои одбиваат да бидат во формите на зададените родни улоги во одреден период од својот живот, но претставата не е наменета само за жените, туку кон сите луѓе, зашто сите ние некогаш се чувствуваме напнато во смисла на остварувањата на тоа што општеството го очекува од нас. Пораката е дека треба да бидеме тоа што ние сакаме да сме, вели Петровиќ.

„Кој ја уби Џенис Џоплин“ не е психолошка драма, ниту мјузикл иако изобилува со музика, туку социјална драма базирана врз вистинска животна приказна што го критикува конзервативното општество.

-Претставата не може жанровски да се оквалификува како мјузикл, но содржи голем процент на музика, можеби и повеќе отколку во мјузиклите, така што и нам ни е чудно на кој начин се посматраат ваквиот вид претстави. Самиот факт што темата се занимава со животот на пејачката која во музиката ја видела својата слобода и се открила себеси низ музиката, едноставно беше невозможно да се направи драма без начинот на кој таа ги изразувала своите емоции и страста, додава младата режисерка Петровиќ.

Претставата „Кој ја уби Џенис Џоплин“ е работена според текст на Тијана Грумиќ а

улогите ги играа Бојана Милановиќ,Соња Исаиловиќ, Стефан Вукиќ, Димитрије Аранџеловиќ, Вукашин Ранџеловиќ, Петар Бањац, Филип Грубач и Игор Сакач.

„Вечера за глупаци“ – фарса на ситуации кои го отвораат прашањето за вредностите во општеството

Сценатa „Долни Сарај“ беше дом за публиката на „Охридско лето“ и за актерскиот ансамбл на театар Комедија од Скопје кој ја изведе театарската претстава „Вечера за глупаци“ на текст од Франсис Вебер а во режија на Ирена Стеријовска.

Земајќи ја предвид сè поголемата поделеност на општеството по основ на богати и сиромашни, на социјално прифатени и социјално несоодветни, оваа приказна ги открива и другите нијанси помеѓу крајностите во кои може да се види дека среќата е апстрактен концепт чија предвидливост и контрола порано или подоцна станува мит.

Според режисерката Стеријовска станува збор за приказна која го коментира високото француско општество, кое, презаситено од сè што може да си овозможи, креира ситуации во кои ќе може да им се исмева на послабите и понеуспешните. Имено, темата што се обработува е смислата на она што го чини човекот среќен и перспективата од која тоа се доживува.

- Претставата се занимава со аздисаноста на француското високо општество и нивната форма на забава. Во однос на сегашноста, бидејќи класните разлики стануваат сè поголеми особено во државава, се занимаваме со детронизирање на таа висока класа. Таа може сè да си дозволи и да си пружи, веќе моралните вредности се изместуваат на значаен начин и ние го коментираме тоа како може да се врати налик на бумеранг една навидум невина игра и како може да го смени животот на луѓето, вели Стеријовска.

Интересно и за актерите, и за режисерката, но најмногу за публиката е тоа што гледалиштето беше на самата сцена каде што играат актерите.

-Начинот на поставување е многу интересен бидејќи решивме да се занимаваме со реконструкција на тој четврти сид-сид помеѓу дејствието и публиката. Бидејќи дејствието се одвива во трособен стан, ние решеивме станот да го ставиме на сцена а публиката на надворешните сидови така што се добива еден воајерски впечаток на публиката што на некој начин работи во однос на она што мене ми е период на истражување, а тоа е позиционирање во физичка смисла на публиката во однос на дејствието и да видиме дали тоа може да го направи целото театарско искуство поголемо доживување, додава Стеријовска.

Во театарската претстава „Вечера за глупаци“ играа Валентин Костадиновски – Тино, Атанас Атанасовски, Илија Илиоски,Тони Денковски, Ема Давчева, Благица Трпковска, Јаков Спасов и Столе Мицов.

Валентин Костадиновски-Тино ја играше улогата на Пјер Брошан, еден од главните протагонисти кому му се случуваат многу работи дома. Тој е човек кој е во потрага по глупаци за да ги исмејава, но и самиот станува глупак кај него дома.

- Претстставата се гледа од четири различни страни што би значело дека ако ја гледаш четири пати ќе имаш различен кадар и различно ќе се доживува. Ова е интимна претстава каде публиката седи на два метра од нас и самата игра нам актерите ни е како филмска, повеќе е навнатре, интровертна. Се игра некој чуден хиперреализам и тоа ја прави посебна, поразлична и позабавна од другите. Гледачот треба да почувствува дека е внатре во станот, дека присуствува на таа вечера на глупаци, вели Костадиновски.

Младиот актер Илија Илиоски ја играше улогата на неостварениот писател, Само Леблан.

-Пораката на претставата е да внимаваме што правиме. Секое добро со добро се враќа и обратно. Процесот на подготовка на претставата беше еден креативен, интересен и мошне инспиративен, појаснува Илиоски.

МНТ и режисерот Неќак донесоа нов театарски израз на „Охридско лето“

Современата музичка драма „Само глас“ на Македонскиот народен театар беше изведена

како дел од драмската програма на фестивалот „Охридско лето“.

Работена според текст од младата српска авторка Нина Плавањац, „Само глас“ е приказна за позната актерка која останува сама и напуштена токму од помладиот партнер, балетан, кому му помогнала да ја изгради кариерата, при тоа губејќи ја сопствената доверба и останувајќи само со единствениот подарок што и останал од партнерот, пајакот Тарантула.

-Таа глумица бара нов почеток затоа што со сè расчисти на некој начин. И' се јавува еден глас којшто на некој начин таа го прифаќа и започнува нова ера како начин на живеење и комуницирање. Сето тоа е преточено во музика што цело време ја следи претставата. Сметам дека ова е интимна приказна што секому му се случила, му се случува или може да му се случи, вели режисерот Марјан Неќак кој е и композитор и сценограф на претставата.

Двајцата партнери, првенците на МНТ, Звездана Ангеловска и Никола Ристановски кого публиката го слушаше само преку глас, комуницираа преку бестелесни контакти, без вистинска слика како изгледаат што претставуваше ново театарско изразување преку користење на најстариот човечки инструмент-гласот.

-Тоа е впрочем и целта на уметноста, да донесете нешто, не само да е ново по секоја цена, туку и да го прифати публиката. Претставата е специфична и по начинот на изработка и по начинот на изведба. Тоа е претстава за уметноста односно за човекот којшто пропаднал во уметноста и едноставно станал неинтресен. На истиот начин се случуваат и потонуваат тие бродови и во приватниот живот, додава Неќак.

Безимената актерка што ја играше Звездана Ангеловска беше сама на сцената. Потребен ѝ беше само глас којшто ја создава драмата и нејзината емотивна апокалипса, но истовремено ја освестува и ја води кон нов живот.

-Работевме доста долг интензивен период така што бев вклучена и во процесот додека се градеше текстот. Работевме онлајн или за време на пандемијата затоа што изискува музички сонгови. Марјан е прекрасен соработник, темелно бара подготовки со голем број материјали и истражувања за ликот. Имаме навистина прекрасна соработка. Покрај тоа што ова е сценско-музички проект бара една посебна подготовка и за пеење, и да сте во психофизичка кондиција, вели првенката на МНТ, Звездана Ангеловска.

Улогата на балетанот во претставата „Само глас“ ја толкуваше Мирослав Митрашиновиќ.

„Мојот маж“ – драма за секојдневните проблеми на жените

Извонредните српски актерки Јована Беловиќ и Сања Марковиќ од Југословенскиот драмски

театар- Белград на „Охридско лето“ ја донесоа театарската претстава „Мојот маж“ во режија на Јована Томиќ.

Овој драмски проект е работен според истоимената збирка раскази од познатата македонска писателка Румена Бужаровска напишана на едноставен и прецизен јазик во која секој може да се препознае.

Создавајќи ги ликовите на нејзините хероини, Бужаровска храбро, грубо и духовито си поигрува со сите општи места на локалниот контекст, прецизно формирајќи ја иконографијата на патријархатот во кој сите сме заробени. Мажот кој секогаш е на пиедесталот и жената која треба да ги реализира своите потреби и цели, но без да ја наруши машката позиција или моќ.

-Искрено, мислам дека ова е извонредна театарска претстава. Се работи за млада и многу добра екипа. Јована Томиќ е извонредна режисерка, а претставата има и многу добар драматург. Главно ги имаат земено моите раскази но се направени многу паметни комбинации, а не многу наметливи. Актерките се навистина едни од подобрите, така што многу се радувам, рече Бужаровска.

Младите актерки од Југословенскиот драмски театар –Белград покажаа извонредна глума пред публиката на „Охридско лето“.

-Во претставата „Мој маж“ мажот е поставен на пиедесталот, но исто така и жените. Се трудевме да ги разбереме жените. Сите сме окупирани со секојдневни големи проблеми, и тоа беше навистина инспиративно. Тоа е нашето опкружување. Сите сме на ваков или таков начин допрени од тие приказни. Ние се посветивме на тоа да ги разбереме, но сметам дека и поширокатa публика може да ги разбере., а доказ е што претставата е една од најбараните и најизведуваните на нашиот репертоар, вели актерката Сања Марковиќ.

-Работите се многу едноставни и во едноставноста се крие идејата на ова книжевно дело и на драмската претстава, смета актерката Беловиќ.

Драматург на театарската претстава „Мојот маж“ е Димитрије Коканов, а костимографијата на Маја Мирковиќ.

„На отворено море“ за успешно затворање затворање на годинешното Охридско лето

Актерската екипа на Југословенскиот драмски театар за затворање на годинешното фестивалско издание ја донесе семејната драма со политички конотации, „На отворено море“ од познатиот српски драмски писател и комедиограф Бранислав Нушиќ, режирана од извонредниот режисер Егон Савин.

Публиката проследи приказна за љубовната афера на една убава и среќно омажена жена со министер во влада. Позади семејните, пријателските и љубовните односи во драмата, се криеше исклучиво интерес и бескрупулозна потреба за политичко и општествено унапредување.

Брачниот пар од високото општество го играа Слобода Мичаловиќ и Ненад Јездиќ. Нивните роднини, пријатели и Нушиќеви службеници беа дел од малограѓанскиот свет и сите имаа корист од љубовната афера со министерот кој го играше Марко Баќовиќ, и токму поради тоа, сите ја премолчуваа оваа вонбрачна врска.

- Оваа претстава што е напишана одамна, зборува и за нашето денешно време како што зборува и за она време во кое се создала, за корупцијата, за распродажбата на сè и сешто, па дури и на љубовта и семејниот мир заради упехот и богатството. Со Егон Савин е прекрасно да се сораборува. Тој е искусен режисер со многу претастави и награди. Големо е задоволството да се работи со него, па дури и кога е строг, вели Баќовиќ.

Режисерот Егон Савин не го криеше задоволството што токму негова театарска претстава ја има честа да го затвори 61 фестивалско издание на „Охридско лето“.

-Семејна драма со политички конотации. Општествена комедија со трагични елементи. Нушиќ напишал неколку граѓански драми. Тие се необично значајни за ова време зашто го покажуваат и менталитетот кој е непроменлив, и државниот апарат кој е исто така непроменлив, и власта која е арогантна и подмитлива... Нушиќ е најгенијалниот српски драмски писател, и тоа не само како комедиограф. Јас го имав задоволството со Југословенскиот драмски театар да ја работам неговата драма „Така

мораше да биде“, со голем успех. Ја работев и социјалната драма„ Зад Божјиот грб“, и оваа е трета негова драма „На отворено море“, една од најзначајните во неговиот драмски опус. Во Македонија одамна не се поставени драмите на Бранислав Нушиќ на редовниот репертоар во театрите, туку повеќе се играат неговите комедии по кои е познат и прочуен, појаснува режисерот Савин според кого, „Охридско лето“ и „Дубровничките летни игри“ се последното упориште на големите сериозни летни фестивали кои ја слават уметноста, рече Савин.

Многу театарски претстави режирани токму од Савин се одиграни на фестивалот „Охридско лето“ уште во времето на старата југословенска држава. Овој исклучително признат режисер постави и две негови премиери на „Охридско лето“, „Злосторство и казна“ и „Лаги и паралаги“.



РЕЦЕНЗИИ НА ПРЕТСТАВИ

Тодор Кузманов

ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ 2020/2021

ВРВНО АКТЕРСТВО

(„Кармен“ по мотиви од „Пет часа со Марио“ од Мигел Делибес; монодрама на актерката Билјана Драгичевиќ-Пројковска; драматизација и режија: Дејан Пројковски; продукција: Драмски театар, Скопје; премиера, мај 2021 г.)

Тенденцијата за сè поголемото свртување кон жанрот на монодрамата во европскиот театар во последните неколку децении, со актуелната светска пандемија станува уште поинтензивна. Овој процес за негување на камерните театарски форми евидентен е и кај нас.

Една од последните појави на оваа тенденција секако е и монодрамата „Кармен“ на актерката Билјана Драгичевиќ-Пројковска, а во драматизација и режија на Дејан Пројковски. Режисерот Пројковски заедно со своите соработници создава комплексна и комплетна претстава со соодветно значење и место на сценографијата (Валентин Светозарев), музиката (Горан Трајковски), костимографијата (Раде Василев), сценски движења (Олга Панго). Основна и доминатна визура и атмосфера на режијата и останатите сегменти е црната траурна гама. Станува збор за речиси реалистична реконструкција на домот на штотуку починатиот Марио, сопругот на Кармен. Режисерот Пројковски со своите интервенции (и преку мизансцената) на моменти ја разбива траурната атмосфера преку прозорците и вратата како излез, надеж, слобода.

По низата на значајни улоги на својата матична сцена во Драмскиот театар кои ја легитимираат како една од водечките актерки во земјава, Биљана Драгиќевиќ-Пројковска се впушта во авантурата наречена монодрама. Формата на оваа нејзината прва монодрама е исповедна. Тоа значи, дека преку монологот таа ни овозможува поглед во внатрешниот свет на нејзиниот лик. Станува збор за моментот кога ненадејната смрт на нејзиниот маж Марио ќе биде импулс за нејзината провокација за рекапитулација, како на филмска лента, на нејзиниот живот, промашен по сите основи! Виновник – покојникот! Значи пред нас е една и незадоволна и незадоволена жена! Распукнува по сите шевови, експлодира. На сцената настанува мешаница од чувства,



страсти, но во актерската креација на Пројковска тие се извонредно организирани и мајсторски пласирани. Освен своите личните ставови и односи на ликот, односно на Кармен, преку нејзиното ламентирање попатно се реконструира и поширокатa слика на шпанското општество, па така дејството се ситуира од социјален, идеолошки и секаков друг аспект. Тоа е време односно живот во околности на поделеност помеѓу роjалистите и републиканците (кај нас тоа би било поделба на патриоти и предавници), а притоа нејзиниот починат сопруг секогаш ја бира погрешната (читај – губитничка) страна, повлекувајќи ја во таа небиднина и неа, односно семејството. Така, нејзината желба и копнеж по „фиќото“ ќе остане неостварлива, само мислена и пуста. А, тука се и оние интимните, ласцивни пориви, незаситната сексуална потреба и „влажните“ соништа (како, на пример, за Пако со неговиот *ситроен-жаба*, но и за други додворувачи, уште подобро ако се и помлади). Арно ама, овие слатки овошја само делумно ќе бидат вкусени, затоа што таа, Кармен, замислете, има свои ПРИНЦИПИ!

Сите овие ситуации Пројковска ги игра со вешти трансформации оставајќи впечаток на суверен господар на сцената. Наизменично таа е страсна, нежна, потиштена и тажна, па фурија која „диво“ танцува по сцената не оставајќи сомнеж во она што го мисли и што го прави. Кармен односно Пројковска прави „парампарче“ од сите вредности и доблести (убав пример е играта со книгите), така што со својата некритичност, нападност и простаклук израснува во гротескна фигура, фигура односно жена за која целиот свет е изместен и несоодветен. Својот лик го „закитува“ со една фарсична распојасаност. Еротична, страсна, мрзоволна или весела, Пројковска е секогаш посветена и уверлива во својата креација на ликот на обична дрдорка од пред селска чешма. Актерски моќна и стамена со својот креативен импулс и творечка ведрина таа ја разбива загушливата и траурна атмосфера. Во ниеден момент не ја минува границата и затоа заеднички именител на сите сцени и ситуации е чувството за мера. Трансформациите на ликот на Кармен го покажуваат актерскиот дијапазон на Б. Д. Пројковска – дијапазон со океанска длабочина и небесна широчина!

ИСТРАЖУВАЧКИ ТЕАТАРСКИ ПРОЕКТ

(„Само глас“ од Нина Плавањац; режисер и композитор: Марјан Неќак; продукција: МНТ – Скопје; премиера: 26 мај 2021 г.)

Марјан Неќак кој е веќе легитимиран како пасиониран поклоник на музичкиот театар во поширокиот регион и со овој свој последен сценски проект „Само глас“ реализиран на сцената на нашата централна театарска куќа, ја продолжува својата творечка авантура условно наречена, музикализација на театарот. Тоа е



онаа тенденција во современиот театар според која музиката во театарот не е само помошен туку и рамноправен елемент со останатите чинители на сценскиот чин, односно музиката се претвора во самостојна театарска структура.

Авторката на текстот или драмската предлошка, Н. Плавањац понудува една интимистичка драма, која може лесно да „помине“ и како монодрама за една позната актерка која потоа со режиската интервенција прераснува во комплетен сценски чин во кој доминира веќе споменатата музикализација на сите елементи. Неспорно дека станува збор за современа драма која го тангира нашево време што носи максимална отуѓеност, осаменост, но и невротичност на фонот на прикриеното насилство во нас и околу нас...

Марјан Неќак во овој проект настапува во неколку својства, гради претстава со цврста структура која конзистентно се развива со очигледна развојна линија, во која сепак доминатно место зазема музиката, (во својство на композитор), вокалните интерпретации, потоа со користење на дела од класиката и најпосле со ставање на акцентот на гласот како еден од изворните инструменти на човекот. Впрочем и самиот наслов недвосмлено упатува на преокупацијата со Гласот како моќно средство на изразување; како сценограф, Неќак повторно со миксот на тродимензионалниот сценски простор и дводимензионалната видеоинсталација го покажува односот – на гласот и простор. Гласот е она преку кој нештата се истргнуваат од царството на молчењето/тишината, па ако сакате и од небитието. Токму преку гласот сферата на личното се преточува во јавната сфера, односно овде ќе се удвои и со гласот на оној Другиот! Така, овој сценски чин прераснува во комуникациска музичка драма за два Гласа во бескрајното пространство, која плени и восхитува.

Со многу суптилност и ненаметливиост, актерката Звездана Ангеловска ја ткае својата лична приказна и своите преокупации. Овде има ретка можност на преколопување на ликот и личноста на протагонистот. Актерката креира лик на актерка или се игра самата себеси!? Ангеловска веројатно создава една од најзначајните ролји во својата кариера. Основна црта во нејзината креација е стоицизмот со кој ги поднесува ударите на судбината, несреќната љубов, застрашувачката осаменост... На моменти таа поприма визура на фатална жена која, ете, нема да може да побегне од лагите и лицемерието на овој лошо уреден свет.

Никола Ристановски во претставата е присутен само со својот глас, но тоа никако не е хендикеп, туку можност за виртуозна креација во која со умешна варијација на интензитетот, тонските нивелации (забрзување - успорување, засилување – стишување), тој успева да се наметне со својата актерска супериорност и уверливост. Ангеловска и Ристановски овде се извореден актерски пар што меѓусебно се дополнува и надградува, отворајќи перспективи за актерската магија во необични околности и минимизирани изразни средства – Гласот!

Сè на сè, „Само глас“ е инвентивен истражувачки театарски проект со флуидни преоди од сцена во сцена, со мноштво знаци т.е. тоа е претстава со акустична семиотика која е ретка во нашата театарска практика. При крајот на претставата, Неќак ја отвора сцената (се тргнува завесата на која оди видеото) за балетската етида на Мирослав Митрашиновиќ кој ќе ја заокружи оваа драмолетка со својот полетен и виртуозен танц, за најпосле да се струполи на штиците (што многу често, како и во овој случај, впрочем) значат – Смрт. Тоа е и последниот печат на претставата со трагични созвучја, па макар да се тие и „САМО ГЛАС“!

ТРИУМФ НА ПАРТНЕРСКАТА ИГРА

(„Драма изгубена во времето“ од Сашко Насев; режисер: Владлен Александров; продукција: Народен театар Куманово; премиера: јули 2001 г.)

Во време кога стивнува пандемијата заживува театарскиот живот. Кумановскиот театар активно учествува во овој процес меѓу другото и со премиерата на „Драма изгубена во времето“ од Сашко Насев. Оваа последна авторска појава на Насев е радикален исчекор во однос на сето негово претходно драмско творештво. Во случајов станува збор за „непостоење“ на драмата во класичната смисла на зборот (впрочем, таа и онака, како што кажува и насловот е „загубена“ во времето). А, времето на

случувањето е ова нашево, сегашново! Значи, не станува збор за класичен драмски текст, туку за „текст за претстава“ во стилот на постдрамската естетика. Во овој текст, авторот Насев понудува еден широк конгломерат на теми и проблеми кои го прават колоритот на нашето „сиво“ секојдневие. Такви се, на пример, темите на чекањето, модерните болештини поврзани со експанзијата на комуникациските технологии, стравот од осаменост, машко-женските односи како константа со своите најразлични варијанити и модалитети и најпосле тука е темата, позната како „театар во театар“, па директно се алудира на актерската професија, но не преку теорија и апстракција, туку со конкретните личности. Во оваа смисла, станува збор за авторефернцијален театарски чин со документаристичка нитка. Едноставно, во она што се случува на сцената отпаѓа театарската илузија, а се соочуваме и го доживуваме личниот живот на актерите, но и на сите вклучени во овој интересен и несекојдневен театарски потфат.

Режисерот Владлен Александров кој има завидно искуство на постановки на нашите театарски сцени, а тоа значи и солидно познавање на менталитетот и сензибилитетот на нашите актери, овде и самиот се впушта во творечка авантура во тесна соработка, пред сè со актерите, а потоа и со останатите учесници во сценската реализација создавајќи иновативен театарски продукт. Споменатата театарска авторефернцијалност во неговата режија се огледа во поделбата на дејствието на авант- и ариер-сцената (подвоени со завеса), во преоблекување/костимирање на актерите на самата сцена (сценограф е Крсто Богојевски, а костимограф, Кети Пауновска-Стефковска); со ваквото осмислување на сценскиот простор тој ја прави драматургијата на својата режија која резултира во колаж од сцени и слики, (во кој се подразбира и видеопроекцијата), осмислена и рационална мизансцена. Од целокупната постановка како доминантна избива симбиозата со актерската работа и нејзиното извлекување во прв план.

Горан Илиќ и Кети Дончевска-Илиќ, како ретко кога манифестираат супериорна партнерска игра која понесува и плени. Дотолку повеќе, што овде тие се играат самите себеси! Нема поголема провокација за актерот од тоа да се игра ситуација кога ликот и личноста се едно исто. Тоа е евидентно и преку репликата на Горан Илиќ, дека наскоро ќе замине во пензија, но дека мора да остане доследен и да ја одигра улогата, па макар да го донесат на сцената и на носилка. И уште нешто, тие постојано ламентираат за потребата дека мораат да ја направат претставата и да не дозволат нивното внимание да го преокупираат и да го одвлечат како личните проблеми така и оние сензации што им надоаѓаат од надворешниот свет. Преку нивната игра се соочуваме со особено рафиниран актерски пар кај кој до израз доаѓа т.н. јавна осаменост, како еден вид на „алфа и

омега“ за актерската професија. Горан Илиќ наоѓа начин да го пласира својот суптилен комизам, како што е тоа случај со репликата на скандинавскиот тип на актерска игра, а Кети Дончевска-Илиќ, пак, создава простор за пласман на еден вид фатализам и строгост во актерскиот израз, особено во својот последен монолог со лирски трагизам, монолог кој прозвучува проштално и тестаментално! Инаку, во видеопроекцијата учествува и актерката Александра Пешевска.

За актерите обично се вели дека се ранливи суштества, но да не се изуми дека исто такви се и режисерите. Сепак, ако актерите и режисерот остварат симбиоза во својата креација, како во случајот на *Драмата изгубена во времето*, тогаш настанува магијата и волшепството на театарскиот чин, уметност...

IN MEMORIAM

ЉУПЧО ПЕТРУШЕВСКИ

(1945 - 2020)

Македонскиот народен театар со големо жалење ја објавува веста за ненадејното заминување на Љупчо Петрушевски, доајенот на македонскиот театар.

Актерот Љупчо Петрушевски дипломира на отсекот за актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје, како дел од првата генерација на дипломирани актери. Целиот работен век од 1966 година до пензионирањето го поминува во МНТ. Во периодот од 1983 до 1988 година ја извршува функцијата директор на Драмата на МНТ, а потоа 1988 до 1999 година е директор на МНТ. Повторно е директор на Драмата на МНТ во периодот од 2004 до 2006 година.

Петрушевски беше неразделен дел од театарот и по пензионирање беше верен поддржувач и гледач на претставите на своите колеги. Секогаш ќе остане запомнет по маркантниот став и секогаш кога ќе се појавеше привлекуваше со внимание и посветеност. Беше неизмерно посветен на театарот. На сцената го имаше релативно кратко, од 1967 до 1984 година, но во голем број на главни и споредни улоги. Во аналите на МНТ ќе остане како директор кој постојано се бореше театарот и преставите да стигнат што подалеку од матичната сцена и да го пронајдат својот пат до сите. Првата улога во МНТ ја има во претставата Случајот во Виши (1967). Препознатлив е по улога на Хоакин Муриета, главниот лик во Славата и смртта на Хоакин Муриета (1976). Некои од позначајните улогите ми се Михаил Антонов во Macedonishe Zustande (Мацедонише Цуштенде) (1984), Витезот од Рипафрата во Мирандолина (1985), Вика во Сомнително лице (1982), Пјер во Граѓанинот благородник (1982), Владимир во Габи (1982), Луков во Житолуб (1981), Ѓорѓија во Милион маченици (1980), Непознатиот во Сојтарии (1979), Чорниј Вашил во Кенгурски скок (1979), Кметот во Соблазна во Шентфлоријанската долина (1976), Таке Фарфуриди во Загубеното писмо (1975), Пуба Фабриций Глембај во Господа Глембаеви (1974), Шого во Тесен пат кон далечниот север (1972), Гаврил Игњатович во Фома (1972), Џони Бојл во Јунона и паунот (1971), Фомин во Зајдисонце (1971), Зигфрид Крампоносец во Фарса за храбриот Науме (1971), Вознескенсиј во Живиот труп (1971), Арагонски кнез во Венецијанскиот трговец (1970), Федотик Алексеј Петрович во Три сестри (1970), Флориндо во Венецијански близнаци (1968), Другарот Тројкин во Бања (1968), Нил Стратонич Дудукин во Без вина виновни (1968), Павле Власов во Мајка (1968) и Џон во Живот во моите раце (1968). Игра и во Остен (1981), Молскавици (1981), По претставата (1981), Кандид (1980), Обесеник (1979), Бесови (1978), Алексијада (1978), Крчма под зеленото дрво (1977),'48 (1977), Отепвачка (1976), Хемиските потписи на човечките организми во воздухот (1975), Од многу ум (1974), Под пирамидата (1971),



Херкул и оборите на Авгиј (1971), Парите се отепувачка (1970), Дабот и ангорските зајаци (1969), Играта на наредникот Мазгрејв (1969), Печалбари (1969), Чекор до есента (1969), Вител (1968), Сенка (1967), Антигона (1967) и Време од вашиот живот (1967).

Петрушевски ќе остане запомнет и препознатлив и по филмските и телевизиски улоги меѓу кои Скопски сновиденија (1988), Ѕвездите на 42-та (1987), Климент Охридски (1986), Сомнително лице (1985), Трговецот од Солун (1985), Од зад грб (1985), Нели ти реков (1984), Лет во место (1984), Слана во цутот на бадемите (1983), Записник (1983), Илинден (1982), Јужна патека (1982), Едно лето (1982), Наши години (1979), Сослушувањето на железничарот (1976), Прва вечер (1975), Вујковиот сон (1970) и Маљва (1969).

ДОБРИОТ ЧОВЕК ОД МНТ

Никогаш не ги пронаоѓаме вистинските зборови, кога најмногу ни се потребни. Така е и сега. Се чувствувам како човек што сака да го задржи ветрот во цврсто стегнатата дланка. Како осамен крик во пустина. Како да пишувам на песочна плажа во време на урагани. Немоќен сум пред мистеријата наречена „живот“, а уште повеќе пред нејзината верна другарка, што се одзива на името „смрт“. Сепак ќе се обидам да оставам пишана трага за еден исклучителен животен и театарски век.

Љупчо Петрушевски беше најсилниот човек што сум го запознал во животот и уметноста. И покрај најголемата загуба, заминување од овој свет на неговата сопруга, ќерка и син, Љупчо со смртно рането срце, остана достоинствен во својата океанска тага. Болката го скрши, но тој продолжи да чекори, не наметнувајќи се никому со својата сурова семејна трагедија. До последен момент беше културен, воспитан и трпелив. Таков беше и во работата. Знаеше да ја признае својата грешка. Знаеше и да се извини. Имаше човечки особини кои денес можат да се сретнат само во некој речник, со постар датум.

Беше еден од ретките директори (можеби и единствен) што на голема врата прими многу млади актерки и актери кои го воздигнаа МНТ на највисоко естетско и професионално ниво. Никогаш не сум го слушнал да каже нешто лошо за добра претстава или обратно. Понекогаш влегувавме во жестока полемика. Но секогаш од креативни причини, за да го најдеме најдоброто театарско решение. Беше директор во време на социјалистичкото самоуправување, кога секоја „шуша“ имаше право да гласа (или да не гласа!) за Шекспир, Чехов или Есхил и Софокле.

Љупчо Петрушевски како директор на драмата и Ристе Стефановски како управник на МНТ, го поставија на сцената мојот прв драмски текст „Глоговиот џбун“, кој претходно беше одбиен од сите театри во Македонија! Бескрајно им благодарам што ме охрабрија да продолжам да го работам тоа што најмногу го сакам. Покрај докажаните театарски великани од Македонија и странство, Љупчо Петрушевски широко го отвори театарот и за дебитанти од сите профили. Во негово време добија шанса многу млади режисери, сценографи, костимографи, музичари... Многумина од нив денес се носечка сила на театарската уметност во Македонија. Љупчо Петрушевски секогаш беше подготвен да им помогне на вработените кои имаа најразлични приватни проблеми.

Би можел да пишувам уште многу, но заради неговата скромност, тука ќе прекинам.

Почивај во мир драг пријателе. Убавите спомени за тебе никогаш нема да умрат.

Братислав Димитров

КИРИЛ ПСАЛТИРОВ

(1945 - 2020)



Македонскиот народен театар со големо жалење се збогува со Кирил Псалтиров, доајенот на македонскиот театар.

Актерот Кирил Псалтиров дипломира на отсекот за актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје, како дел од првата генерација на дипломирани актери. Целиот работен век од 1974 година до пензионирањето го поминува во МНТ.

Псалтиров беше неразделен дел од театарот и секогаш дел од нас ќе биде неговата посветеност кон театарот и големиот број на оддиграни улоги. Првата улога во МНТ ја има во претставата „Јунона и Паунот“ (1971), а последна улога му е онаа на Љупче во „Писание“ (2002). Во аналите на МНТ ќе остане запомнет како Тевје во „Свирач на покрив“ (1983), но и по улогите на Освалд во „Крал Лир“ (1972), Оберлајтнант фон Балочански во „Господа Глембаеви“, Крам во „Бертолт Брехт пред комитетот за антиамериканска дејност“ (1977), Д-р Нинковиќ во „Госпоѓа министерка“ (1977 и 1983), Феѓка во „Бесови“ (1978), Ампо во „Чорбаџи Теодос“ (1978), Завиша во „Војна и мир во Груда“ (1981), Попот во „Макавејски празници“ (1983), Боб Мојра во „Бог“ (1984), Солин во „Забуни“ (1989), Кралот Едвард во „Ричард трети“ (1990), Кардиналот Донателов во „Еригон“ и други.

Псалтиров ќе остане запомнет и препознатлив и по филмските и телевизиски улоги меѓу кои „Пред дождот“, „Најдолгиот пат“, „Време води“, „Пресуда“, „Мисија Лондон“, но и „Волшебното самарче“, „Во светот на бајките“, „Тврдокорни“ и „Македонски народни приказни“.

Засекогаш ќе остане дел од МНТ.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ – БАГЕ
(1953 – 2020)

Благој Стефановски – Баге е роден во Битола во семејство во кое многумина се занимаваат токму со театарската уметност. Неговиот татко (Димче) беше актер и директор на Битолскиот театар, а неговиот чичко (Ацо) беше еден од најистакнатите македонски актери. По слични врвици како нивните родители тргнаа и првите братучеди, Баге и Илко Стефановски. Благој Стефановски дипломираше на ФДУ актерство во 1975 г. Веднаш потоа се вработува во Битолскиот народен театар каде што го минува најголемиот дел од својата кариера и работниот век. Имено, во неговата биографија меѓу другото е запишано дека освен театарот бил и општествено-политички активен, па така во еден период е пратеник во Републичкото собрание и претседател на Комисијата за култура, период во кој токму тој беше иницијатор за низа промени во театарскиот живот во нашата земја, а во периодот 2002–2006 година ја извршуваше функцијата министер за култура во Владата на Република Македонија. Како министер за култура покрена иницијатива за формирање на НЕТА – Неформална европска театарска асоцијација во која членуваа над триесетина театри и театарски фестивали од Европа, а чиј прв претседател беше токму тој.

Во текот на својот работен век, Б. Стефановски освен што беше еден од најдолговечните директори (24 години) на својот матичен театар во Битола, извршуваше и низа други функции, како, на пример, претседател на Советот на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ во Прилеп, потем претседател на Советот на фестивалот на филмската камера „Браќа Манаки“ во Битола, директор и на нашата најзначајна сценско-музичка манифестација *Охридско лето*... По завршувањето на мандатот како министер за култура, се враќа во Битола и го основа и го води Малиот драмски театар од Битола, а истовремено е и уметнички директор и селектор на Фестивалот на камерниот театар „Ристо Шишков“ во Струмица. Без оглед на функцијата која ја извршува, Баге секогаш настојува да го достигне максимумот кога се во прашање квантитетот и квалитетот на некоја манифестација, тело, орган... Неговиот придонес е посебно истакнат кога е во прашање афирмацијата на нашата театарска култура вон границите на земјата. Овој придонес е повеќеслоен и подразбира гостување на Битолскиот народен театар во голем број дестинации низ светот, потоа гостување на странски театри кај нас и учество на наши фестивали и манифестации; посебно место зазема ангажирањето на истакнати драмски уметници (најмногу режисери) на сцената на Битолскиот театар итн. Во овој контекст ги наведуваме гостувањата во Руската федерација (Петербург), како и мамутската турнеја на Битолскиот театар со дури пет претстави од својот репертоар во Австралија (во 2000 година)...

Се разбира, најевидентен беше придонесот на Баге за својот матичен театар, за неговиот развој и подем. Б. Стефановски има клучна улога кога е во прашање градењето на репертоарската политика, потем составот и големината на драмскиот ансамбл, но исто така, и неговата техничка опременост и кадровската екипираност. Токму затоа со перманентната грижа за сите сегменти од кои зависи рејтингот на една театарска куќа, Битолскиот театар израсна во респектибилен ансамбл препознатлив како во нашата средина така и надвор од неа. Можеби за тоа најсликовито зборува формулацијата дека, со Баге на чело Битолскиот народен театар ги доживеа своите ѕвездени мигови. Како резултат на тоа дојде и постхумното признание на битолскиот театарски колектив Големата сцена на театарот да го носи неговото име.

Освен со организациона работа на почетокот

на својата кариера настапува во поголем број претстави, како што се, на пример: „Време за пеење“, „Пиреј“, „Преноќиште“, „Мува“, „Агаменон – Електра“, „Свадбата на Мара“, „Магна карта“, „Грешниот Захарије“, а една од неговите последни ролји е онаа во „На дното“ од Горки во режија на Бора Драшковиќ. Во 1984 г. станува добитник на наградата за најдобро актерско остварување на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ во Прилеп. (наградата ја добива за улогата на партискиот секретар Мартиновиќ во претставата „Натемаго на филозофскиот факултет“ од Иво Брешан во режија на Владимир Милчин). Само за потсетување за време на студиите на ФДУ тој 2,5 години е во класата на В. Милчин, половина година во класата на Илија Милчин, а една година - дипломската е во класата на Љубиша Георгиевски.

Сеќавајќи се на времето кога во 1980 г. станува директор на Битолскиот театар, тој потенцира, дека тогаш уште не може да се зборува за менаџерство, а дека после Ристо Стефановски кој како директор поминал 27 г. по редоследот на овој стаж тој е на второ место со вкупно 24 години. Инаку, не без задоволство констатира дека неговиот татко и чичко се меѓу основачите на Битолскиот театар во 1944 г. Исто како и нив и тој својата судбина ја сврзува за Битола и покрај тоа што имал можност да биде директор на Драмскиот театар или на МНТ во Скопје. Ова и покрај фактот, дека е свесен, дека многу е потешко во Битола да се направи добар театар отколку во метрополата. Едноставно и кај нас, но и пошироко многу се поретки добрите театри со исклучителни резултати вон главните административни центри. Заедно со него Битола станува прототип на театар кој трајно и успешно функционира вон центарот. Инаку, во една прилика Баге изјавува дека кога станува директор како приоритет си поставува цел да воспостави спој помеѓу старата актерска гарда и младите генерации. Свесен е дека актерот е употреблив на сцена безмалку до крајот на животот, а тоа се луѓе кои на младите делуваат инспиративно, мотивирачки и ги поттикнуваат за што поголеми дострели. Значи, несомнено тој работи на создавање на ансамбл во кој се споени младоста и искуството. Значаен сегмент на успехот секако е и отворањето на вратите за значајни имиња од европскиот театар со што се профилира битолскиот театар. Инаку, тој смета дека раководната фумкција во театарот е особено важна и дека таа треба да биде најкомпетентна за да се справува со бројните проблеми во театарот и да ја изведе работата на чистина. Во оваа смисла тој ги наведува примерите со„Мала Брона“ (Ефрос), „Тагањка“ (Љубимов), Мира Траиловиќ која раководи со „Ателје 212“, а потем и со БИТЕФ, каде што ја наследува Јован Ќирилов. Едноставно раководењето е сложена и макотрпна работа. Таа задача е усложнета и со медиумската индоктринација на јавноста, некогаш намерно, а некогаш и случајно. Баге едноставно заклучува дека театарот е колективна уметност во која сите чинители се подеднакво важни. Особено вреди да се одбележи неговиот став, дека сепак има и работи кои се случуваат во театарот, а кои не можат да се искажат со зборови туку треба и мора да се доживеат. Заслужува внимание и неговиот став, дека од разни причини во колективот, особено меѓу актерите, секогаш се јавуваат незадоволници. Тоа го смета за нешто нормално затоа што професијата е позната по сензибилноста и преосетливоста на актерите, а што од друга страна и ја прави убавината на уметничкото творештво, но и тежината и суровоста спрема актерите во дадени моменти.

Драгоцено е и неговото искуство околу замешателството на политиката и политичките партии во театарот и културата воопшто, искуство кое само по себе зборува за неговата упорност и истрајност да го постигне најдоброто за театарот во даден момент.

Со вкупноста на својот разновиден и повеќеслоен ангажман и активно дејствување тој си обезбеди значајно место во историјата на македонскиот театар, место кое е повеќе од заслужено и потврдено. Тој е вграден со своите пожртвувани ангажмани и фанатичност во многубројни дела, остварувања и настани кои го афирмираат него како еден од столбовите на нашиот театар без кој не може ниту да се замисли поновата театарска историја кај нас.

Тодор Кузманов

СИТЕ ГО ПОЗНАВААТ БАГЕ

Кој го знае вистинското име на светски познатиот комичар со прекар Тото? Скоро никој. Сите го знаат прекарот на Благој Стефановски. Едноставно, „Баге“. Затоа што беше театарски булдожер и стигаше на повеќе места истовремено! И во најтешките моменти од секаков вид, со леснотија на магионичар наоѓаше вистинско решение, кое постојано ја враќаше вербата во театарот. Нема да ме чуди ако некој открие дека славниот филм „Човекот од мермер“ е инспириран од неговиот лик и дело. Додека ние со децении се жалевме и кукумјавчевме на сè и сешто, тој беше Брус Вилис во македонскиот театар. Човек од акција, брз и ефикасен. Никогаш не се откажуваше. Многумина му замеруваа дека е преамбициозен и дека игра грубо. Можно е. Но и другите беа преамбициозни и груби, но не постигнаа ни дел од неговиот успех.

Баге е најдобриот ученик, излезен од „шинелот“ на легендарниот Ристе Стефановски. Битолскиот народен театар секогаш бил добар, со многубројна публика. Но со доаѓањето на Баге за директор, тој од него направи театарска велесила и надвор од Македонија. Воспостави контакти со многу балкански, европски и светски фестивали. Носеше во театарот врвни режисери и искусни педагози, со кои сите (неформално) завршија уште по некој факултет за драмска уметност. Знаеше да се налути на сите, но јас бев од тие што не му се лутеа. Затоа што го сакавме театарот. И театарот нè сакаше нас. И покрај нашите идеолошки, естетски, човечки и други разлики, соработувавме.

Едно рано сабајле ми се јави и ме праша дали сакам да преведам еден драмски текст. Сакам. После ме праша дали можам да го преведам за една недела!? Можам. Ова второво го излажав, ама Баге беше упорен и убедлив. Почнале проби со една режисерка од странство, но набргу заглавиле во преводот. Откако го преведов текстот во крајно суров термин и добив херпес прв пат во животот, му го предадов на договорената дата. Ме праша колку пари барам, но јас му реков дека тоа е негова работа. Ми исплати хонорар многу поголем од оној понижувачки ценовник за преводи.

Кога Љупчо Петрушевски стана управник на МНТ објави конкурс за директор на драмата. И наредните неколку конкурси пропаднаа затоа што никој не ги сакаше пријавените кандидати. Тогаш Љупчо ми понуди мене да бидам директор, но јас го предложив Баге! Кога Мирко Стефановски стана управник, Баге како министер за култура ме предложил мене за директор. И во обата случаја одбив од разни причини, но едната е крајно себична: сметав дека е покорисно да бидам добар драматург отколку лош директор.

Баге беше театарски, но и народски човек. Никогаш не го смени бројот на својот мобилен телефон и секому одговараше на повикот. Таков остана и кога стана министер за култура.

Нека му е вечна славата и нека служи за пример на сите идни генерации.

Братислав Димитров



ЕЛЕНА БРАНКО ЈОСИМОВСКА (1947-2021)



Родена во Скопје. Основно и средно образование завршила во Штип.

Дипломирала на Филолошкиот факултет, група за македонски јазик и југословенска книжевност, на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје. Постдипломски студии со одбранета магистратура по историски науки на Институтот за национална историја во Скопје.

Таа е иницијатор за формирање на македонската асоцијација за историја на медицината (МАИМ) со седиште во Штип .

Како претседател на МАИМ до сега има организирано 7 (седум) конгреси за историја на медицината и еден научен собир. Шест од конгресите се македонски со меѓународно учество и еден - Прв Балкански конгрес за историја на медицината. Еден од основачите и вицепрезидент на Балканската федерација за историја на медицината.

Член на научниот одбор на Светскиот конгрес за историја на медицината одржан во Будимпешта 2005 година. Член на научните одбори на Балканците конгреси за историја на медицината во Варна (2008) и Атина (2010).

Објавила две книги од Историја на медицината и повеќе од 50 научни трудови.

Била член на Редакцијата на меѓународните списанија за историја на медицината „Асклепиос“ во Бугарија и АМХА во Хрватска. Избрана за почесен член на Бугарското национално друштво за Историја на медицината.

Била уредник на весникот „Здравје“ на Медицински центар - Штип и подлисток со истото име во *Штипски весник*, како и колумнист во *Штипски глас*.

Содеценијаистражуваиафирмираисторијата на Штип, секогаш раководена од идејата дека штипската историја е многу побогата од она што досега е кажано и напишано. За сите свои остварувања, за силната позитивна афирмација на градот таа стана добитник на признанието „19 Декември- Свети Никола“ кое се доделува на заслужни граѓани на градот Штип.

ПРОГРАМА НА ТЕАТАРСКАТА СЕЗОНА 2020/2021

НУ МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

ПОСЛЕДНАТА ЛЕНТА НА КРАП

Автор: Семјуел Бекет
Режисер: Ѓорѓи Јолевски
Продуцент: Ѓорѓи Јолевски
Драматург и превод од англиски: Владимир Јанчевски
Сценограф: Сергеј Светозарев
Костимограф: Ивана Каранфиловска – Угуровска

Ѓорѓи Јолевски во улогата на Крап

Продуцент: Ѓорѓи Јолевски
Дизајнер на тон: Ненад Трпеноски
Дизајнер на светло: Дарко Младеновски
Светло - оператор: Игор Митревски
Дизајнер на плакат и програмски каталог: Сергеј Светозарев
Извршен продуцент: Никола Кимовски
Фотограф: Кире Галевски
Суфлер: Тања Ивановска
Шминкер: Бранка Пљачковска
Вајар: Ангел Петровски
Реквизитери: Снежана Грнчаревска и Боби Гелиќ



Праизведба на „САМО ГЛАС“ од Нина Плавањац

- комуникациска современа музичка драма –

Превод на текстот: Звездана Ангеловска
Превод на сонгови од англиски јазик: Елена Китановска
Режисер, композитор, сценограф и дизајнер на светло: Марјан Неќак
Видеодизајнер: Марин Лукановиќ
Костимограф: Наташа Павликиќ
Дополнителни снимки: Bigwavemaster1 и Happy Falcon Crew
Благодарност за: Иво Ковачиќ, Ервин Сантјаго, Грем Хејтли и Андреи Котелес

Улоги:
Таа - Звездана Ангеловска
Тој, снимениот глас на - Никола Ристановски
Балетан - Мирослав Митрашиновиќ

Извршен продуцент: Виктор Рубен
Инспициент: Вукица Александрова
Суфлер: Зорица Благоевска
Дизајнер на плакатот: Зоран Кардула
Фотограф: Кире Галевски

НУ ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ



ХИПНОЗА НА ЕДНА ЉУБОВ

Автор: Душан Ковачевиќ
Режија: Димче Николовски
Сценограф: Тодор Дајевски
Костимограф: Раде Василев
Автор на музика: Александар Митевски
Визуелни ефекти: Милчо Узунов
Премиерна изведба: 12.11.2020

Улоги:
Драган Спасов-Дац, Маја Вељковиќ-Пановска,
Соња Стамболциоска, Ѓокица Лукаревски,
Димитрије Доксевски и Филип Трајковиќ

ДИШИ

Автор: Данкан Мекмилан
Режија: Димче Николовски
Превод: Благој Бошковски
Сценограф: Илија Николовски
Костимограф: Раде Василев
Изработка на видео материјал и фотограф: Филип Кондовски
Премиерна изведба: 29.12.2020

Улоги:
Јасмина Василева
Димитрија Доксевски

КАРМЕН



Монодрама на Биљана Драгиќевиќ - Пројковска

Автор: Мигел Делибес
Превод: Ненад Велковски
Драматизација и режисер: Дејан Пројковски
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Раде Василев
Композитор: Горан Трајкоски
Сценски движења: Олга Панго
Дизајн на постер и фотографии: Елена Бојациева
Видео спот: Студио 2С и Горан Наумовски
Инспициент: Гоце Бојчев
Светло мајстор: Митко Ризов
Тон мајстор: Саше Георгиев

Премиерна изведба: 21.5.2021

АЛБАНСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ

БРЕГОТ НА ТАГАТА

Премиера 13.07.2021
Автор: Теки Дервиши
Режија: Алтин Баша
Сценографија и костими: Илиријана Лоџа Баша
Музика: Тримор Доми
Дизајн на светло: Ружди Алији
Кореографија: Олга Панго
Ас. режисер: Ментор Курти

Играат:
Луран Ахмети, Адем Карага, Дритеро Аме, Хамди Рашиди, Музбајдин Ќамили, Генци Мирзо, Теута А. Јегени, Амернис Ј. Нокшиќи, Вјолца Б. Хамити, Аида Елези, Дрита К. Карага, Мерлинда Саити, Илбер Муртези, Блерим Дарлишта, Висар Етеми, Фисник Зеќири, Хајрула Рамизи, Асдрен Селими

МУРЛИН МУРЛО

премиера 16.07.2021
Автор: Николај Кољада
Режија: Кристина Димитрова
Сценограф: Енец Деари
Костимограф: Марија Пупучевска
Музика: Томе Темелкоски

Играат:
Сабина Мемиши, Елдин Широки, Гентиана Рамадани, Дритеро Аме



СЛАДОСТИТЕ НА БРАЧНОТО НЕВЕРСТВО

- премиера 13.07.2021
Автор: Валентин Красногоров
Режија: Калтрина Тефику
Сцена и костими: Медина Хоџа

Играат:
Сабина Мемиши, Фисник Зеќири

НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА

ГРДИОТ
Автор: Мариус Вон Мајенбург
Режија: Ирена Стеријовска
Драмтург: Благица Секулоска
Костимограф: Ана Кркулевска Поповски
Сценографија: Стефан Спировски

Улоги:
Атанас Атанасовски
Валентин Костадиновски
Тони Денковски
Наталија Теодосиева

НУ ТУРСКИ ТЕАТАР

ЧОВЕК ПЕРНИЦА
Автор: Мартин Мекдона
Режија: Сибел Абдиу
Драматургија: Сибел Абдиу
Продуцент: Слободан Трајкоски
Сценографија: Уџза Жури
Костимографија: Диелза Минци
Фотографија: Фисник Халили

Улоги:
Катуриан: Хакан Даци
Микаил: Дин Ибрахим
Ариел: Бурак Рахман
Туполски: Јеткин Сезаир
Мајката: Несрин Таир
Таткото: Селпин Керим
Малото Девојче: Фјола Муслиу



ЦРНИ ДЕВИЦИ

Премиера – 21.11.2020
Режија и адаптација: Бесфорт Идризи
Кореографија: Кренаре Невзати – Кери
Костими: Розе Трајческа Ристовска
Музика: Џенгис Ибрахим
Снимател: Бесфорт Имами
Видео монтажа: Бетим Зеќири

Играат (по редослед на појавување):
Селпин Керим
Осман Али
Хакан Даци
Јеткин Сезаир
Инес Радончиќ
Емине Халил
Ебру Мусли
Филиз Ахмет, Неат Али и Слаѓана Вујошевиќ (видео)

СЛАВНАТА ФЛОРЕНС

Премиера – 24.02. 2021
Режија: Драгана Милошевска – Попова
Автор и драматург: Билјана Крајчевска
Превод : Билге Емин
Сценографија: Татјана Блажевска -Христоска
Костимографија: Розе Трајческа – Ристевска
Композитор : Ирена Поповиќ – Драговиќ
Кореограф: Игор Киров
Вокоал- коуч: Гонца Богоромова Краповски
Корепетитор: Зоран Станишиќ

Играат:
Бедија Беговска, Џенап Самет, Селпин Керим, Јеткин Сезаир, Ебру Мусли



ВИШНОВАТА ГРАДИНА

Премиера – 01.10.2021
Автор: Антон Павлович Чехов
Режија: Владимир Милчин
Сценографија: Крсте С. Џидров
Костимографија: Марија Пупучевска

Улогите ги толкуваат:
Бедија Беговска, Емине Халил, Несрин Таир, Елјеса Касо, Џенап Самет, Селпин Керим, Неат Али, Сузан Акбелге, Осман Али, Слаѓана Вујошевиќ, Зиба Радончиќ, Хакан Даци, Ерман Шабан

НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ

НЕКОЈ НЕКА МИ КАЖЕ КОЛКУ СУМ ВАЖЕН

Работена според приказната „ KURT QUO VADIS? ”
на Ерленд Лу

Драматизација: Милена Деполо
Режија: Слаѓана Килибарда
Превод: Горјан Милошевски
Сценографија: Благовеста Василева и Слаѓана Килибарда
Костимограф: Благовеста Василева
Дизајн на кукли: Благовеста Василева
Кореографија и сценски движења: Валентино Апостоловски
Избор на музика: Слаѓана Килибарда
Асистент на сценографија: Кирил Василев

Играат:
Мики Анчевски, Марија Ѓорѓијовска, Никола Наковски, Ненад Митевски, Ангела Димитрова

ОБЛАК ВО МАЛА КУТИЈА

Режија : Бојана Лазиќ
Сценографија и костим: Бранислав Станковиќ
Композитор : Владимир Пејковиќ
Сценски движења : Дамјан Кецојевиќ
Асистент сценограф: Кирил Василев

Играат:
Симона Спировска
Наташа Петровиќ
Ненад Митевски
Никола Наковски



ПОДРУМ

Режија, текст и избор на музика : Драган Довлев
Сценографија, дизајн и изработка на кукли: Кирил Василев
Костимографија: Љубица Велкова
Сценографија и реквизита: Бранкица Јордановска
Плакат, видео - бим и фотографии: Филип Кондовски
Дизајн на звук: Ален Хаџи - Стефанов

Играат:
Никола Наковски, Матеа Јанковска, Петар Стојанов
Изабела Новотни, Бојан Кирковски

СУПЕРБАЈКАСТИЧНО

Автор: Горјан Милошевски
според идеите на Горјан Милошевски
и Игор Ивковиќ
Режија: Игор Ивковиќ
Сценографија: Филип Коруновски
Асистент на сценографија: Бранкица Јордановска
Костимографија: Елена Вангеловска
Изработка на маскоти: Маре Трајковска
Композитор: Оливер Јосифовски
Кореографија: Дафина Данилоска-Кочевска
Дизајн на потконструкција за кревање велосипед:
Филип Здравески (дипл. машински инженер),
Александар Георгиевски (лаборант по заварување),
Даниел Ѓорѓески (дипл. машински инженер)

Играат:
Мики Анчевски, Емра Куртишова, Катарина Илиевска Силјановска, Мартин Јорданоски, Марија Ѓорѓијовска



ШТО Е СИЛЕЦИЈА

Драмски автори : Горјан Милошевски и Хана Миленковска
Режија: Хана Миленковска
Музика : Колективен избор на музика
Кореографија: Валентино Апостоловски

Играат:
Никола Наковски
Петар Стојанов
Мики Анчевски
Матеа Јанковска
Ангела Димитрова

НУЦК ЈХК ЏИНОТ - ВЕЛЕС



ИСМЕНА

Автор: Катерина Момева
Режија : Елеонора Теова

Исмена: Моника Ставревска,
Музика во живо Сашко Костов

ХЕРОИ 4:33

Театарска инсталација за еден гледач
Текст: Сашо Димоски
Режисер: Деан Дамјановски
Сценограф и дизајнер на промо материјал: Филип Коруновски
Костимограф: Елена Вангеловска
Изработка на костимографија: Раде Василев
Композитор: Сашко Костов
Видеодизајн: Данчо Стефков
Шминка: Адријана Станковска

Настапуваат: Васил Зафирчев, Исидор Јовановски, Кети Борисовска



ШУМСКАТА БОЛНИЦА

Автор: Македонка Јанчевска
Режија: Слободанка Чичевска
Драматургија и адаптација: Слободанка Чичевска и Катерина Момева
Асистент на режија : Елеонора Теова
Музика:Сашко Костов
Сценографија и дизајн на костими: Филип Коруновски
Изработка на костими : Катерина Чукниева и Пепи Кирков

Зорица П. Панчиќ, Фаик Мефаилоски,Жарко Спасовски, Симона Димковска, Славица Манаскова Митрова, Самоил Стојановски, Кети Борисовска, Исидор Јованоски, Благојчо Стојанов, Маја Љутков, Талија Настова, Орхидеја Дукова

ЧЕТИРИ СОБИ

Режија и Адаптација: Синиша Евтимов
Костимографија и сценографија: Александар Ношпал
Соработник за сценографија: Филип Коруновски
Соработник за костимографија: Катерина Чукниева
Музички соработник: Сашко Костов
Дизајн: Филип Коруновски

Играат:
Фаик Мефаилоски, Самоил Стојановски, Маја Љутков, Кети Борисовска, Талија Настова, Зорица П. Панчиќ, Симона Димковска, Жарко Спасовски, Исидор Јовановски, Благојчо Стојанов



ПЕТТОТО ГОДИШНО ВРЕМЕ

Текст: Сашо Димоски
Режија: Васил Зафирчев
Изведба: Олга Панго
Сценографија, видеодизајн, илустрации и рекламен материјал: Филип Коруновски
Костимографија: Раде Василев
Аудиодизајн и музика: Сашко Костов

ОРЕСТИЈА: АГАМЕМНОН

Режисер: Александар Ивановски
Драматург: Билјана Крајчевска
Костимограф: Раде Василев
Композитор: Калиопи
Сценограф: Филип Коруновски
Играат: Фаик Мефаилоски, Симона Димковска, Благојчо Стојанов, Славица Манаскова, Жарко Спасовски, Исидор Јованоски, Маја Љутков

ОРЕСТИЈА: НАДГРОБНО ЖРТВУВАЊЕ

Режисер: Ненад Витанов
Драматург: Катерина Момева
Костимограф: Раде Василев
Сценограф: Филип Коруновски
Композитор: Енес Беговски
Кореограф: Олга Панго
Сценограф: Филип Коруновски
Играат: Жарко Спасовски, Славица Манаскова, Благојчо Стојанов, Фаик Мефаилоски, Зорица П. Панчиќ, Исидор Јованоски

ОРЕСТИЈА: ФУРИИ

Режисер: Софија Ристевска-Петрушева
Драматург: Билјана Крајчевска
Кореограф: Саша Евтимова
Костимограф: Раде Василев
Сценограф: Филип Коруновски
Музички Соработник: Сашко Костов
Играат: Маја Љутков, Славица Манаскова, Симона Димковска, Благојчо Стојанов, Исидор Јованоски

ОРЕСТИЈА: ПРОТЕЈ

Режисер: Деан Дамјановски
Драматург: Катерина Момева
Кореограф: Саша Ефтимова
Костимограф: Раде Василев
Сценограф: Филип Коруновски
Композитор: Сашко Костов
Играат: Зоран Љутков, Сашко Костов, Орхидеја Дукова, Мартина Аврамовска,Марина Петровска, Јаворка Витанова, Биљана Камчева, Фиола Исеини, Денис Димовски, Васко Здравков, Мила Ниновска, Ангела Богатинова, Илијана Данаилов, Ангела Велевска, Бојана Христовска, Медина Јусуфовиќ, Меланија Гоцевска, Андријана Богатиноска, Ивана Димкоска, Мартина Димовска, Вили Карајанова

НУЦК „ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ“ - ТЕАТАР – КУМАНОВО

ТРНОРУШКА

Режија: Бојана Краљевска
Сценографија: Крсто Богојевски
Драматургија: Зоран Зафировски

Играат: Сања Русеска, Марко Трајковиќ, Владнака Димковска, Нина Максимова, Жарко Јовановиќ, Давид Илиќ

СОЛДАТ

Според текст на „Следниот“ од Теренс Мекнели
Режија: Бојана Краљевска
Драматург: Сашо Костовски
Сценограф: Крсто Богојевски

Инспициент: Антонио Пешевски
Светло мајстор: Звонимир Мицевски
Тон мајстор: Оливер Илиевски
Шивач: Дарко Илиевски
Гардероба и реквизита: Елизабета Наковска
Актери: Сања Русеска, Марко Трајковиќ

COSBEЗДИЈА

Режија: Нела Витошевиќ
Актери: Александра Пешевска, Мирослав Петковиќ, Нина Максимова, Марко Трајковиќ, Владанка Крстевски, Давид Илиќ
Асиситент на режија: Драгана Гунин
Сценографија: Васил Христов
Композитор: Огнен Анастасовски
Костими: Розе Трајческа





ИЗГУБЕНА ВО ВРЕМЕТО

Автор: Сашко Насев
Режија: Владлен Александров
Сценографија: Крсто Богојевски
Костимографија: Кети Пауновска-Стевковска
Визуелизација: Емил Пачковски
Кореограф: Тања Китановска-Стојковска

Улоги:
Кети Дончевска-Илиќ, Горан Илиќ и Александра Пешевска

ВООБРАЗЕН БОЛЕН

Автор: Жан Батист Молиер
Режија: Драгана Гунин

Улоги:
Мирослав Петковиќ, Александра Михајловска, Владанка Димковска, Марко Трајковиќ, Нина Максимова, Давид Илиќ, Жарко Јовановиќ и Ангела Стојановска

НУЦК „АЦО ШОПОВ“ - ШТИП

ПАСИВНО ПУШЕЊЕ

Премиера: 30.12.2020
Автор: Небојша Ромчевиќ

Режија: Ненад Витанов
Костимограф: Томче Карамарков
Сценографија: Филип Витанов
Драматург: Габриела Тулиева

Играат:
Владимир Тулиев – Радиша
Пеце Ристевски – Жан Клод М'Бебе
Миле Вратеовски – Лакан
Кристина Атанасова Арсова – Џеки Бауер
Марија Минчева Андонов – Гласот на Зорка

ОВА ДЕТЕ

Премиера: 15.12.2020

По мотиви од текст на: Жоел Помера
Режија: Александар Ивановски
Драматург: Габриела Тулиева
Сценографија и видео дизајн: Филип Коруновски
Костимограф: Даница Ивановска Лепојевиќ
Консултант на знаковен јазик: Весна Басаров
Адаптација и избор на музика: Сашко Смилев

Играат:
Владимир Тулиев
Марија Минчева Андонов
Анѓелка Нашкова
Пеце Ристевски
Валентина Ѓоргиевска
Ефтим Трајчов
Кристина Атанасова Арсова

КРИЛЈА

Премиера 30.07.2021
Автор Артур Копит
Режија: Никола Ристов
Сценографија Соња Горачинска
Асистент на сценографија и реквизитерство Ева Огнанова
Костимографија Ирена Боневска Чаловска
Музика Сашко Костов
Драматург: Весна Куслеска

Кристина Атанасова Арсова – Емили Стилсон,
Стефанија Митовска к.г. – Ејми,
Валентина Ѓоргиевска – Медицинска сестра,
Милорад Ангелов – докторот,
Миле Вратеовски – Били,
Миланчо Георгиев – Господин Брауншатајн и
Јорданка Тодорова – Госпоѓа Тиминс.



ЕДИП КОМЕНТАРИ

Премиера 12.08.2021
По текст од Софокле

Режија Драгана Милошевски Попова
Кореографија Игорчо Киров
Сценографија Валентин Светозарев
Костимографија Роза Трајчевска
Музика Томе Темелкоски
Соработник во концепт и адаптација: Ивана Нелковска
Драматург: Весна Куслеска

Играат:
Ефтим Трајчов -Едип
Марија Минчева Андонов - Јокаста
Милорад Анѓелов - Тирезиј
Анѓелка Нашкова -Антигона
Пеце Ристевски - Креонт

НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА

ЛУДИ ЗА ЉУБОВ

Режија: Јован Ристовски
Сценограф: Валентин Светозарев
Костимограф: Андреј Папаз Ѓорѓевски
Светло – мајстор: Игор Мицевски, Горан Петровски
Тон- мајстор: Николче Терзиевски
Инспициент: Димитар Михајловски

Играат
Борис Чоревски, Илина Чоревска, Хари Михајловски, Валентино Апостоловски

СОМНИТЕЛНО ЛИЦЕ

Автор: Бранислав Нушиќ
Превод: Илија Милчин
Адаптација и режија: Деан Дамјановски
Сценографија и дизајн на плакат: Филип Јовановски
Изработка на сценографски елементи: Иванчо Велков
Костимографија: Андреј Папаз Ѓоргиевски
Композитор: Марјан Неќак
Видео дизајн : Гоце Веселиновски
Тон - мајстор: Александар Димовски
Светло - мајстор: Горан Петровски

ЛИЦА: Марјан Ѓорѓиевски, Валентина Грамосли, Јулијана Мирчевска, Никола Проjчевски, Филип Мирчевски, Петар Спировски, Борче Ѓаковски, Никола Стефанов, Александар Копања, Александар Стефановски, Васко Мавровски, Сандра Грибовска

НОЌТА КОГА ЈА УБИВ МЕСЕЧИНАТА

Адаптација и режија: Марјан Ѓорѓиевски
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Благој Мицевски

Играат: Александар Копања, Марјан Ѓорѓиевски, Валентин Светозарев







МОЛИТВА ПО ДОСТОЕВСКИ

Автор: групата Фолтин, Огнен Дранговски и Катерина Аневска Дранговска
Сценограф: Валентин Светозарев

HISTORY OF MOTHERFUCKERS

Автор; Ведрана Божиновиќ
По Кориолан од Вилијам Шекспир
Режисер Андраш Урбан
Сценограф Валентин Светозарев
Костимограф Благој Мицевски
Композитор Ирена Поповиќ Драговиќ
Тон- мајстор Николче Терзиевски
Светло – мајстор Горан Петровски

ИГРААТ
Иван Јерчиќ, Соња Михајлова, Викторија Степановска- Јанкуловска, Сандра Грибовска, Николче Пројчевски
МУЗИКА
Александар Димовски
Славчо Јовев

И КОЊИТЕ ГИ УБИВААТ, ЗАР НЕ?

Автор: Хорас Мекој
Превод од англиски: Снежана Крајчевска Плушковска
Режија: Мартин Кочовски
Асистент на режија: Јован Ристовски
Сценографија и дизајн на плакат: Филип Јовановски
Костимографија: Јулијана Бојкова Најман
Музика: Фолтин
Фотограф: Александар Буневски
Играат:
Илина Чоревска, Никола Стефанов, Валентина Грамосли, Николче Пројчевски, Анастазиа Христовска, Викторија Степановска- Јанкуловска Филип Мирчевски, Марија Стефановска, Живко Борисов, Здравко Стојмиров, Анастазиа Христовска, Александар Стефановски

НУЦК„МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ПРИЛЕП
ТЕАТАР „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

КАМЕНОТ

Режија: Кристина Димитрова
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Роза Трајчевска – Ристовска
Драматург: Лидија Митоска - Ѓорѓиевска
Музика: Томе Темелкоски

Играат
Наташа Ачански
Илија Волчески
Катерина Чакмакоска – Клинческа
Димитар Ѓорѓиевски
Јасмина Мицовска- Станкоска
Марија Димитрова



СВЕТУЛКИ

Автор: Тена Штивичиќ
Режија: Драгана Милошевски-Попова
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Роза Трајческа-Ристовска
Композитор: Ирена Поповиќ-Драговиќ
Драматурзи: Ивана Нелковска, Лидија Митоска-Ѓорѓиевска
Сценски движења и кореографија: Игор Киров
Превод: Владимир Јанковски

Играат:
Даниела Иваноска
Катерина Чакмакоска-Клинческа
Игор Трпчески
Марјан Чакмакоски
Марија Спиркоска-Илијеска
Зоран Иваноски
Ангела Наумоска
Јасмина Мицовска-Станкоска
Наташа Ачански
Александар Тодески
Димитар Ѓорѓиевски
Димитар Црцороски
Елена Иваноска

НУЦК „АНТОН ПАНОВ“ - СТРУМИЦА

ТЕТОВИРАНИ ДУШИ

Автор: Горан Стефановски
Режија: Љупчо Ѓоргиевски
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Андреј Ѓоргиевски
Композитор: Марјан Неќак
ЛИЦА:
Коста Ангов
Стојан Велков - Трн
Кире Ѓоргиев
Тинка Ристеска
Бранко Бенинов
Анкица Бенинова
Јасмина Вучкова
Јулија Милкова
Лука Митев

ГРОНХОЛМ МЕТОД

Режија: Васил Василев
Сценографија: Валентин Светозарев
Костими: Ванчо Василев
Композитор: Милен Апостолов
Плакат: Валентин Светозарев

Премиера: 20.1.2021

Улоги:
Горан Ников, Танкица Стојанова, Игор Тодоров, Ванчо Василев

НАРОДЕН ТЕАТАР ОХРИД

КРИК ЗА ЉУБОВ

Автор: Жозиен Баласко
Режија: Љупчо Ѓоргиевски
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Андреј Ѓоргиевски
Композитор: Марјан Неќак
Превод од бугарски: Љупчо Ѓоргиевски и Кристина Тодороска Петреска
Дизајн на плакат: Валентин Светозарев

Играат
Адријана Билаловиќ Тодороска
Никола Тодороски
Ивица Цонев
Горан Стојаноски



СОПРУЖНИЦИ

Автор: Вуди Ален
Режија: Драгана Таневска
Сценограф – Борис Далчев, Ванчо Василев
Костимограф - Ванчо Василев
Светло - Борис Велјаноски
Тон - Митко Серафимоски
Избор на музика – Драгана Таневска
Дизајн на плакат – Борис Далчев

Играат:
Ивица Цонев
Елизабета Стефановска
Никола Тодороски
Адријана Билаловиќ Тодороска
Филип Кипровски



СИРАНО

Автор: Душан Ковачевиќ
Режија: Ѓорѓи Ризески
Композитор: Алмир Бајрамоски
Аниматор: Африм Шакировски
Дизајн и Фотографија: Деана Андоновска
Изработка на сценско решение: Кирил Василев

ЛИЦА:
Горан Стојаноски
Никола Тодороски
Ивица Цонев
Филип Кипровски
Павел Маслов
Биљана Билаловиќ Вељаноска
Ѓоко Алоски

ДУХ

Автор: Дејан Дуковски
Режија: Сашо Миленковски
Сценографија и костимографија: Владимир Симоновски
Ко-автор на музика: Александар Гулевски
Диригент: Бурим Хидри
Кореограф: Татјана Узуноска Тренеска

Улоги:
Горан Стојаноски, Јовица Михајловски, Верица Недеска, Стрезо Стаматовски, Биљана Билаловиќ Вељаноска, адријана Билаловиќ Тодороска, Елизабета Стефановска, Павел Маслов, Филип Кипровски, Митко Серафимоски

издавач
Национална установа **Драмски театар - Скопје**
ул. „Шекспирова“ бр. 15, 1000, Скопје, Р. Македонија
телефон: +389 2 3063 388
e-mail: **info@dramskiteatar.com.mk**
web: **dramskiteatar.com.mk**

за издавачот
Катарина Коцевска Хаџи Василева, директор

главен и одговорен уредник
Ристе Стефановски

лектор
Тодорка Балова

графичко обликување
Горјан Донев

печат
Артпринт дооел Скопје

тираж
500 примероци

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

театарскигласник

НУ ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ
www.dramskiteatar.com.mk

Скопје,
ноември 2021 година

театарскигласник

НУ ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ
www.dramskiteatar.com.mk

Скопје
2021